Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

Институт за социјална работа и социјална политика

"Мајка Тереза"

# ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА ПОД СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

**Ментор:**

Проф. Д-р. Сунчица Димитријоска

**Студент:**

Марија Стевковска

**Скопје, септември 2017**

*Голема Благодарност за моите родители Лена и Љубе,*
*како и за мојата сестра Сања, за несебичната љубов,*
*поддршка и верба во мене.*

*Посветено на мојот син Андреј!*

# СОДРЖИНА

## I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

**Вовед** ..... 4

**1. Историски развој на социјалната заштита во Република Македонија** ..... 11

**2. Поим на деца во ризик** ..... 14

2.1. Ризични и заштитни фактори ..... 17

2.2. Причини за појава на ризик ..... 19

2.3. Категории на деца во ризик ..... 20

2.3.1. Деца без родителска грижа ..... 21

2.3.2. Деца без родители ..... 22

2.3.3. Деца од еднородителски семејства ..... 22

2.3.4. Деца од сиромашни семејства ..... 24

2.3.5. Деца со воспитни и образовни проблем ..... 26

2.3.6. Злоупотребени и занемарени деца ..... 27

2.3.7. Материјално необезбедени деца ..... 31

2.3.8. Деца со асоцијално однесување ..... 32

2.3.9. Деца на улица - улични деца ..... 34

2.3.10. Деца со интелектуална и физичка попреченост ..... 36

2.3.11. Аутистични деца ..... 39

**3. Правна рамка** ..... 42

3.1. Меѓународна рамка за заштита на децата во социјален ризик ..... 42

3.2. Национална рамка за заштита на децата во социјален ризик ..... 44

3.3. Стратегии ..... 77

**4. Вонинституционални форми** ........ 80

4.1. Вонинституционални форми на заштита на децата во социјален ризик ........ 86

4.1.1. Сместување во згрижувачко семејство ........ 88

4.1.2. Дневен центар ........ 104

4.1.3. Специјализирано згрижување и згрижувачко семејство (терапевтско згрижување или згрижување за третман) ........ 110

4.1.4. Мал групен дом ........ 111

4.1.5. Згрижување кај роднини ........ 112

4.1.6. Организирано живеење со поддршка ........ 113

4.1.7. Дневно и привремено згрижување ........ 118

4.2. Видови на установи за социјална заштита за вонинституционална заштита ........ 119

4.2.1. Центар за социјална работа ........ 119

4.2.2. Дневен центар за улични деца - деца на улица ........ 120

4.2.3. Дневен центар за лица кои употребуваат односно злоупотребуваат дроги и други прихотропни супстанции и прекурзори ........ 120

4.2.4. Дневен центар за лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол ........ 121

4.2.5. Центар за лица бездомници ........ 121

4.2.6. Центар за лица - жртви на семејно насилство ........ 121

4.2.7. Центар за лица - жртви на трговија со луѓе ........ 121

4.2.8. Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост ........ 121

4.2.9. Центар за давање помош во домашни услови ........ 122

4.2.10. Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други прихотропни супстанции и прекурзори (терапевтска заедница) ........ 123

4.2.11. Мал групен дом ........ 123

4.2.12. Советувалиште ........ 123

## II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

**1. Цели и задачи на истражувањето ..... 126**

1.1. Научна цел на истражувањето ..... 126

1.2. Практична цел на истражувањето ..... 126

**2. Формулација на општите хипотези ..... 126**

**3. Варијабли на истражувањето ..... 127**

**4. Метод на истражувањето ..... 127**

4.1. Специфични методски постапки ..... 127

4.2. Техники на собирање на податоци ..... 127

**5. Научна и општествена оправданост на истражувањето ..... 128**

**6. Резултати од истражувањето ..... 130**

**Заклучок** ..... 158

**Препораки** ..... 162

**Користена литература** ..... 164

# I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## Вовед

Исконската цел на нашето постоење, нашата сегашност, па така и нашата иднина се нераскинливо поврзани со децата. Тие го започнуваат животот на овој свет голи, единствени со прекрасната убавина, а со самото тоа и со совршеноста на сопствената голотија. Токму ова претставува еден своевидно оригинален и единствен начин да се зачекори во непознатото, во иднината, односно ни помалку ни повеќе, туку во животот. Само децата со нивната чиста душа, можат да ја разубават иднината.

Иднината на нашата земја судбински е поврзана со развојот, здравјето и животот на илјадници граѓани со возраст до осумнаесет години старост, кои што имаат статус на дете и кои што ја претставуваат младоста на нашата држава. Токму тие се нашата среќа и радост, нашата иднина, а со самото тоа и најубавиот дел од општеството.

Човекот отсекогаш создавал имот и богатство, создавал вредности. Имотот и богатството ги губел или не, но децата секогаш биле негови, тие отсекогаш биле огледало на неговата душа, биле огледало на неговото постоење и биле негово трајно богатство и негова иднина.

Здравото потомство е сечие богатство, па со самото тоа и на нашата држава. Во борбата, желбите и приоритетите да се проживее подобро, да се биде богат и славен и да се постигне повеќе во професионалниот живот, сите ние губиме дел од нас и себично забораваме на нашите најмили и најмлади, на нивните вистински потреби во животот и самиот развој. Токму со ова започнуваме да наликуваме на старо дрво на кое што се повеќе му се гледаат корените, отколку листовите на гранките.

Грешките во развојот на младите генерации оставаат огромни и трајни последици врз развојот на нашата иднина и иднината на нашата земја, па од тука се поставува прашањето: Дали направивме се што е потребно во системот на заштитата на правата на децата, во обезбедувањето на нивниот правилен развој или пак имаме направено само неколку чекори? Дали овие сега деца, а подоцна млади лица ќе останат со нас или ќе си заминат, дали ќе живеат со нас и дали ќе го делат со нас ова мало парче земја без притоа да размислуваат дека таму некаде е подобро за нив?

Заштитата на децата во нашата земја, поттикнува расправа за постојано откривање на проблемите со кои се соочуваат децата денес, одговара на широк дијапазон на прашања поврзани токму со заштитата на децата, придонесува во изборот на соодветни решенија и мерки за збогатување на правата на децата за целосно уредување на системот на заштита на децата и сето тоа заради поддржување на интересите на децата во остварувањето на нивните најдобри интереси за развој.

Многу често, некоја конкретна криза е причина за сместување во згрижувачко семејство. Постојат докази според кои, пред сместувањето на детето во згрижувачко семејство, голем број семејства функционирале на маргинални нивоа, соочувајќи се со голем број на проблеми и стресови.

Во случаите на сериозно злоупотребување, занемарување и сексуална злоупотреба и повеќекратни инциденти на насилство, при што нема изгледи за подобрување на состојбата во биолошкото семејство, треба да му се даде приоритет на најдобриот интерес на детето.

Ваквото согледување на состојбите во градењето на заштитата на децата нема за цел да одговори на големиот дијапазон на прашања поврзани со заштитата на децата, туку да поттикне една расправа за детектирање на проблемите со кои што се соочуваат децата денес, како и да придонесе во изборот како на соодветни решенија така и во изборот на соодветни мерки за збогатување на правата на децата за поцелосно уредување на системот за заштита на децата, кои ќе ги почитуваат проблемите и ќе ги поддржуваат интересите на децата во остварувањето на нивните најдобри интереси за развој.

Во Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014) утврдено е правото на детето, тоа да биде издржувано од страна на своите родители, да биде згрижено, да биде заштитен неговиот живот и неговото здравје, да биде оспособено за самостоен живот и работа, со обезбедени оптимални услови за негово воспитување, школување, како и стручно оспособување.

Социјалните права на децата во законската регулатива на Република Македонија се утврдени со повеќе законски прописи, кои што се во надлежност на повеќе државни органи. Република Македонија е мала држава и остварувањето на надлежностите на власта мора да претставуваат систем на централизирани и децентрализирани решенија, кои ќе оставаат доволно простор за влијание врз развојот на дејностите од непосреден интерес за децата, а со тоа и на локалната самоуправа.

Државата како основен носител на заштитата на децата, согласно расположливите финансиски можности, за одредени групи на деца дава определена материјална помош на родителите за издржување, подигање, грижа и заштита на децата, но истовремено финансиски го поддржува и организирањето и функционирањето на јавните установи и службите за заштита на децата.

Заштитата на децата е уредена со посебен закон, како организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите и на државата за планирање на семејството, обезбедување на услови и животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата и обврските на државата во создавањето услови за водење хумана популациона политика, давање соодветна материјална помош на родителите според можностите на државата за издржување, подигање, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита (Закон за социјална заштита, Член 2 Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013).

Владата на Република Македонија превзеде важни чекори во насока на промовирање на реформата на системот на детска заштита. Уште од 2000-та година, УНИЦЕФ постојано ги поддржува овие напори и во тесна соработка со Министерството за труд и социјална политика ја промовираа деинституционализацијата на децата со посебни потреби, како и воопшто на децата под социјален ризик. Се до денес, отворени се голем број на дневни центри на целата територија на Република Македонија.

Земено во целина, квалитетот на вонинституционалната заштита и згрижување е на едно високо ниво во нашата држава. Токму на оваа тема, можеме со сигурност да кажеме дека нема направено голем број на истражувања, но сепак од голема важност се некои од истражувањата направени во Република Македонија. Истражувањето насловено како ,,Извештај од евалуација-згрижување во згрижувачко семејство,, е спроведена со поддршка од УНИЦЕФ во 2007 година. Од тука можеме да согледаме дека во ова истражување општата цел е евалуација на згрижувањето на децата во социјален ризик во згрижувачки семејства, односно проценка на соодветноста на грижата и заштитата на децата кои не се згрижени од страна на своите биолошки родители во рамките на постоечкиот систем на социјална заштита, како и проценка на ефективноста на самиот систем на социјална заштита за да ги идентификува, регрутира, поддржи, набљудува и да врши надзор над згрижувачките семејства на национално и локално ниво и тоа пред се со ставање на главен акцент на најдобриот интерес на детето.

Од тука и идејата да истражувам за вонинституционалната заштита на децата во социјален ризик, која потекна и поттикна, а воедно и да ја анализирам потребата за утврдувањето на можните слабости како и можните недостатоци на правната рамка во Република Македонија, но истовремено и да се обидам да направам една компарација и споредба помеѓу правниот систем во Републка Македонија во минатото и денес.

Со ова истражување се добија сознанија за тоа каква е правната рамка која го опфаќа делот од социјалната заштита, Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014), Законот за заштитана децата (Службен весник на РМ, бр. 23од 14.02.2013) се однесува на вонинституционалната заштита на децата кои што се наоѓаат во социјален ризик, кои механизми се употребуваат, кои тела учествуваат во креирањето на правните документи, стратегиите за развој, конвенциите, а со самото тоа и на законите. Како цел и задача на ова истражување се јавува и потребата од утврдувањето на позитивните и негативните страни на нашиот правен систем во однос на сеопфатноста на заштитата на децата во социјален ризик.

Земајќи ја во предвид комплексноста, а истовремено и чувствителноста на самиот проблем сметам дека од огромна важност ќе биде ова истражување. Недоволната

информираност како за други па така и за овој проблем претставува огромна негативност.

Во ова истражување ќе се обидам да ги обработам вонинституционалните форми на социјалната заштита, односно да помогнам во промоцијата на самите форми на вонинституционалната заштита, а воедно и нивно помасовно искористување како одлична опција и можност за децата кои се наоѓаат во состојба на социјален ризик.

Трудот се состои од два дела и тоа теоретски дел и истражувачки дел. Теоретскиот дел ги вклучува и обработува следниве делови:

1. Историскиот развој на социјалната заштита во Република Македонија;
2. Поим на деца во ризик;
3. Правната рамка каде се обработува делот на меѓународната рамка за заштита на децата во социјален ризик како и националната рамка за заштита на децата во ризик и
4. Вонинституционалните форми на заштита на децата во социјален ризик.

Историскиот развој на социјалната заштита во Република Македонија го обработува периодот по Втората светска војна па до денес. Република Македонија од своето осамостојување во 1991 година, па се до денес во доменот на социјалната заштита има превземено голем број на активности за создавање на еден современ, стабилен и функционален систем на социјална заштита кој навремено одговарал со текот на годините на потребите на децата.

Во делот на деца во ризик се обработени најнапред дефинициите за дете во ризик, како и ризичните и заштитни фактори. Потоа следуваат причините за појава на ризик и категориите на деца во ризик каде спаѓаат: деца без родителска грижа, деца без родители, деца од еднородителски семејства, деца од сиромашни семејства, деца со образовни проблеми, деца со воспитни проблеми, злоупотребени и занемарени деца, материјално необезбедени деца, деца со асоцијално однесување, деца на улица - улични деца, деца со лесни и умерена интелектуална попреченост, деца со тешка и најтешка интелектуална попреченост, деца со трајна физичка попреченост, деца со комбинирани пречки во развојот, хронично болните и аутистични деца.

Во продолжение на теоретскиот дел опфатена е правната рамка. Правната рамка обработена во оваа тема се состои од меѓународна рамка за заштита на децата во социјален ризик и национална рамка за заштита на децата во социјален ризик.

Меѓународната рамка за заштита на децата во социјален ризик ги опфаќа:

- Универзална Декларација за човекови права;
- Конвенција за правата на детето;
- ОН Конвенција за борба против тортура и нехуман понижувачки третман;
- ОН Конвенција за правата на лицата со инвалидност;
- Европска социјална повелба;
- Коминике на Европската Комисија од 12-ти Март 1997 година за модернизација и подобрување на социјалната заштита;
- Коминике на Европската комисија од 30-ти Октомври 2003 година за еднакви можности за лицата со попреченост;
- Стандарди за квалитет на деца;
- Декларација на ОН за социјални и законски прописи кои се однесуваат на заштитата и благосостојбата на децата, со посебно внимание на згрижување и национално и меѓународно посвојување од 1986;
- Насоки за згрижување, меѓународна организација за згрижување од 1995;
- Нацрт насока на ОН за заштита и алтернативна грижа на деца без родителска грижа поднесена од Комисијата за детски права од страна на меѓународните социјални служби и УНИЦЕФ во соработка со работната група на НВО за деца без родителска грижа. Декларација за човековите права на ОН од 1948 година.
- Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи од 1950 година.
- Конвенција на ОН против тортура и друг вид сурово, нечовечно или деградирачко постапување од 1984 година заедно со нејзиниот факултативен протокол од 2002 година.
- Европска конвенција за спречување тортура и нечовечно или деградирачко постапување или казнување 1987 година.
- Упатство на Комитетот на министри при Советот на Европа во однос на правда по мерка на децата 2010 година.

Во продолжение на меѓународната рамка за заштита на децата во социјален ризик следува и делот на националната рамка за заштита на децата во социјален ризик во Република Македонија каде што се опфатени и се обработуваат:

- Уставот на Република Македонија;
- Законот за социјална заштита;
- Законот за семејство;
- Законот за заштита на децата;
- Законот за основно образование;
- Законот за средно образование;
- Законот за правда за децата;
- Законот за локална самоуправа;
- Законот за здруженија и граѓански фондации;

Правилник за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои може да се сместат во едно згрижувачко семејство, видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице, висината на надоместокот на трошоците за сместување и на надоместокот за згрижување;

Правилник за нормативни и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита - Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост.

Во четвртата глава од теоретскиот дел се опфатени и се обработуваат вонинституционалните форми на заштитата на децата во социјален ризик. Како такви се следниве:

- Сместување во згрижувачко семејство;
- Дневен центар;
- Специјализирано згрижување (терапевтско згрижување или згрижување за третман);
- Мал групен дом;
- Згрижување кај роднини;
- Организирано живеење со поддршка;
- Дневно и привремено згрижување.

Во продолжение следуваат видовите на установи за социјална заштита за вонинституционална заштита каде спаѓаат:

- Центар за социјална работа;
- Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица;
- Дневен центар за улични деца - деца на улица;
- Дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции и прекурзори;
- Дневен центар за лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол;
- Центар за лица бездомници;
- Центар за лица - жртви на семејно насилство;
- Центар за лица - жртви на трговија со луѓе;
- Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост;
- Центар за давање помош во домашни услови;
- Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори (терапевтска заедница);
- Мал групен дом;
- Советувалиште.

На почетокот на истражувачкиот дел најнапред се дефинирани целите и задачите на истражувањето, научната цел, како и практичната цел. Потоа следуваат формулацијата

на општите хипотези, варијаблите, методот на истражувањето, специфичните методски постапки, техниките на собирање на податоци како и научната и општествена оправданост на истражувањето.

Истражувачкиот дел се состои од анализа на податоци добиени од Државниот завод за статистика за пријавени малолетни деца во периодот од 2006 до 2015 година. Се анализираат пријавените малолетните лица според групите на сторени кривични дела, според видот на одлуката и полот, според траењето на постапката, полот и припадноста кон етничката заедница како и според местото на извршување на делото. Исто така се анализираат и обвинетите деца според групите на кривични дела, обвинетите деца според групите на кривични дела и видот на одлуката, обвинети деца според групите на кривични дела, видот на одлуката и притворот, осудени деца според кривичното дело, полот, обидот и изречените кривични санкции, осудени деца според групите на кривични дела и припадноста кон етничките заедници, осудени деца според семејните услови и групите на кривични дела, осудени деца според групите на кривични дела и школската подготвеност, осудени деца според занимањето на таткото-мајката, како и осудени деца според статус на родителите при раѓањето, семејната состојба и кривично дело.

# 1. Историски развој на социјалната заштита во Република Македонија

Република Македонија по Втората светска војна нема систем за заштита на децата и нејзините први чекори во изградувањето на овој систем претставува згрижувањето на децата без родители во домови за воени сирачиња, за потоа да биде воведено правото на додаток на деца. Со мерките за индустријализација на земјата и трансформацијата од земјоделско во неземјоделско население, се развива урбаниот градски живот, вработеноста воопшто, а особено на жената, чие отсуство од семејството се надоместува со развој на организации за деца и форми на заштита на децата.

Во социјалната заштита изградени се објекти за згрижување на деца без родители и родителска грижа, за деца со оштетен слух, за деца со оштетен вид, за деца со потреба за корекција на говорот, прифатилиште за деца, за деца со лесна ментална попреченост, за деца со нарушено поведение, за деца со умерени, тешки и најтешки пречки во психичкиот развој, за комбинирани пречки во развојот, за деца со тешки пречки во физичкиот развој, како и други објекти за потребите на корисниците во оваа област.

Република Македонија од осамостојувањето во 1991 година до денес презема активности за создавање на современ, стабилен и функционален систем на социјална заштита кој ќе одговори на новите потреби на децата. Системот на социјална заштита наследен од поранешна Југославија се прилагоди на новиот општествен контекст и новосоздадените социјални проблеми кои ги наметна периодот на транзицијата. Ваквата состојба ја наметна потребата за спроведување на низа реформски процеси во областа на социјалната заштита, како и усвојување на нови принципи и методи на работа.

На 20 ноември 1991 година, Република Македонија донесе Устав со кој се прогласи за самостојна, суверена, демократска и социјална држава, со што ги постави основите на новиот општествено, политички, економски и социјален живот во државата. Со Уставот на Република Македонија се воспоставуваат и основите кои што го уредуваат односот на државата кон младата популација, особено онаа која има статус на дете.

Државата својот интерес за заштитата и развојот на младото население го утврди со посебни одредби, воспоставувајќи ги со тоа основите на новиот систем за заштита на децата, а особено со:

- Човекот слободно одлучува за создавање деца, а заради усогласен економски и социјален развој ќе се води хумана популациона политика;
- Посебно се заштитува мајчинството, децата и малолетните лица, а посебна заштита им се обезбедува на децата без родители и децата без родителска грижа;
- Лице помладо од 15 години неможе да биде вработено, а малолетните лица и мајките имаат право на посебна заштита при работа, односно малолетните лица несмеат да бидат вработувани на работни места што се штетни за нивното здравје и моралот;

- Секој има право на образование, а образованието му е достапно секому под еднакви услови, додека основното образование е задолжително и бесплатно;
- На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.

Усогласување на основите врз кои се засновува системот за заштита на децата е условен и со ратификувањето на повеќе меѓународни документи кои се однесуваат на заштитата на правата и слободите на човекот донесени од ООН и ЕУ.

Системот на социјална заштита во Република Македонија од осамостојувањето па се до денес помина низ три развојни фази.

Првата фаза која го опфати периодот од 1992 до 1996 година претставува фаза на основање на нов систем на социјална заштита во согласност со новиот уставен поредок на Република Македонија. Во овој период фокусот се става на прилагодување на законската регулатива. Во 1992 година е усвоен Законот за семејство со кој се кодифицира семејното законодавство. Во 1996 година се утврди националната граница на сиромаштијата. Во овој период започнала соработката со УНИЦЕФ и УНХЦР.

Втората фаза на институционален развој на системот, го опфаќа периодот од 1997 до 2002 година. Во овој период се донесе нов Закон за социјална заштита во 1997 година, со кој се воспостави нов систем на мерки и услуги за социјална заштита, и тоа: социјална превенција, институционална заштита, вонинституционална заштита и права на парична помош. Покрај Законот за социјална заштита од 1997, мерките за социјална заштита се проширија на децата преку донесување на Законот за заштита на децата во 2000 година. Во оваа фаза започна со реализација процесот на деинституционализација во областа на социјалната заштита преку развивање на формата на дневно згрижување на децата со инвалидност.

Третата фаза која е наречена фаза на реформи, започна во 2004 година. Фокусот се става на промените во политиката на планирање и управување, усвојување на современи принципи во социјалната заштита, како и поширока реориентација на националните режими за социјалана сигурност кон обезбедување вработување, задоволување на потребите и инклузија.

Најзначајните реформи беа воведени со измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита во 2004 година (Службен весник на РМ, бр. 65/04 од 15.09.2004), со што се означи почетокот на децентрализацијата во социјалната заштита. Мерките беа во насока на подобрување на услугите за социјална заштита на граѓаните, преку развивање на нови форми на центри за дневно и привремено згрижување на социјално исклучени лица, подобрување на згрижувањето на децата во згрижувачки семејства, јакнење на потенцијалот на биолошките семејства за грижа за своите членови со инвалидност.

Сите овие измени беа во согласност со воведувањето на принципите на децентрализација, деинституционализација и плурализација во семејната заштита.

Во текот на 2005 година, реформскиот процес продолжува со дополнување на одредбите на Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 62/2005), со кои се воведе обврска за секој граѓанин да се грижи за задоволување на своите егзистенцијални потреби и за потребите на лицата кои е должен да ги издржува. За лицата кои до 18 годишна возраст имале статус на дете без родители и без родителска грижа, државата се определи за нивна понатамошна заштита и помош, по нивното полнолетство, а најмногу до нивната 26 годишна возраст. Токму за оваа категорија корисници, предвидено е остварување на право на паричен надоместок, здравствена заштита и право на домување.

Со измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита во 2008 година се воведе ново право на паричен надоместок за мајка која родила трето и четврто дете, во согласност со демографско-популационата политика во Република Македонија. Ова право почнува да важи од 01.01.2009 година.

## 2. Поим на деца во ризик

*Според Конвенцијата за правата на детето:* Дете е човечко суштество кое нема навршено 18 години на живот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетството не се добива порано (Член 1 од Конвенцијата за правата на детето на ООН Convention of the Rights of Children).

**Дете е:** секое лице под 18 години.

Меѓународните стандарди посочуваат дека дете е било кое лице на возраст помала од 18 години.

"Детето е човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години на живот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето, полнолетството не се добива порано"(Конвенција на ОН за правата на детето, 1989; Насоки на Советот на Европа за правда по мерка на децата, 2010).

**Дефиниција за дете:** Според Законот за заштита на децата, како дете се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и лица со пречки во телесниот и менталниот развој до наполнети 26 години живот (Закон за заштита на децата Член 11 Службен весник на РМ, бр.23 од 14.02.2013).

**Малолетник е:** секое лице на возраст до 18 години кое според Конвенцијата за правата на детето се смета за дете.

Малолетници се лица кои сеуште немаат постигнато полн развој или зрелост и се на возраст до 18 години, но понекогаш и до 21 година.

**Помладо возрасно лице:** ова е термин кој се однесува на лица кои што постигнале полнолетство во согласност со законот (вообичаено на 18 или 21 година), меѓутоа сеуште немаат достигнато зрелост во друга смисла. Некои истражувања укажуваат на фактот дека својот полн ментален (како и емоционален) капацитет и зрелост, луѓето најчесто не го достигнуваат се до својата 25 годишна возраст.

Во општи црти, националното законодавство почетокот на детството го дефинира со раѓање, а неговиот крај на возраст од 18 години, кога се стекнува полнолетството, полна деловна способност и способност за остварување на избирачкото право.

Според се претходно, дете во ризик е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило осумнаесет години, со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/родителот или старателот, односно старателите, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или

алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со законот како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или како дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.

Но, и покрај тоа што ова е во согласност со Конвенцијата, од наведените законски одредби, каде што се регулираат правата и можностите поврзани со одредена возраст, се гледа дека не постои терминолошка усогласеност и се среќаваат термините: дете, малолетник, малолетно лице, лице што не е полнолетно, лице на возраст до 18 години.

И покрај тоа што домашното законодавство го дефинира почетокот на детството со раѓањето, во некои правни случаи признава одредени права и за зачнатото дете и овозможува стекнување на права и пред раѓањето, под услов детето да се роди живо.

Прашањето на возраста во контекст на полнолетството и одговорноста е клучно во секој дел од законодавството што се однесува на децата и е еден од клучните тест-фактори за квалитетот на заштитата на детските права во таквото законодавство. Па така, од голема важност се две возрасни нивоа: долната возрасна граница, под која се исклучува секаков вид на одговорност, и горното ниво, кое ја сочинува границата на полнолетството и целосната одговорност.

Дефинирањето на возраста за добивањето на одредени права или за губењето на одредени заштити е сложено.

Поимот ризик ги означува сите влијанија кои ја зголемуваат можноста за почеток на влошување или развој на проблематичните околности, додека под заштитни фактори се подразбираат позитивните сили кои придонесуваат за приспособување во присутноста на ризикот (Димитријоска С.,2009).

Самото дефинирање на поимот "деца во ризик" варира во зависност од авторитетите од различни подрачја на психологијата, социологијата, медицината, социјалната заштита и другите подрачја (McWhirter, 1993).

Во последниве неколку години, терминот "во ризик", можеме да забележиме дека станува еден основен термин со кој на еден адекватен начин се опишуваат децата и младите кои се наоѓаат на пат кон многубројни проблеми кои се закануваат на нивниот позитивен развој и позитивна адаптација во општеството во кое живеат. Со малку подруги зборови кажано, самиот термин "во ризик" се користи за опишување на деца и млади кои доживуваат голем број на тешкотии, почнувајќи од изложеност на перинатален стрес, малтретирање, сиромаштија, училишен неуспех, смрт на родители, малолетничка бременост, неможност да се научат вештини потребни за успешен живот, емоционални проблеми и слично, кои понатаму ќе ги водат кон ризични однесувања и воопшто кон ризици.

Според Рихтерс (Richters, 1992), децата во социјален ризик се поделени на: деца без родителска грижа, запоставени деца, деца со воспитно-социјални проблеми, деца кои употребуваат дрога и алкохол, деца од семејства со брачни конфликти.

Грмери (Grmery, 1985) ги разликува следниве деца во социјален ризик: деца без родители, деца со посебни потреби, деца кои потекнуваат од дисхармонични семејства и деца кои употребуваат droги и алкохол и деца од семејства со низок животен стандард.

Сите деца меѓусебе се разликуваат по безброј нешта. Но, како и да е сметаме дека можеби најзначајната разлика во нивниот развој е нивната изложеност на ризици врз кои што тие неможат да влијаат. Самиот свет во кои тие се раѓаат, растат, созреваат, се развиваат, за едни од нив значи грижа, прифаќање и сигурност, а за еден добар дел од нив значи несигурност, страдање, неприфаќање и неизвесност.

Децата во ризик можат да бидат во ситуации во кои:

- Тие се на улица и/или имаат нестабилна средина на живеење;
- Се здружуваат со постари, криминални врсници или имаат членови на семејството во кривично-правниот систем;
- Се вклучени во комерцијална-секс индустрија или во проституција, или трговија со луѓе;
- Доживеале кофликт, војна или пак некаков вид на насилство.

За овие деца карактеристично е дека тие најверојатно доаѓаат од средина која е проблематична и имаат доживеано една или повеќе форми на злоупотреба. Ваквата злоупотреба за која што говориме, може да вклучува: физичка злоупотреба, запоставување, сексуална злоупотреба и психичко-емотивна злоупотреба. Тука можеме да го надоврземе и доказот кој сугерира дека семејното насилство во домот е фактор на ризик за младите кои вршат кривични дела.

Од тука, според нашиот правен систем и животната реалност, постојат повеќе неповолни животни ситуации во кои децата се наоѓаат под социјален ризик и со самото тоа стекнуваат статус на деца кои што живеат во посебно тешки околности. Тие се поделени во неколку групи:

- **Деца без родители и родителска грижа**
- **Деца жртви на насилство**
- **Децата од семејства со брачни и семејни конфликти**
- **Децата што употребуваат дроги**
- **Деца од сиромашни семејства**
- **Деца со посебни потреби**

**Дефиниција на ОН:** Дете кое има потреба од грижа и заштита:Дете кое што било, е или е изложено на ризик да биде злоупотребено, запоставено, напуштено или експлоатирано и кое што нема личност од родителски авторитет која е спремна и способна да обезбеди заштита од злоупотреба, запоставеност, напуштеност или експлоатација (Инструменти на УНИЦЕФ за мапирање и проценка на системот за детска заштита).

## 2.1. Ризични и заштитни фактори

Ризичните и заштитните фактори, според конципирањето на Фласер, можеме да ги дефинираме на три различни нивоа и тоа:

1. Широк социјален контекст;
2. Ниво на локална заедница и примарни групи (семејство, училиште, соседство);
3. Индивидуалното ниво кое опфаќа био-психо-социјални обележја на индивидуата.

**Табела 1.** Ризични и заштитни фактори за децата

| СИСТЕМСКИ ПРИСТАП | РИЗИЧНИ ФАКТОРИ | ЗАШТИТНИ ФАКТОРИ |
|---|---|---|
| *ОПШТЕСТВО* | • редуцирани можности за вработување и школување;<br>• различни облици на дискриминација и социјална неправда;<br>• сиромаштија и низок социјално-економски статус;<br>• специфичности на општеството во транзиција. | • можност за избор на школување и економско осамостојување;<br>• толеранција на различни делотворни механизми на правна заштита;<br>• економска стабилност;<br>• промовирање и зачувување на демократските вредности. |
| *СЕМЕЈСТВО, УЧИЛИШТЕ, СОСЕДСТВО* | • отфрлувачко или злосторничко однесување на родителите или старателите;<br>• родителски конфликт;<br>• немање или непримерни родителски вештини;<br>• отсутност на поддршка и соработка од страна на локалната заедница. | • позитивен однос на детето барем со еден родител;<br>• заштита и поддршка од страна на возрасните;<br>• делотворно родителство;<br>• поддршка на родителите, на децата и на семејствата во поглед на специфичните потреби. |
| *ИНДИВИДУАЛНИ БИО-ПСИХО-СОЦИЈАЛНИ ЗНАЧЕЊА* | • пол-дискриминација во поглед на родителски пристап, одгледување, школување, вработување;<br>• тешко одгледано дете;<br>• низок степен на самопочитување и самореализација;<br>• некомпетентност во превземањето на нормални улоги;<br>• намалени интелектуални или телесни способности поради инвалидитет или хронични болести;<br>• навики штетни за здравјето. | • изедначени поволни можности на социјализациски процес без оглед на половата припадност;<br>• осетливост на специфичен пристап со оглед на полот;<br>• лошо одгледано дете;<br>• самопочитување и самореализација;<br>• компетентност за нормални улоги;<br>• интелектуалните способности;<br>• телесно и душевно здравје;<br>• здрави навики за превенција и зачувување на здравјето. |

(Приспособено според: Фрасер, 1997).

Во една друга класификација и дефинирање на факторите за ризик, како фактори на ризик се истакнуваат:

- семејните фактори;
- училишните фактори;
- факторите во заедницата;
- индивидуални/врснички фактори.

| **СЕМЕЈНИ ФАКТОРИ** |
|---|
| Низок семеен социо-економски статус |
| Родители, браќа, сестри или други членови на семејството со престапничко и асоцијално однесување |
| Недоследно и грубо родителство |
| Нарушени односи родители-дете |
| Рана виктимизација (физичка, емоционална, сексуална и друг вид на злоупотреба) |
| Насилство во домот |

| **УЧИЛИШНИ ФАКТОРИ** |
|---|
| Слаба заинтересираност за на училиште |
| Низок успех на училиште |
| Организациска слабост на училиште |
| Агресивно однесување и насилство |

| **ФАКТОРИ ВО ЗАЕДНИЦАТА** |
|---|
| Недостаток на врска со локалната заедница |
| Лесна достапност на дроги |
| Сиромашна област |
| Постојана промена на населението |
| Банди во областа |

| **ИНДИВИДУАЛНИ/ВРСНИЧКИ ФАКТОРИ** |
|---|
| Дружење со деликвентни врсници |
| Злоупотреба на супстанци |
| Агресивност и импулсивност |
| Одобрувачки став кон престапништвото |

Аналогно на факторите на ризик, можеме да ги додадеме и заштитните фактори кои што се јавуваат, а тоа се:

| **СЕМЕЈНИ ФАКТОРИ** |
| --- |
| Висок социо-економски статус |
| Родители кои обезбедуваат про-социјални модели за пример |
| Доследна родителска поддршка и надзор |
| Цврсти врски со родителите |
| Безбеден дом |
| Јасни морални насоки од родителите во врска со асоцијалното и криминалното однесување |

| **УЧИЛИШНИ ФАКТОРИ** |
| --- |
| Цврсти врски со наставниците |
| Висок образовен успех |
| Училиште што добро функционира |
| Добри односи со соучениците |

| **ФАКТОРИ ВО ЗАЕДНИЦАТА** |
| --- |
| Висока вклученост во заедницата |
| Соседство без дрога |
| Област со висок социо-економски статус |
| Стабилна популација |
| Непостоење на банди во областа |

| **ИНДИВИДУАЛНИ-ВРСНИЧКИ ФАКТОРИ** |
| --- |
| Про-социјални врсници |
| Вештини за социјализација |
| Самоконтрола |
| Став против престапувањето |

## 2.2. Причини за појава на ризик

Под социјален ризик во смисла на Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013), се подразбира:

- Ризици по здравјето: болест, повреда, инвалидност;
- Ризици на еднородителско семејство;

- Ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и слично;
- Ризици од сиромаштија;
- Ризици од друг вид на социјална исклученост.

Сите деца имаат право да бидат заштитени. Иако семејството е претпочитаното место за децата, понекогаш односите помеѓу детето и неговото семејство може и да се нарушат. Кога тоа е случај, потребно е во заедницата да бидат достапни служби кои што нудат соодветно советување и други активности за децата и нивните семејства. Особено е важно ваквите услуги да им бидат достапни на сите деца без дискриминација, вклучувајќи ги и децата на мигрантските и бегалските семејства.

Меѓународните стандарди нагласуваат дека владите потребно е да превземаат мерки за промовирање на семејната кохезија и хармонија, како и за одбегнување на раздвоеност на децата од нивните родители, освен ако поради околностите што ја засегаат благосостојбата и иднината на детето нема некоја друга соодветна опција. Препорака е владините агенции да превземаат посебна одговорност и да обезбедат неопходни услуги за бездомните или уличните деца, но исто така, треба да се основаат посебни установи заради адекватно обезбедување на засолништа за младите лица кои повеќе неможат да живеат дома или кои немаат дом во кој што ќе живеат.

## 2.3. Категории на деца во ризик

Земајќи ја во предвид комплексноста, а истовремено и чувствителноста на самиот проблем на децата во социјален ризик, недоволната информираност како за други па така и за овој проблем, со сигурност можеме да кажеме дека сето ова претставува огромна негативност. Потребно е најпрвин да се запознаеме со категориите на деца кои што се наоѓаат во социјален ризик, односно категориите на деца во ризик.

**Како категории на деца кои што се наоѓаат во социјален ризик се следниве:**

- Деца без родителска грижа;
- Деца без родители (чии родители се починати, непознати или исчезнати);
- Деца од еднородителски семејства;
- Деца од сиромашни семејства;
- Деца со образовни проблеми;
- Деца со воспитни проблеми;
- Злоупотребени деца;
- Занемарени деца;
- Материјално необезбедени деца;
- Деца со асоцијално однесување;
- Деца на улица-улични деца;
- Деца со лесна и умерена интелектуална попреченост;

- Деца со тешка и најтешка интелектуална попреченост;
- Деца со трајна физичка попреченост;
- Деца со комбинирани пречки во развојот;
- Хронично болните деца;
- Аутистични деца и сл.

### 2.3.1. Деца без родителска грижа

За дете без родителска грижа се смета детето што нема живи родители, чии родители се непознати или исчезнати, дете што има родители, но одбиваат да се грижат за него, дете на чии родители им е одземено родителското право и работната способност, дете чии родители се тешко болни и се наоѓаат на долготрајно лекување. Ваквата категорија на деца се нарекуваат деца без родителска грижа. Според Уставот на Република Македонија, родителите имаат право и должност да се грижат за своите деца. Тие имаат право и должност да се грижат за издржувањето и воспитувањето на децата. Родителите кон своите деца имаат еднакви права и должности. Родителите имаат право и должност да ги издржуваат своите малолетни деца, да се грижат за нивниот живот и за нивното здравје, да ги подготвуваат за самостоен живот и работа, да се грижат за нивното воспитание, школување и стручно оспособување. Детето има право да биде издржувано од своите родители, да биде згрижено, да биде заштитен неговиот живот и здравје, да биде оспособен за самостоен живот и работа, да му се обезбедат оптимални услови за негово воспитување, школување и стручно оспособување, зависно од условите на семејството (Закон за семејство, Член 46, ст.1 и 2. Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014).

На родителите може да им биде одземено или ограничено вршењето на родителското право под услови предвидени со Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014). Ако тоа го бараат интересите на детето, родителите можат да го доверат детето на чување и воспитување на трето лице или да го сместат во соодветна установа.

Според Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014), Центарот за социјална работа врши надзор врз вршењето на родителското право.

Дете без родителска грижа е дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште подолго од една година и дете чии родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности.

Во Република Македонија не постои база на податоци за деца во ситуација на ризик од губење на родителската грижа. Ни централните, ни локалните власти не располагаат со податоци за бројот и за структурата на децата во ризик од губење на родителската грижа, со што се отежнува анализата на состојбата поврзана со децата во ризик на територија на град Скопје. Не постојат ни јасни критериуми за дефинирање на децата во ризик од губење на родителска грижа. Најчесто како деца за кои се смета дека се во

ризик од губење на грижата од нивните семејства, се оние чии основни материјални, емоционални, здравствени и образовни потреби се занемаруваат или пак се злоупотребуваат, бидејќи нивните родители немаат капацитет за обврзување кон адекватна грижа за нивните деца.

### 2.3.2. Деца без родители

Деца без родители се оние деца чии што родители се починати, непознати или се исчезнати.

Државата им обезбедува посебна заштита на децата без родители и без родителска грижа.

Центарот за социјална работа ги следи децата без родители и родителска грижа и дава предлог за упис во регистарот на можни посвоеници.

### 2.3.3. Деца од еднородителски семејства

Децата од еднородителски семејства исто така претставуваат категорија на деца кои имаат социјален ризик во поголема или помала мера.

Семејството претставува една од фундаменталните, па со самото тоа, и една од нејзначајните институции на општеството. Детето се раѓа, живее но и воспоставува најразлични односи токму во рамките на семејството, па станува јасно дека ја задржува и најважната улога во формирањето на личноста.

Во семејството секое дете ја прима емоционалната топлина, ги прифаќа соодветните норми и вредности. Со помош на своите родители секое дете го гледа и го запознава надворешниот свет. Како за него ќе изгледа тој свет, ќе зависи само од тоа како родителите или родителот го гледаат тој свет, како го доживуваат и колку учествуваат во него.

Атмосферата во семејството е многу битна и значајна за психичкиот развој на детето. Децата во семејствата во кои постои меѓусебна доверба, разбирање, љубов, како и пријателски односи помеѓу самите родители, но и меѓу родителот и детето, многу е веројатно дека таквите деца ќе пораснат во возрасни луѓе со позитивни особини, како што се чувството на независност, урамнотеженост, сигурност во себе и т.н., за разлика од децата од семејства во кои често се присутни конфликти и семејства каде што нема доволно разбирање, љубов и доволно грижа меѓу самите членови во семејството. Најважно е детето да биде сакано од родителите или од родителот, да може да разговара со него и да може да сподели со родителот се она што му се случува, со што му се овозможува на родителот да изреагира навреме на некое несоодветно однесување на детето. Самиот позитивен однос на родителот кон детето претставува еден многу важен услов за добра и правилна социјализација на детето.

Една од најважните функции на родителот е воспитувањето на детето. Тоа претставува една многу сериозна и одговорна функција. Родителот треба да изнајде модел како да му помогне на детето правилно да ја свати и правилно да ја извршува сопствената улога во самото семејство, без разлика дали станува збор за семејство со двајца родители или за еднородителско семејство. Без оглед на се, детето треба да научи да го сака своето семејство.

Исто така, родителите или родителот треба да му помогне на детето, исто така по пат на воспитување, да ги разбере нормите на општествениот живот и секако да се придржува кон истите.

Еден родител како воспитувач на своето дете е во многу потешка улога, отколку присуството и на двајцата родители. Детето во ваквото семејство е гневно, помалку способно за самоконтрола и себично.

Како емоции кои што се јавуваат кај дете кое што живее со еден родител се следниве:

- Чувство на презир кон родителот со кој што живее;
- Повлеченост во себе;
- Конфузност и раздвоеност помеѓу два дома (ако родителите се разведени);
- Презир;
- Омраза;
- Страв од очувот или маќеата.

Во ваквите семејства од огромна важност се односите кои што ќе се изградат со сестрите и браќата. Тие еден во друг гледаат спас, некој кој им останал верен и доследен, се поврзуваат емотивно, што е добар знак да не се поврзат со врсниците кои што имаат проблеми во однесувањето.

Кохезивноста на семејството, без оглед на тоа дали се работи за еднородителско или комплетно семејство е еден од најнеопходните услови за нормален семеен живот. Ваквото семејство е во состојба да ги исполни своите функции, да им обезбеди не само неопходна заштита, туку и пријатна семејна атмосфера која во голема мера ќе му биде од полза на детето во семејството.

Родителите и другите членови на семејството реагираат со децата на начини кои се под влијание на детската возраст, полот, карактеристиките и начините (Whiteand Woollett, 1992; Das Gupta, 1995; and see also chapter 11). Топлината и емоционалната сигурност кои што детето ги учи и добива од семејството се исто така од огромна важност. Од тука можеме да заклучиме дека психодинамичките теории упатуваат на емоционалниот интензитет од семејниот живот, го нагласуваат изразувањето на емоциите и раниот развој на доверливите врски, како и на посветеноста и преданоста. Теориите за преданоста имаат аргументи дека релацијата мајка-дете е клучната врска во развојот.

Родителот и неговите техники на одгледување на детето се истакнуваат како основа за контрола, но и дисциплина. Родителот кој што со умерена контрола им врши притисок на децата да бидат добри, да се однесуваат зрело и слично, се многу по обединети и погрижливи од другите, отколку децата чии што родители применуваат многу низок или висок степен на контрола.

Од друга страна пак, како друг аспект на родителското одгледување на децата е интензитетот со кој родителите ги изразуваат топлината, љубовта, но и заштитата на децата. Изразувањето на чувствата им помага на децата да научат во кои активности е веројатно да се сретнат со одобрување или неодобрување.

Родителите кои ги урамнотежуваат контролата и барањата за доброто однесување на нивните деца со топлина и вклучување на децата во донесувањето на одлуки се поефективни и нивните деца ги извршуваат обврските во согласност со своите можности, имаат пријатели врсници, независност и што е многу важно самоконтрола.

Постои директна причинска врска помеѓу родителскиот стил на воспитување на детето и однесувањето и развојот на самото дете. Одговорноста на родителите за однесувањето на децата е под нивно влијание и однесувањето на децата е пресликано од поширокиот семеен модел на однесувања и на релации. Веројатно е дека родителската агресивност и физичкото малтретирање можат да бидат директно поврзани со агресивноста на детето и тоа е така бидејќи родителскиот модел на агресивно однесување ги учи децата дека тепањето е ефективен и ефикасен начин за контролирање на другите. Гледајќи го однесувањето на децата како директна одговорност на родителското воспитување на децата, може да се размислува за тоа како родителите и децата си влијаат едни на други.

### 2.3.4. Деца од сиромашни семејства

И децата од сиромашните семејства со сигурност можеме да кажеме дека сепак спаѓаат во категориите на деца кои што се наоѓаат под социјален ризик. Сиромаштијата само по себе предизвикува голем број на конфликти во семејството на детето во кое што тоа живее, расте и се развива. Освен родителскиот конфликт кои претходно го воочивме, со сигурност тука можеме да ги придодадеме и дезорганизацијата, насилството кое што по аналогија на нештата може да се појави во семејствата со низок социјален стандард, малтретирањето, употребата на разни видови на droги, алкохол и други психотропни супстанции, менталните заболувања на родителите. Но, и самите деца можат да имаат, односно можат кај нив да се развијат ментални развојни проблеми како резултат од непријатни животни стресови и непријатни настани, како што е малтретирањето, како и немањето на родителска грижа за емоционалното здравје на детето. Неповолната финансиска ситуација, односно сиромаштијата во семејството може да биде фактор за ризик на едно дете. Од тука, самиот семеен фактор можеме да го разложиме на: родителски криминал, малтертирање на децата во семејството, појавување на лоши односи во семејството, слаби семејни врски и семеен конфликт, што од своја страна

предизвикува и мало ангажирање на родителите околу своите малолетни деца, како и појавата на одвоеност на релацијата родител-дете. Од тука, постоењето на повеќе ризични фактори во комбинација создаваат мултидимензионален и комплексен сет на фактори кои што придонесуваат за појава на деликвентни однесувања кај децата.

Голем број на истражувања покажале дека во услови на економска криза во општеството доаѓа до несигурност помеѓу граѓаните, како економска криза во семејството, а со самото тоа и сиромаштија и невработеност. Како непосредни последици кои се појавувале од сиромаштијата биле необразованоста како кај родителите, така и кај децата, потоа невработеност, недоволно финансиски средства, немање соодветни услови за живот и слично.

Сето ова негативно се одразувало врз целокупниот статус на семејството во општеството. Во минатото, поимот сиромаштија имал едно поинакво значење од значењето кое што го има денеска, па така под поимот сиромаштија во минатото подразбиравме недоволни приходи за обезбедување на минималните потреби од храна, а денеска се смета дека сиромаштијата е состојба во која ги нема основните можности за достоинствен живот.

Сиромаштијата се манифестира на различни начини, како на пример:

- глад и неисхранетост;
- ограничено образование;
- слабо, односно нарушено здравје;
- неадекватни станбени услови за живот и слично.

Иако според многуте направени истражувања се покажало дека сиромаштијата во едно семејство не мора да значи појава на нарушено однесување кај децата, сепак со сигурност ќе потврдиме дека сиромаштијата е најчест фактор за различни социјални проблеми, како што се: образование, финансии, вработеност, односно невработеност, кои пак од своја страна водат кон нарушено однесување кај децата.

Во ситуации на отпуштање од работа и неисплаќање на плати се доаѓа до неизвесна иднина, апатија, депресија, разочарување кај некои членови на семејството и слично. Целата оваа состојба и атмосфера во семејството станува конфликтна и поволна за појава на нарушено однесување и доаѓа се повеќе до израз кај децата и младите во овие семејства.

Конфликтите помеѓу членовите на семејството можат да го зголемат ризикот кај детето од криминал и насилство.

Сиромаштијата заедно со економската загуба и структуралните недостатоци може да влијае врз семејните односи, бидејќи се намалува способноста на родителот да обезбеди конзистентно и посветено воспитување на детето.

### 2.3.5. Деца со воспитни и образовни проблеми

Родителските карактеристики, поточно личните квалитети на родителите можат да ја зголемат или да ја намалат родителската способност да им се излезе во пресрет на децата, односно во пресрет на потребите на децата. Ризичните фактори доведуваат до состојба која ги става децата и младите лица изложени на ризик од деликвентно однесување. Повеќе ризични фактори во комбинација создаваат мултидимензионален и комплексен сет на фактори кои придонесуваат за појава на деликвентното однесување. Од голема важност е способноста на семејството кое што треба да се справи со дете со воспитни и образовни проблеми. Но во вакви или слични ситуации може да се случи и конфликт помеѓу членовите на семејството, па од тука и да се зголеми ризикот кај детето од криминал и насилство.

Една од најважните функции на родителите е воспитувањето на децата. Од тука истата таа функција претставува и многу одговорна функција. Родителот треба да му помогне на детето, по пат на воспитување и образование, да ги разбере нормите на општествениот живот и да се придржува кон нив во односите кон другите луѓе.

Недоволната ангажираност на училиштето и другите воспитно-образовни институции, т.е. запоставената воспитна компонента, се важни фактори кои многу придонесуваат за зголемување на асоцијалното однесување на децата и младите. Неуспехот во училиштето претставува секако првиот чекор за натамошен неуспех и пат кон деликвенција, особено кога има поврзаност со бегства од училиште и настава, што само по себе претставува и претходна фаза на воспитна запуштеност.

За детето кое е со воспитен и образовен проблем од многу голема важност е и средината во која живее тоа дете. Несигурното соседство во однос на безбедноста (хронично насилство во заедницата, сиромаштија, економска депривација, нискиот квалитет на домување и сл.), исто така има многу голема улога. Па од тука можеме да кажеме дека ризично дете е секое дете кое повеќепати во текот на годината бега од училиште и дете кое е отфрлено од училиштето. Ризично дете е дете кое бега од дома навечер, потоа дете кое постојано лаже, дете кое употребува алкохол и дрога и слично. Употребата на дроги кај децата носи големи ризици како што се: психички, соматско-невролошки и социјални. Употребата на дрога ја оштетува можноста за успешно функционирање во секојдневните активности, создава тешкотии како во учењето, така и во помнењето. Психолошката и физиолошка зависност што се создава при употребата на дроги доведува до многу посериозни здравствени, социјални, но и финансиски проблеми.

Причините за појава на образовни проблеми поврзани со училиштето се резултат и на несоодветен и недоволно флексибилен образовен процес. Во таа смисла се јавуваат одередени дидактички проблеми на децата поврзани со обемот, тежината и содржината на наставниот материјал, недоволното владеење на македонскиот јазик кај одредени деца од не македонско етничко потекло, како и недостигот на дидактички материјал.

Во голема мера, за продлабочување на проблемот придонесуваат и дел од некои наставници кои што имаат ниски очекувања во однос на постигнувањата на некои деца

Роми, како и недостигот на културна сензитивност и стигматизација по основ на етничка и културна припадност.

Како еден значаен системски проблем кој што се наведува е и законската одредба со која што се предвидува сите ученици од прво до петто оделение по правило да неможат да го повторуваат одделението. Токму поради ова, се создава една ситуација во која учениците во повисоките одделенија немаат елементарни познавања за читање, пишување, сметање, кои што се апсолутно неоходни за следење на наставата.

Како проблем се наведува и многу честата појава на задоцнето вклучување во образовните процеси, при што децата кои што подоцна се запишуваат, физички и психички не одговараат на возраста на останатите деца во одделението.

### 2.3.6. Злоупотребени и занемарени деца

Физичкото и менталното насилство, злоупотребувањето и малтретирањето, ги прави децата жртви на семејно насилство.

Занемарувањето е недостаток на внимание или пропуштање од страна на старателот да обезбеди услови за развој на детето во сите сфери: здравје, образование, емотивен развој, исхрана, засолниште и обезбедени услови за живот, во контекст на средствата кои му се разумно достапни на семејството или згрижувачите, и предизвикува, или има висока веројатност да предизвика штета врз детското здравје или физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот или социјалниот развој. Ова подразбира неуспех од соодветно надгледување и заштита на децата од повреда, според можностите (Светска здравствена организиција, 1999).

Физичката злоупотреба на детето е онаа што резултира во конкретна или потенцијална физичка повреда од интеракција или немање интеракција, која што е во контрола на родителот или на лицето во позиција на одговорност, моќ или доверба. Може да има единечни или повторени инциденти (Светска здравствена организиција, 1999).

Работата на деца под 15 години, како појава е присутна подолго време, при што одредени облици во кои се манифестира работата на овие деца била предмет на делумни истражувања во рамките на проекти за деца, од чии заклучоци произлегува потребата да се превземат мерки за заштита на овие деца.

Според член 9 од Законот за заштита на децата се забрануваат сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата (детска порнографија, детска проституција), насилно подведување, продажба или трговија со децата, психичко или физичко насилство и малтретитање, казнување или друго нечовечко постапување, сите видови на експлоатација, комерцијално искористување и злоупотреба на децата со кои се кршат основните човекови слободи и права и правата на детето.

Сексуална злоупотреба на деца е вклучување на детето во сексуална активност којашто тоа воопшто не ја разбира, за која што неможе да даде информирана согласност или за која што детето не е развојно подготвено и на која не може да се согласи, или која што ги прекршува законите или социјалните табуа на општеството. Сексуалната злоупотреба на деца се докажува преку активност помеѓу дете и возрасен или друго дете кое според возраст или развој е во положба на одговорност, доверба или моќ, при што активноста е наменета кон угодување или задоволување на потребите на другото лице. Ова може да вклучи, но не е ограничено на: наведување или принудување на детето да се вклучи во каква било незаконска сексуална активност, експлоативна употреба на детето во проституција или други незаконски сексуални практики, експлоативна употреба на деца во порнографски изведби и материјали (Светска здравствена организиција, 1999).

Членот 19 од Конвенцијата за правата на детето вели: Државите членки ги превземаат сите соодветни законодавни административни социјални и образовни мерки поради заштита на детето од сите облици на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреби, занемарувања или немарен однос, малтертирања, или експлоатации, вклучувајќи ја и сексуалната злоупотреба, додека за него се грижат родителите, законските старатели или некое друго лице на кое му е доверена грижата за детето.

Според Кривичниот законик (Службен весник на РМ, бр. 142 од 13.11.2012) под детска порнографија се подразбира порнографски материјал кој визуелно прикажува очигледни полови дејствија со дете, или очигледни полови дејствија со лице кое изгледа како малолетник, или реални слики кои прикажуваат очигледни полови дејствија со малолетник.

Според членот 193 од Кривичниот законик, тој што на дете кое не наполнило 14 години ќе му продаде, прикаже или со јавно изложување на друг начин ќе му направи достапни слики, аудиовизуелни и други предмети со порнографска содржина или ќе му прикаже порнографска претстава, ќе се казни со затвор од шест месеци па се до три години.

Таквите заштитни мерки по потреба треба да ги опфатат ефикасните постапки за установање на социјалните програми за обезбедување и поддршка на детето и на оние на кои им е доверена грижата за детето како и другите облици за спречување, утврдување, пријавување, проследување истрага, постапување и следење на случаите на овде наведеното малтретирање на детето и по потреба обраќање до судот.

Во Република Македонија се забранува секаков вид на насилство меѓу членовите на семејството, без оглед на полот и возраста.

Под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, телесно повредување, полово повредување, загрозување на сигурноста, психолошко или физичко насилство со кое што се предизвикува чувство на несигурност, загрозување и страв (Закон за семејство член 94-б. Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014).

Во случаи кога детето се јавува како жртва на семејно насилство во својот дом, спроведувањето на мерки за заштита само во една област и еден вид установа треба да подразбира: најпрвин сместување на детето во соодветна установа, семејство или станбен простор, обезбедување на образование, односно можност за продолжување на образованието, обезбедување на здравствена заштита, каде спаѓаат соодветниот здравствен третман за рехабилитација, како и реинтеграција во општеството и ресоцијализација на самото дете.

Емотивната злоупотреба вклучува необезбедување развојно соодветна и средина на поддршка, вклучувајќи и достапност на личноста за примарно поврзување, за детето да може да развие стабилни и цела низа на емотивни и социјални способности пропорционални со неговиот личен потенцијал и во контекст на општеството во кое живее. Може да има и постапки кон детето што предизвикуваат или имаат висока веројатност да предизвикаат повреда на детското здравје или психичкиот, менталниот, духовниот, моралниот или социјалниот развој. Ваквите постапки мора да бидат разумно во контрола на родителот или на лицето во положба на одговорност, доверба или моќ. Постапките вклучуваат ограничување на движењето, шаблони на омаловажување, клеветење, "наметнивање на вина", заканување, заплашување, дискриминирање, исмевање на други нефизички форми на непријателско или отфрлачко однесување (Светска здравствена организиција, 1999).

**Злоупотребата на децата, младите и ранливите лица опфаќа:**

- **Злоставување** е недостаток на внимание или пропуштање од страна на старателот да обезбеди услови за развој на детето во сите сфери: здравје, образование, емотивен развој, исхрана, засолниште и безбедни услови за живот, во контекст на средствата кои му се разумно достапни на семејството или згрижувачите, и предизвикува, или има висока веројатност да предизвика штета врз детското здравје или физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот или социјалниот развој. Ова подразбира неуспех од соодветно надгледување и заштита на децата од повреда, според можностите (Светска здравствена организиција, 1999).
- **Физичка злоупотреба** е реалната или потенцијална физичка повреда како резултат на дејствување или недостаток од дејствување, кое вообичаено е под контрола на родителот или одговорното лице или лицето од доверба. Физичката злоупотреба може да подразбира удирање, плескање, тресење, фрлање, труење, горење или правење лузни, давење и гушење. Исто така може да подразбира и физичка повреда на детето со создавање на симптомите на, или намерно, влошување на здравјето на лицето. Инцидентите може да се случат еднаш или повеќепати.
  Физичката злоупотреба на детето е онаа што резултира во конкретна или потенцијална физичка повреда од интеракција или немање интеракција, која што е во контрола на родителот или на лицето во позиција на одговорност, моќ или доверба. Може да има единечни или повторени инциденти (Светска здравствена организиција, 1999).
- **Сексуална злоупотреба** подразбира активност помеѓу дете и возрасен или друго дете кое, според возраста или развојот, се наоѓа во одговорна врска, има доверба или

моќ, а активноста има за цел задоволување на потребите на другата личност. Сексуалната злоупотреба на децата вклучува присилување или заведување на дете да учествува во сексуални активности, без разлика дали детето е свесно за тоа што се случува или не. Активностите може да вклучуваат физички контакт и пенетрација или дејства без пенетрација. Ова исто така подразбира и гледање на порнографски материјал од страна на деца или учество во негово снимање, или поттикнување на децата на несоодветно сексуално однесување.

Сексуалната злоупотреба на деца е вклучување на детето во сексуална активност којашто тоа воопшто не ја разбира, за која што неможе да даде информирана согласност, или за која што детето не е развојно подготвено и на која неможе да се согласи, или која што ги прекршува законите или социјалните табуа на општеството. Сексуалната злоупотреба на деца се докажува преку активност меѓу дете и возрасен или друго дете кое според возраст или развој е во положба на одговорност, доверба или моќ, при што активноста е наменета кон угодување или задоволување на потребите на другото лице. Ова може да се случи, но не е ограничено на: наведување или принудување на детето да се вклучи во каква било незаконска сексуална активност, експлоатативна употреба на детето во проституција или други незаконски сексуални практики, експлоатативна употреба на деца во порнографски изведби и материјали (Светска здравствена организиција, 1999).

- **Запоставување и запоставувачки третман** е необрнувањето внимание од страна на згрижувачот во врска со развојот на лицето на ниво на: здравје, образование, емоционален развој, исхрана, живеалиште и безбедни животни услови, во смисла на средства вообичаено достапни на семејството или оној кој се грижи за детето и предизвикува, или има голема шанса да предизвика, опасност по здравјето на детето или неговиот физички, ментален, духовен, морален или социјален развој. Ова вклучува и несоодветно надгледување и заштита на децата од опасност колку што е можно повеќе.
- **Емоционална злоупотреба** е постојан лош емоционален третман на лицето, кој негативно влијае на неговиот/нејзиниот развој и претставата за себе. Ова подразбира и кога на лицето постојано му се нагласува дека таа или тој е безвреден, не е сакан, дека не припаѓа таму, или дека е таму само за да ги задоволи потребите на друга личност или пак поставување несоодветни очекувања. Дејствата можат да бидат: ограничување на движењето, закани, заплашување, дискриминирање, расипништво, исмејување, деградирање, малтретирање, понижување (на пример, поставување потенцијално засрамувачки прашања, барање потенцијално засрамувачка постапка) или други форми на непријателско или одбивно однесување кои не се физички.

Емотивната злоупотреба вклучува необезбедување развојно соодветна и средина за поддршка, вклучувајќи и достапност на личност за примарно поврзување, за детето да може да развие стабилни и цела низа на емотивни и социјални способности пропорционални со неговиот личен потенцијал, и во контекст на општеството во кое живее. Може да има и постапки кон детето што предизвикуваат или имаат висока веројатност да предизвикаат повреда на детското здравје или психичкиот, менталниот, духовниот, моралниот или социјалниот развој. Ваквите постапки мора да бидат разумно во контрола на родителот или на лицето во положба на

одговорност, доверба или моќ. Постапките вклучуваат ограничување на движењето, шаблони на омаловажување, клеветење, наметнување на вина, закануваање, заплашување, дискриминирање, исмевање или други нефизички форми на непријателско или отфрлувачко однесување (Светска здравствена организиција, 1999).

### 2.3.7. Материјално необезбедени деца

Сиромаштијата како феномен од своја страна си го прави своето. Во овој случај поимот ризик го означува влијанието кое ја зголемува самата можност за почеток на влошување или развој на проблематичните околности кои можат да произлезат од самата сиромаштија, како на детето како единка така и на целото негово семејство.

Сиромаштијата и материјалната необезбеденост на децата, ја засилува веројатноста за појава на нарушувања и напредувања кон сериозни состојби во самиот процес на социјализацијата, поддржувајќи проблематично однесување.

Материјалната необезбеденост, односно сиромаштијата во семејството на детето, придонесува за појава на разни социолошко-патолошки појави како што се насилството, малтретирањето, употребата на дроги, алкохол и разни видови на други психотропни супстанции, дезорганизација, но секако и појавата на родителските конфликти во домот. Сето ова резултира со можноста кај децата да се појават ментални развојни проблеми како резултат од животните стресови и непријатните настани, како што е малтретирањето, но и немањето на родителска грижа за емоционалното здравје на детето. Карактеристиките на самите родители и квалитетите кои тие ги поседуваат можат да ја намалат нивната способност да им се излезе во пресрет на децата и на нивните развојни потреби.

Постојат сериозни индикатори кои што придонесуваат сиромаштијата, а со самото тоа и материјалната необезбеденост да придонесат и да доведат до состојба која што ги става децата и младите лица изложени на ризик од деликвентни нарушувања, односно деликвентни однесувања.

Кај децата кои што имаат направено кривично дело, идентификувани се неколку фактори. Како еден од тие фактори, фактор-ризик број еден се јавува семејството, а потоа и училиштето, заедницата, односно средината, врсниците и слично. Семејните фактори потоа се разложуваат на:

- Родителски криминал;
- Малтретирање на деца;
- Лоши односи во семејството;
- Мало ангажирање на родителите;
- Слаби семејни врски и семеен конфликт;
- Родителски односи кои тежнеат кон употреба на дрога и насилство;
- Одвоеност на родител-дете (Димитријоска, С., 2009).

Нискиот приход и самата невработеност во семејствата можат да ја зголемат тензијата помеѓу родителите и тоа во моментите кога се обидуваат да ги избалансираат различните потреби и побарувања од членовите на семејството. Природата на вработеноста на родителите (часовите поминати на работа, колку работа носат дома, работи само еден родител), влијае врз обврските на родителите на работа споредено со родителството и со вкупното време што родителите го поминуваат со децата и ги набљудуваат нивните активности. Вработеноста, исто така, има влијание врз семејството низ вредностите и квалитетите (послушност, превземање ризици, чесност, точност, услужливост) кои се стекнуваат со работа (Bronfenbrenner, 1986).

### 2.3.8. Деца со асоцијално однесување

Тепачките, дрското однесување, нарушувањето на туѓ имот, како и асоцијалното и агресивно однесување се се почести кај младите. Тие најчесто се минливи и со самото созревање ваквите бурни реакции се смируваат, но доколку продолжат тие претставуваат сериозен проблем.

Асоцијалното однесување можеме да го дефинираме како непристојно однесување, додевање, навредливо и/или преткриминално однесување.

Асоцијалното однесување вклучува додевање, непристојност, неисправно или навредливо и/или "преткриминално" однесување, коишто кумулативно го поткопуваат квалитетот на живот во поширокатa заедница, или предизвикуваат или најверојатно ќе предизвикаат "вознемирување, тревога или несреќа" за луѓето (Goldston, 2008).

Децата со нарушено однесување се популација на деца кои ги отфрлаат вредностите на една култура и наметнуваат и користат свои вредности преку насилство и агресија. Испитувањата на ваквата популација покажува дека овие деца потекнуваат од семејства со нарушени односи. Во нивните семејства недостасуваат вистински личности за идентификација, па затоа таквата можност, односно потреба за идентификација, децата ја бараат во други личности надвор од семејството.

Дете кое што чувствува дека е отфрлено од своите родители станува луто, нервозно, навредено. Таквото дете развива одбрамбен став на независност или повлекување во себе. Во крајна ситуација станува апатично, емотивно нестабилно и лесно подложно на влијанија од други лица. На децата им е потребно постојано присуство и интерес на родителите во нивниот живот. На тој начин кај децата се развива способност за проценување на сопствените способности, како и самодоверба. Доколку родителот не успее да воспостави позитивен однос со своето дете, тоа подоцна може да има потешкотии во воспоставувањето на емотивна поврзаност со други лица. Запоставувањето на детето од страна на неговите родители, додека е сеуште мало и апсолутно зависно од нив, ги осиромашува емотивните врски и тие постапено се губат.

Сакајќи да се докажат во средината во која што живеат, а неможејќи тоа да го направат преку постигнување на успех на училиште, кај ваквата категорија на деца се

јавува револт кој што притоа се манифестира со агресивно и асоцијално однесување. Проблемите во семејството исто така се ризик фактори кои што се поврзани за појавата на ова однесување.

Децата со асоцијално однесување често знаат нервозно и дрско да се однесуваат и со нивните наставници.

Родителите на децата со ваков проблем често и потешко признаваат дека нивното дете има проблеми со неговото однесување, но најдобро е веднаш штом се забележи асоцијално или агрсивно однесување овие деца веднаш да се разговара со психолог. Алармантно е кога агресивното дете нанесува штета на себе си и на другите околу него, како и на околината во која функционира.

Семејтвото како прва и основна средина во која расте и се развива една личност има најголема и најпресудна улога во процесот на воспитувањето. Затоа, денеска се повеќе се актуелизира поврзаноста на семејството со социјалниот развој на децата. Сите негативни, но се разбира и се сите позитивни страни на однесувањето, свесни или несвесни, им се препишуваат на семејствата и на семејните односи, а посебно на самиот однос родител-дете. Квалитетниот однос во семејството и грижата за децата се неопходни за навремено и брзо препознавање, како и спречување на нарушеното однесување на децата.

Во сите овие случаи, причините се бараат во семејството, т.е. од какви семејства тие деца потекнуваат, при што најпрвин треба да се согледа причината, а не последицата за таквото нарушено однесување.

Денеска се поголем е бројот на таквите дисхармонични семејства кои несвесно создаваат услови за развивање на воспитна запуштеност на децата и несреќни лица кои се незадоволни од својот живот.

Кога се зборува за фактори кои би можеле да предизвикаат нарушено однесување кај децата, најпрвин потребно е да се знае дека се работи за комплексни и меѓусебно поврзани и испреплетени феномени, кои што од своја страна во стручната литература се класифицираат на најразлични начини.

Најчестата и наједноставната поделба на овие предмалку споменати фактори за нарушено, односно асоцијално однесување е поделбата на: внатрешни (субјективно - психолошки) и надворешни (социолошки) фактори. Се поставува прашањето, кои проблеми се појавуваат во современото семејство што би можеле да влијаат врз однесувањето? Тоа би можеле да бидат: економските услови во семејството, сиромаштијата, разводот на родителите, невработеноста, професијата на родителите, стамбените услови, образованието на родителите, како и комуникацијата родител - дете.

Ситуациите во кои брачните парови живеат во дисхармонични односи или кога еден од родителите ќе го напушти семејството, се состојби кои силно влијаат врз личноста на децата и притоа се одразуваат со неуспех на децата во училиште, нарушување во однесувањето и слично.

Запоставувањето на децата од страна на родителите и од страна на другите членови во семејството, создава услови детето да прерасне во личност склона на нервозни реакции кои што се неприфатливи за околината. Најновите истражувања покажуваат дека е во пораст бројот на деца кои имаат проблеми во однесувањето, дури и со степен на агресија. Оваа појава, појавата на деца со асоцијално однесување е присутна во сите слоеви и во богатите, но исто така и во сиромашните слоеви. Но, не треба да заборавиме и дека родителите со своето однесување и со своите постапки претставуваат пример за своите деца.

Семејството се смета за еден од факторите за појава на воспитната запуштеност на децата. Недоволната грижа и љубов од страна на родителите, како и престрогата дисциплина, можат да бидат услов за појава на асоцијално и неприфатливо однесување на дацата.

Самиот поим воспитна запуштеност, потребно е да се уреди и јазично. Воспитната запуштеност се сваќа како запуштање и негрижа и треба да значи запоставеност на нешто или на некој, односно да значи лишување на децата од грижа. Тоа е состојба во која децата запаѓаат несвесно и без своја волја. Ваквата запуштеност е општествено условена и токму поради тоа претставува воспитен и социјален проблем, кој бара и посебен општествен третман.

Ова се заснова врз правни, морални, етички и социјални обврски на родителите, општествените институции и организации задолжени за правилна воспитна грижа и заштита на младите лица.

### 2.3.9. Деца на улица - улични деца

Деца на улица и улични деца се два различни поими каде што е потребно да се направи дистинкција уште на самиот почеток.

Деца на улица, се деца кои цело време или најголем дел од времето го поминуваат на улица. Во литературата се прави разлика помеѓу деца на улица и деца од улица, односно улични деца.

**Деца на улица:** се деца кои најголем дел од времето го поминуваат на улица но се враќаат дома обично ноќе за да ја поминат ноќта.

**Деца од улица/улични деца:** се оние деца кои живеат на улица цело време и таму ја поминуваат ноќта.

Децата на улица работат различни видови на работи кои можеме да ги поделиме во легални и илегални.

Легални работи кои што ги работат децата од оваа категорија се: препродавање на ситни работи, свирење, чување на автомобили, миење на стакла и слично. На сите овие

набројани работи децата се принудени и притоа ова претставува експлоатација на детскиот труд.

Како илегални работи на кои се принудени децата од овие две категории се јавуваат: препродавање на дрога, просење, проституирање, крадење и други кривични дела.

Децата кои што се на улица, можеме да ги поделиме во неколку групи и тоа:

- деца без родители;
- деца со еден родител (деца од еднородителски семејства);
- деца на разведени родители;
- деца од семејства со нарушени семејни односи.

Децата на улица во Република Македонија ги има од сите возрасти и националности, но најмногубројни се Ромите 58% на возраст од 7-14 години, 58,5% од нив манифестираат социјално неприфатливо однесување, а 11,5% имаат толерантно однесување (Податоци добиени од Завод за социјални дејности 2010).

Кај оваа категорија на деца алармантна е злоупотребата на детскиот труд. Под злоупотреба на детски труд се подразбира работа на деца кои се под возраста одредена со закон. Но, во овој случај злоупотребата на детскиот труд не подразбира и не значи само физичка работа, туку и комерцијална сексуална злоупотреба (детска проституција и порнографија, деца - војници, трговија со деца и слично).

Според истражувањето на Народниот правобранител во 2012 година, во 17 центри за социјална работа на територијата на Република Македонија, регистрирани се 236 деца на улица. Споредено со состојбата во 2011 година, постои тенденција на намалување на нивниот број, но за сметка на претходното, регистрирани се деца на улица во шест нови градови низ државата.

Во однос на возраста на децата, најмалите деца на улица имаат само неколку месеци, а најголемите 18 години. Од вкупно 236 деца, 114 се машки, а 122 се женски. 228 се Роми, 5 се Турци, 2 Македонци, а 1 дете Египќанец. Најголем број на деца на улица се во Скопје и тоа 113, по што следат Битола, Куманово, Велес, Гостивар и Кичево. Помалку од 10 деца на улица има во Ресен, Гевгелија, Виница, Струмица, Кавадарци, Штип, Неготино и Прилеп (Податоци добиени од Завод за социјални дејности, 2013).

Поради сиромаштијата, невработеноста, условите и околината во која живее одредена категорија на граѓани во Република Македонија, се уште има деца кои што најголемиот ден од денот и од своето време го поминуваат на улица и притоа на најразлични начини обезбедуваат средства за егзистенција не само за себе, туку и за целото семејство, притоа најчесто просејќи.

Воопшто не е за занемарување бројот на деца на улица кои најчесто питаат и на кои притоа не им се обезбедуваат услови за нормален раст и развој.

Кај најголемиот број на деца на улица, утврдено е дека имаат родители и најчесто се принудени и злоупотребени од нив за да питаат на улица или да вршат други работи како што се бришење на автомобилски стакла или продавање на ситни предмети.

За сите овие деца кои целокупното свое слободно време го минуваат на улица, со сигурност можеме да потврдиме дека им се загрозени основните права, а особено им се загрозува здравјето, им се ограничува правото на образование, правото на игра, рекреација, како и голем број на други детски и воопшто човекови права.

Родителите на децата на улица несоодветно го вршат родителското право и притоа трудово ги експлоатираат, а со самото тоа и ги злоупотребуваат своите деца, а запоставувањето и негрижата за детето претставува сериозна опасност за неговиот правилен психофизички раст и развој и доведуваат децата да дојдат во судир со законот или пак да бидат злоупотребени од трети лица (трговија со деца, сексуална или друг вид на злоупотреба).

Голем број од децата кои се на улица не се запишани во матичната евиденција на родени, немаат државјанство или било каква друга документација, со што притоа им е оневозможено да ги остваруваат своите права.

Загрижува и податокот на центрите за социјална работа, каде што голем дел од бројот на евидентирани деца на улица се со криминално однесување уште од многу мала возраст, и дека покрај работата како со децата така и со родителите на тие деца, состојбата воопшто и не се менува на подобро.

Децата на улица во Република Македонија во најголем процент се од семејства кои што припаѓаат на необразована и ранлива категорија на граѓани, семејства корисници на права од социјална заштита. Како алармантни се наведени евидентираните деца на улица кои дуваат лепак и на кои им е загрозено здравјето. Значителен број од децата на улица не се опфатени со образовниот процес поради немање на соодветна документација, а и не се евидентирани во матичната книга на родените или пак им е измината возраста за запишување на училиште.

### 2.3.10. Деца со интелектуална и физичка попреченост

Дефинирањето на самиот термин попреченост е релативно комплексно. Во Република Македонија, во делот на законските и подзаконските акти, со кои се дефинираат и обезбедуваат правата на лицата со интелектуална попреченост, се употребуваат најразлични термини, како што се на пример: лица со физички и психички пречки во развојот, инвалиди, хендикепирани лица, лица со посебни потреби и слично.

Попреченоста освен здравствени нарушувања има и социјални импликации. Ова покажува дека таа има силна поврзаност со човековите права и често е причина за социјална исклученост, како и зголемено изложување и подложност на сиромаштија.

Децата со интелектуална попреченост во Република Македонија и нивните семејства се една од најмаргинализираните групи во самото општество. Тие секојдневно се соочуваат со социјално исклучување, недостапност на вработување, сиромаштија и слично. Постојат поголем број на причини за ваквата состојба, но една од главните причини што треба да ги споменеме се нашиот однос кон нив, како и предрасудите кои постојат кон овие луѓе во речиси сите сфери на живеењето.

Интелектуалната попреченост кај децата не претставува болест, тоа повеќе можеме да го наречеме состојба. Лицата со интелектуална попреченост, според сите меѓународни норми и стандарди, треба да се рамноправни граѓани во сите сфери на општествениот живот.

Светската Здравствена Организација, дава дефиниција според која, согласно Правилникот за оценка на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот и психичкиот развој, менталниот хендикеп (интелектуална попреченост) се дефинира како состојба на забавен или нецелосен психички развој кој особено се карактеризира со растројство на оние способности што се појавуваат во текот на развојниот период и што придонесуваат за општото ниво на интелигенција, како што се когнитивните, говорните, моторните и социјалните состојби.

Децата со пречки во психичкиот развој се делат на неколку категории според степенот и видот на попреченоста и тоа:

- Деца со лесна и умерена интелектуална попреченост;
- Деца со тешка и најтешка интелектуална попреченост
- Деца со трајна физичка попреченост
- Деца со комбинирани пречки во развојот.

Децата со лесна интелектуална попреченост се карактеризираат со благо намалување на нивото на интелектуалните, говорните, јазичните, моторните и социјалните способности. Овие деца зборуваат со извесно задоцнување, но сепак најголем дел од нив можат да го користат говорот во секојдневниот живот.

Децата со умерена интелектуална попреченост, покажуваат забавен развој и ограничени достигнувања во доменот на развојот и употребата на говорот, моторните способности и грижата за себе.

Децата со тешка интелектуална попреченост, според клиничката слика се слични на децата со умерена интелектуална попреченост. Во овој случај постои значително ограничување на достигнувањата, како во областа на говорот, така и во областа на јазикот, моторните способности и грижата за себе. Поголемиот број на деца имаат изразени моторни или други придружни пречки кои укажуваат на присуството на значајно оштетување или пореметување во развојот на централниот нервен систем.

Децата со најтешка интелектуална попреченост, се карактеризираат со поизразена ограничена способност за разбирање и прифаќање на барањата, поседуваат способност

за многу рудиментирани форми на невербална комуникација. Голем дел од нив се полуподвижни или воопшто не се подвижни. Поседуваат многу мали или скоро и да не поседуваат никаква способност да се грижат сами за себе, поради што им е потребна постојана помош и надзор од друго лице.

Деца со комбинирани пречки во развојот се оние деца кај кои се присутни две или повеќе видови на пречки во развојот истовремено.

Ваквата категорија на деца со сигурност спаѓа во категорита на деца кои што се под социјален ризик и тоа поради повеќе причини.

Двата основни закони кои што ја регулираат социјалната заштита во Република Македонија се: Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата.

Дете со пречки во развојот и со специфични потреби е дете со:

- Тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој;
- Умерена, тешка или длабока ментална попреченост;
- Најтешки облици на хронични заболувања;
- Најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот (слепо лице и практично слепо лице, практично глуво и тотално глуво лице, лице со потполно отсуство на говорот, лице со тешко оштетен говор поради детска парализа, лице со аутизам и лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор);
- Повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот.

Човекот како интегрална целина на психички, физички и на социјални компоненти кои се меѓусебно зависни од раѓањето и во текот на целиот свој живот е изложен на многубројни влијанија кои што најразлично се одразуваат врз неговата целокупна личност.

Голем број на разни видови на причини доведуваат до определени последици на целокупната човекова состојба, на неговата улога и местото во општеството и во општествената заедница, како и на неговиот статус.

Самиот поим лица со пречки во развојот, од различни автори различно се дефинира и толкува и сето тоа во зависност дали се дефинира од педагошко-психолошки, социјален или пак од медицински аспект.

Под поимот лица со пречки во развојот се подразбира состојба на онеспособеност во психичкиот или во физичкиот поглед што го оневозможува нормалниот психофизички развој кај децата оставајќи социјални, психолошки, педагошки и други последици. Од тука можеме да ја направиме и следната дистинкција односно разделување на поимите болест и инвалидност. Инвалидноста суштествено се разликува од болеста. Кај болеста состојбата на организмот е динамична, односно таа има развоен тек, додека пак кај инвалидноста состојбата е статична.

Основното сваќање на инвалидноста е дека на човекот се гледа како на биосоциолошка целина. Од тука, според барањата на секојдневието и се што не опкружува, човекот, исто како и детето со пречки во развојот се однесува како целина, а не како мозаик од поединечни фрагменти. Детето со пречки во развојот не претставува ниту случај, ниту збир на дијагнози.

Попреченоста во развојот на децата, без сомнение, може да предизвика ограничување на способноста за прилагодување и за делување. Но, и во случај на тешка онеспособеност, преостануваат голема низа на потенцијали кои што можат да се искористат во доволна мера заради активно вклучување на децата во најразличните активности во општествената заедница.

## 2.3.11. Аутистични деца

Аутистичните деца се деца кои што со сигурност можеме да ги ставиме во групата на деца во социјален ризик. Токму социјалниот ризик на кој што се подложни овие деца претставува една од причините заради кои што во последно време толку многу се придава значење и тоа не само на светско ниво, туку и во нашата земја.

Аутизмот се дефинира како нарушување кое што се појавува во раното детство и тоа најчесто пред третата година од животот на детето. Претставува состојба која што најразлично се манифестира кај секое дете, но генерално, сите деца со аутизам имаат неколку заеднички карактеристики:

- тешкотии во говорот, јазикот и невербалната комуникација;
- тешкотии во социјалната интеракција;
- тешкотии со фантазијата и внатрешниот говор;
- стереотипни активности.

*** Тешкотии во говорот, јазикот и невербална комуникација**

Еден многу мал дел од овие деца, говорот и воопшто никогаш и не го развиваат, но факт е дека овие деца имаат проблем и тешкотии со комуницирањето.

*** Тешкотии во социјалната интеракција**

Децата со аутизам често имаат тешкотии во започнувањето и одржувањето на врските со своите врсници. Често се случува овие деца добро да се поврзат со своите родители или со лицето кое постојано се грижи за нив, но не и со останатите деца.

*** Тешкотии со фантазијата и внатрешниот говор**

Имагинарната игра е многу важен дел од детскиот развој. Децата со аутизам ретко покажуваат имагинарна игра и како резултат на тоа нивниот развој е попречен.

*** Стереотипни активности**

Децата со аутизам постојано повторуваат одредени стереотипни активности како што се: вртење по предмети, одење по линија, шкрипење со забите, сложување предмети според некоја нивна карактеристика, инсистирање на едноличен тек на денот, јадење на еднолична храна, повторување на исти зборови, самоповредување и сл.

Аутизмот спаѓа во групата на первазивни развојни нарушувања и вклучува биолошки или органски нарушувања во функционирањето на мозокот.

Децата со аутизам сакаат предвидливост, па од тука и рутината можеме да кажеме дека е нивниот најголем пријател. Исто така, овие деца љубовта, среќата, тагата и болката ги чувствуваат исто како и сите други луѓе. Само затоа што тие не ги покажуваат тие чувства пред другите луѓе, не значи и дека ги немаат.

Аутизмот предизвикува децата да го доживуваат светот поинаку од повеќето други деца. На децата со аутизам тешко им е да разговараат со другите и тешко изговараат зборови. Можат да реагираат на она што се случува околу нив на невообичаен начин. Вообичаени звуци можат многу да ги вознемират. Детето со аутизам често има проблем со поврзување на зборот со неговото значење. Аутизмот предизвикува децата да се однесуваат на невообичаен начин. Тие можат да плескаат со раце, постојано да извикуваат еден ист збор, да имаат испади на бурно расположение, или постојано да си играат само со една играчка.

**Третман:** За аутизмот не постои лек, но терапевтите и лекарите можат многу да им помогнат на децата со аутизам да ги пребродат потешкотиите или да се прилагодат. Колку порано ќе се започне со третманот, толку подобри ќе бидат резултатите. На аутистичните деца може да им биде многу тешко да научат да зборуваат, но голем дел он нив подобро ќе ги разберат зборовите ако визуелно ги поврзат со некој предмет, па затоа терапевтите ги учат со помош на слики или преку знаковниот говор. Ваквиот начин на учење им го олеснува и учењето на другите работи и така дел од децата со аутизам ќе имаат можност да научат и да зборуваат.

Терапевтите кои што работат со аутистичните деца, исто така им помагаат да ги совладаат и социјалните вештини, како што се поздравувањето на луѓето, чекањето ред и т.н. На дел од децата им е потребна и помош при учењето и совладувањето на вештините како што е миење на забите или местење на креветот. Некои од децата имаат проблем со мирното седање или пак контролираното однесување и притоа потребни се лекови кои ќе помогнат за тоа.

Децата со поблаг аутизам се во можност да посетуваат и редовна настава, додека пак на други деца со аутизам, потребна им е мирна и за нив прилагодена средина.

Некои од децата кои што се со поблага форма на аутизам, кога ќе пораснат ќе бидат способни да живеат самостојно, но на оние другите кои што имаат посериозни проблеми, секогаш ќе им биде потребна помош. Како и да е, сите деца со аутизам имаат светла

иднина доколку имаат поддршка од родителите, лекарите, браќата, сестрите, пријателите и наставниците.

Според истражувањата направени во Република Македонија за бројната состојба на децата со аутистичен спектар на нарушување и подготвеноста на основните училишта за нивна инклузија и квалитетно образование, училиштата не се просторно, кадровски, ниту пак материјално опремени со потребните наставни средства и помошни материјали. Но, од друга страна пак, ни наставниот кадар не е доволно обучен за работа со деца со аутистичен спектар на нарушување.

Во некои училишта, дел од децата со аутизам се во посебни паралелки специјализирани за деца со аутистичен спектар или пак во паралелка за деца со посебни потреби. Многу мал број на училишта во својот стручен тим имаат дефектолози. Во голем број од основните училишта во Република Македонија дефектологот е мобилен и притоа покрива неколку основни училишта одеднаш. Ваквиот дефектолог работи со сите деца со посебни потреби одеднаш, вклучително и со децата со аутизам и тоа не секој ден, туку еднаш до два пати неделно. Наставниците во основните училишта не се обучени да работат со деца со аутизам, па од тука се создава и проблемот каде што неможат соодветно да им посветат внимание, а понекогаш и не се во можност да одржат час воопшто. Како резултат на недоволната стручност, наставниот кадар во училиштата не може соодветно да го реализира воспитно-образовниот процес и при тоа да ги надмине потешкотиите за одржување на концентрација на овие деца за време на наставата. Сеуште постојат и наставници кои што одбиваат да работат со деца со аутистчен спектар на нарушување и сметаат дека овие деца не треба да се дел од редовното основно образование, дека треба да посетуваат посебни специјализирани паралелки или пак да посетуваат посебни основни училишта.

Сеуште не е воспоставена целосната и континуирана соработка на релацијата училиште-родител на дете со аутизам, а влијанието на средината, односно самото опкружување е исто така значајно дали ќе се прифати или не детето со аутизам во некое основно училиште.

Република Македонија со ратификацијата на Конвенцијата на правата на детето и Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност на Обединетите нации, се обврза да ги почитува правата на децата и лицата со инвалидност, односно да обезбеди услови за остварување на правата во сите општествени сфери, а во таа смисла и почитување и остварување на правото на образование.

# 3. Правна рамка

Од причина што заштитата на децата претставува една значајно комплексна област, во која се испреплетени најразлични области и најразлични нивоа и актери на обезбедување на услуги, легислативата опфаќа низа на законски и подзаконски прописи.

## 3.1. Меѓународна рамка за заштита на децата во социјален ризик

1. Универзална Декларација за човекови права;
2. Конвенција за правата на детето;
3. ОН Конвенција за борба против тортура и нехуман понижувачки третман;
4. ОН Конвенција за правата на лицата со инвалидност;
5. Европска социјална повелба;
6. Коминике на Европската Комисија од 12-ти Март 1997 година за модернизација и подобрување на социјалната заштита;
7. Коминике на Европската комисија од 30-ти Октомври 2003 година за еднакви можности за лицата со попреченост;
8. Стандарди за квалитет на деца;
9. Декларација на ОН за социјални и законски прописи кои се однесуваат на заштитата и благосостојбата на децата, со посебно внимание на згрижување и национално и меѓународно посвојување од 1986;
10. Насоки за згрижување, меѓународна организација за згрижување од 1995;

- ***Нацрт насоки на ОН за заштита и алтернативна грижа на деца без родителска грижа поднесена до Комисијата за детски права од страна на меѓународните социјални служби и УНИЦЕФ во соработка со работната група на НВО за деца без родителска грижа, Јуни 2006. Декларација за човековите права на ОН од 1948 година:***

Оваа Декларација ги дефинира човековите права кои што ги имаат сите човечки суштества, без било каква и да е дискриминација. Истата оваа Декларација изврши големо влијание и претставуваше основа за усвојување на бројни други инструменти, стандарди и упатства, во сверата на човековите права.

- ***Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи од 1950 година:***

Оваа конвенција ги идентификува неотуѓивите права и слободи, кои ги поседува секој човек, и ги обврзува државите потписнички, да ги гарантираат и да ги штитат овие права, без било каква дискриминација. Кон истата оваа конвенција се усвоени и 14 протоколи, со кои се менуваат некои од оригиналните членови или пак се додаваат некои дополнителни права и безбедносни мерки. За кршење на правата загарантирани со Конвенцијата, надлежен е Европскиот суд за човекови права, а секој поединец, вклучително и дете, или група од поединци, пред истиот може да поднесе тужба против соодветната држава потписничка, наведувајќи го видот на прекршувањето на правата загарантирани со Конвенцијата.

- ***Конвенција на ОН против тортура и друг вид сурово, нечовечно или деградирачко постапување од 1984 година (заедно со нејзиниот Факултативен протокол од 2002 година):***

Конвенцијата против тортура предвидува забрана на тортурата, без разлика на условите и притоа ги обврзува државите потписнички да превземаат мерки со кои би се спречила било каква тортура и било какво друго сурово, нечовечно или деградирачко постапување. Конвенцијата бара од државите потписнички, да ги истражат и кривично да ги гонат сите наводни случаи на тортура и да обезбедат обука за спречување на тортурата за сите припадници на органите за спроведување на законот и армијата. Воедно, предвидува и воспоставување на Комитет за борба против тортура, кој врши следење и контрола на примената на Конвенцијата и од држававите бара редовно известување, во однос на нејзината имплементација. Со Факултативниот протокол е предвидено воспоставување на национални превентивни механизми за спречување тортура, задолжени и за посета на местата каде лицата се држат во притвор, како и за примање на сите жалби и поплаки во однос на наводните случаи на тортура и соодветно истражување на истите. Истиот предвидува и постоење на Подкомитет за спречување на тортура, кој има право да врши посети на сите места каде има притворени или затворени лица во замјите потписнички.

- ***Европска конвенција за спречување тортура и нечовечно или деградирачко постапување или казнување 1987 година***

Врз основа на Членот 3 од оваа Конвенција, дополнително се зајакнува заштитата на луѓето од евентуална тортура, нечовечко или деградирачко постапување или казнување. Го воспоставува Европскиот комитет за борба против тортурата, кој има свое овластување да врши посети на сите места, каде има притворени или затворени лица и да поднесува извештаи до државите, за сите свои наоди и заклучоци.

- ***Конвенција за правата на детето 1989 година:***

Конвенцијата за правата на детето е најшироко прифатена Конвенција, која што е ратификувана од страна на сите, освен на две држави. Оваа Конвенција предвидува

широк спектар на детски права и ги обврзува државите потписнички, да ги штитат истите. Државите потписнички се должни, на редовна основа, да доставуваат извештаи во однос на имплементацијата на овие права до Комисијата за правата на детето, која пак потоа изготвува "Завршни наоди" во однос на конкретната состојба со овие права во земјата. Комисијата за правата на детето има издадено уште 13 дополнителни "Општи коментари", кои содржат подетални толкувања на некои од детските права содржани во Конвенцијата.

Во Конвенцијата за правата на детето, за искористувањето на детскиот труд, утврдено е:

"Државите потписнички му го признаваат правото на детето да биде заштитено од економско искористување и од вршење на која и да е работа што би можела да биде опасна или што би го попречувала школувањето на детето, или што би била штетна за здравјето на детето или за физичкиот, душевниот, моралниот или општествениот развој на детето" (Конвенција за правата на детето на ООН, Член 32).

Според член 3 од Конвенцијата 182, најлоши видови на искористување детски труд се: сите видови ропство или дејства слични на ропство; продавање и трговија со деца; присилна и принудна работа; регрутација на деца во воени судири; употреба, посредување и понуда на дете за проституција, за производство на порнографија, противзаконска дејност; трговија со дрога; работи кои по својата природа се штетни за здравјето, сигурноста или моралот на децата.

- ***Упатство на Комитетот на министри при Советот на Европа во однос на правда по мерка на децата 2010 година:***

Воспоставени се упатства за третман и мерки кои треба да се воведат за заштита на правата на сите деца кои доаѓаат во контакт со правосудните системи во својство на сторители, жртви, сведоци или трети лица во постапките. Содржи општи начела и специфични упатства за секоја поединечна фаза на судскиот процес.

## 3.2. Национална рамка за заштита на децата во социјален ризик

Во националната рамка за заштита на децата под социјален ризик, во Република Македонија се опфатени:

- Устав на Република Македонија;
- Закон за социјална заштита;
- Закон за семејство;
- Закон за заштита на децата;
- Закон за основно образование;
- Закон за средно образование;
- Закон за правда за децата;

- Закон за локална самоуправа;
- Закон за здруженија и граѓански фондации;
- Правилник за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои може да се сместат во едно згрижувачко семејство, видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на сместеното лице, висината на надоместокот на трошоците за сместување и на надоместокот за згрижување;
- Правилник за нормативни и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост.

**Устав на Република Македонија**

Во Членот 40 од Уставот на Република Македонија се вели дека Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството.

Во истиот член се вели и дека родителите имаат право и должност да се грижат за издржување и воспитување на децата. Републиката им обезбедува посебна заштита на децата без родители и децата без родителска грижа.

Членот 42 од Уставот на Република Македонија вели дека Републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица.

Во истиот член се вели дека секое лице помладо од 15 години живот не може да биде вработено, како и дека малолетните лица и мајките имаат право на посебна заштита при работа. Малолетните лица не смеат да бидат вработувани на работни места кои што се штетни за нивното здравје и моралот.

Во Членот 44 од Уставот на Република Македонија се регулира правото на образование, па така според овој член секој има право на образование. Образованието е достапно на секого и под еднакви услови. Основното образование е бесплатно и задолжително за секого.

**Закон за социјална заштита**

Со Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013) се уредуваат системот и самата организација на социјалната заштита, финансирањето и постапката на остварување на правата од социјалната заштита.

Според Членот 2 од Законот за социјална заштита, социјалната заштита се дефинира како систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за

намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Според Законот за социјална заштита, под социјален ризик се подразбира:

- Ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност);
- Ризици на еднородителско семејство;
- Ризици од невработеност, губење на приход за издржување врз основа на работа и слично;
- Ризици од сиромаштија;
- Ризици од друг вид на социјална исклученост.

Системот за социјална заштита го воспоставува Републиката при што го овозможува и неговото функционирање. Како носители на социјалната заштита во Република Македонија се јавуваат: Републиката, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје.

Владата на Република Македонија донесува Национална програма за развој на социјалната заштита во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита на граѓаните на Република Македонија, со мерки на активна социјална политика, на среден и долг рок.

Во Членот 6 од Законот за социјална заштита, се вели дека врз основа на правата од социјалната заштита, а под услови утврдени од истиот закон, се превземаат мерки преку кои се остварува социјалната превенција, вонинституционалната и институционалната заштита и парична помош од социјална заштита.

Во Член 26 од Законот за социјална заштита, вонинституционалната заштита што се остварува во или преку центарот за социјална работа, опфаќа право на:

- Прва социјална услуга на корисници на социјална заштита;
- Помош на поединец;
- Помош на семејство;
- Домашна нега и помош на поединец и на семејството;
- Дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство;
- Сместување во згрижувачко семејство;
- Сместување во мал групен дом и
- Организирано живеење со поддршка (Закон за социјална заштита Член 26 Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Според Законот за социјална заштита, право на сместување во згрижувачко семејство има лице кое што нема услови за живеење во своето семејство или од некои други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство.

Правото на згрижување во згрижувачко семејство се обезбедува на:

- Дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средно образование односно шест месеци по завршување на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин;
- Дете со воспитно-социјални проблеми (злоставувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство;
- Малолетен сторител на кривично дело или прекршок;
- Лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега;
- Старо лице, возрасно лице со телесна попреченост и лице со пречки во менталниот развој кое не е во состојба само да се грижи, а поради станбената и семејната положба нема можност да му се обезбеди заштита на друг начин (Закон за социјална заштита Член 32 Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013). Во делот на законската регулатива за згрижувачките семејства, во Членот 33 се набројуваат и објаснуваат видовите на згрижувачки семејства, при што се јавуваат:
- Општо згрижувачко семејство;
- Специјализирано згрижувачко семејство;
- Интервентно згрижувачко семејство и Привремено згрижувачко семејство.

Членот 33-а го регулира договорот кој се склучува помеѓу центарот и подносителот на барањето, т.е. згрижувачот, во кој договор посебно се уредува следново:

- Начинот и условите за сместување и престанок на сместувањето на лице во семејството;
- Видот и обемот на социјалната заштита која му се обезбедува на лицето што се сместува во згрижувачкото семејство;
- Висината на надоместокот за сместеното лице, која ги опфаќа трошоците на сместување и надоместокот за згрижување;
- Времетраењето на договорот, со можност за негово продолжување;
- Услови за раскинување на договорот;
- Отказниот рок за раскинување на договорот, кој за згрижувачот не може да биде пократок од три месеци;
- Случаите при кои престанува да важи договорот;
- Други права, обврски и одговорности.

Членот 36 од Законот за социјална заштита ги регулира месечните надоместоци за трошоците за сместеното лице, како и надоместокот за згрижување, па од тука:

- Надоместокот за трошоците за сместеното лице изнесува 5.000 денари, а надоместокот за згрижување изнесува 1.500 денари.
- Надоместокот за трошоците за сместување на дете без родители и родителска грижа и дете со воспитно - социјални проблеми на училишна возраст се

зголемува за 500 денари и изнесува 5500 денари, а надоместокот за згрижување се зголемува за 500 денари и изнесува 2000 денари.

- Надоместокот за трошоците за сместување на дете со нарушено општествено поведение, се зголемува за 1000 денари и изнесува 6000 денари, а надоместокот за згрижување се зголемува за 1000 денари и изнесува 2500 денари.

Во Член 39 и 40 од Законот за социјална заштита е опфатен и регулиран делот за мал групен дом и организираното живеење со поддршка, како едни од формите на вонинституционалната заштита.

Според Член 39 од Законот за социјална заштита, право на живеење во мал групен дом има дете без родители или без родителска грижа, со воспитно-социјални проблеми, со пречки во менталниот или телесниот развој, лице со ментална или телесна попреченост, кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство, кое нема семејство или од други причини му е потребно сместување во мал групен дом.

Право на организирано живеење со поддршка има лице со ментална или телесна попреченост, деца без родители или без родителска грижа и деца со воспитно-социјални проблеми, преку самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица со постојана или повремена помош од стручни или други лица во остварување на основните животни потреби, социјални, работни, културни, рекреативни и други потреби.

Нивото на поддршката се определува во согласност со потребите, видот и степенот на попреченоста на корисникот (Закон за социјална заштита Член 40 Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Во контекст на сето претходно кажано, би ја спомenале и здравствената заштита која што исто така е опфатена и регулирана во Членот 84 од Законот за социјална заштита. Од тука, право на здравствена заштита имаат корисниците на:

- Постојана парична помош;
- Лица сместени во згрижувачки семејства;
- Лица сместени во установа за социјална заштита (за институционална и вонинституционална заштита);
- Корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице;
- Лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користи социјална парична помош;
- Лице - жртва на семејно насилство за кое се превзема мерка на заштита согласно со Законот за семејство;
- Лице - жртва на трговија со луѓе и
- Лице опфатено со организирано живеење со поддршка (Закон за социјална заштита Член 84 Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Видовите на установи за социјална заштита за вонинституционална заштита според Член 132 од Законот за социјална заштита се:

- Центар за социјална работа;
- Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица;
- Дневен центар за улични деца - деца на улица;
- Дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции и прекурзори;
- Дневен центар за лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол;
- Центар за лица бездомници;
- Центар за лица - жртви на семејно насилство;
- Центар за лица - жртви на трговија со луѓе;
- Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост;
- Центар за давање помош во домашни услови;
- Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори (терапевтска заедница);
- Мал групен дом и
- Советувалиште.

Според Член 133 од Законот за социјална заштита, Центарот се основа како јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања заради вршење на работите од социјалната заштита. Тој задолжително ги има следниве основни образовни профили: социјален работник, педагог, психолог и правник. Центарот за социјална работа може да се основа за подрачјето на една или повеќе општини.

Центарот при спроведувањето на социјалната заштита, како и стручната работа:

- Открива, следи и проучува социјални појави и проблеми;
- Врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба на лицето или семејството;
- Поттикнува и превзема превентивни дејствија во спречување и отстранување на причините за настанување на положба од социјален ризик;
- Изготвува планови и програми за социјална заштита;
- Применува и спроведува соодветни облици и форми на социјална заштита и непосредно помага на граѓанин или семејство;
- Развива и спроведува вонинституционални облици на социјална заштита;
- Поднесува извештај до Министерството за работите утврдени со членот 134 на овој закон;
- Применува и спроведува програми и други општи акти од областа на социјалната заштита, донесени и финансирани од општината, градот Скопје и општините во градот Скопје;
- Поттикнува, организира и координира волонтерски активности на граѓани и, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување на програми за социјална заштита на подрачјето на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје и

- Врши и други работи утврдени со закон (Закон за социјална заштита Член 135 Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Во Членот 136 од Законот за социјална заштита, се вели дека во остварувањето на функциите утврдени токму со овој закон, центарот за социјална работа, работи со граѓанин (дете, адолесцент, возрасно лице), како и семејство и група на граѓани.

Центарот работејќи со граѓанинот и семејството, помага во разрешувањето на животните тешкотии и проблеми во индивидуалното живеење, партнерските односи, предбрачните и брачните односи, односите родители и деца, укажува помош на семејството во остварувањето на неговата заштита, воспитна и репродуктивна функција, поттикнува сакано и одговорно родителство, како и планирање на семејството, заштита на лица - жртви на семејно насилство и жртви на трговија со луѓе и дава други советодавни и советувалишни услуги за прашања од значење за развојот и социјализацијата на личноста и остварувањето и унапредувањето на односите во семејството.

Центарот за социјална работа, сите свои функции ги извршува со формите на советодавна, стручна, советувалишна и интердисциплинарна тимска работа.

Според Член 139 од Законот за социјана заштита, дневниот центар и клубовите за стари и возрасни лица вршат услуги од социјална заштита во вид на дневен престој, исхрана, лична хигиена, како и организирање на работни, културни, забавни и друг вид на активности.

Членот 140 од Законот за социјална заштита, го регулира делот на дневниот центар за улични деца - деца на улица. Дневниот центар на овие деца, како и на членовите на нивните семејства им обезбедува лична хигиена, исхрана, воспитно - едукативни услуги, советувалишна работа, но и културно - забавни и рекреативни активности.

Во дневниот центар од ваков вид, може да се организира интервентно згрижување на децата заради превземање на мерки за нивна заштита, и тоа најмногу до 24 часа.

Членот 144 од Законот за социјална заштита, го регулира делот на Центарот за лица - жртви на семејно насилство. Ваквиот центар на овие лица им обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на овие лица, кое што прифаќање може да трае најмногу до три месеци со можност за продолжување за уште три месеци, потоа, давање на соодветни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиената, како и културно - забавни активности. Во овој член се регулира и еден исклучок, каде што за специфичните случаи по проценка на центарот за социјална работа, сместувањето во центарот за лица - жртви на семејно насилство, може да продолжи најмногу за уште шест месеци.

Центарот за лица - жртви на трговија со луѓе обезбедува привремено прифаќање и згрижување на овие лица, кое може да трае најмногу шест месеци, давање советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиената и културно забавни активности.

Обезбедувањето на центарот за лица - жртви на трговија со луѓе го врши Министерството за внатрешни работи (Закон за социјална заштита Член 145 Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост е регулиран со Членот 146 од Законот за социјална заштита. Овој дневен центар ги опфаќа лицата со умерени и тешки пречки во менталниот развој, како и лицата со тешки пречки во телесниот развој. На овие лица, Центарот им обезбедува дневно згрижување, работно - производна активност, работна терапија, како и други активности со кои што овие лица можат да се оспособат за работно - производна активност, заради нивно вклучување во секојдневниот живот.

Центарот за давање помош во домашни услови е регулиран во Членот 147 од Законот за социјална заштита. Овој центар на лицата со умерена, тешка и длабока ментална попреченост како и на изнемоштените стари и други возрасни лица, им обезбедува услуги во вид на исхрана, лична хигиена , хигиена на станот и други работи во домот на корисникот.

Членот 147-а од Законот за социјална заштита ја обработува и регулира терапевтската заедница како една од формите на згрижување на вонинституционалната заштита. Терапевтската заедница обезбедува привремено прифаќање и згрижување на лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори, спроведување на социјална ресоцијализација преку организиран психосоцијален третман во текот на одреден временски период, преку програма и метод на самопочитување и активно вклучување на корисникот во терапевтската програма, услуги во врска со исхрана, престој, згрижување, одржување на хигиената, како и културно - забавни активности. Министерот за труд и социјална политика е оној кој ги пропишува поблиските услови за начинот на остварување и спроведување на програмата за социјална ресоцијализација во терапевтската заедница.

Во Членовите 149 и 150 од Законот за социјална заштита е обработен делот за мал групен дом. Малиот групен дом обезбедува грижа за најмногу 10 лица, од двата пола. Грижата се обезбедува на начин најблизок до семејното живеење и опфаќа помош за оспособување за самостојно живеење на корисниците, нивно вклучување во општествената заедница, одржување на контакти со блиски сродници, секако во зависност од потребите на лицата кои што се сместени во малиот групен дом.

Малиот групен дом може да се основа како установа за социјална заштита, организационен дел на установа за социјална заштита или друго правно лице. Може да се основа во еден станбен објект во некое населено место. Начинот, бројот и видот на стручните лица за давање на грижата за сместените лица, просторните услови и опремата за живеење, со акт се утврдуваат од страна на министерот.

Членот 151 од Законот за социјална заштита вели: Советувалиштето обезбедува психо - социјални услуги и психо - социјален третман за секоја одделна група на корисници и тоа:

- Жртви на семејно насилство;
- Извршители на семејно насилство;
- Со нарушени партнерски, семејни и односи родители - деца;
- Деца и младинци со воспитно - социјални проблеми;
- Идни родители и
- Лица со ментална попреченост и нивните родители.

Програмата за советувалишна работа се подготвува од страна на стручни лица кои што имаат најмногу стручни знаења и искуство од соодветната област.

**Закон за семејство**

Законот за семејство претставува еден од законите кои што влегуваат во националната рамка за заштита на децата под социјален ризик во Република Македонија. Истиот е донесен и објавен во Службен весник на Република Македонија, број 153 од 20.10.2014 година.

Во првиот дел на Законот за семејство, во општите одредби, се вели дека со овој закон се уредуваат бракот и семејството, односите во бракот и семејството, определените облици на посебната заштита на семејството, посвојувањето, издржувањето, старателството, семејното насилство, како и постапката пред судот во брачните и семејните спорови за изрекување на привремената мерка за заштита од семејното насилство.

Исто така, во општите одредби од Законот за семејство, во Членовите 3, 4 и 5, се вели дека односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање и издржување, како и заштита на интересите на малолетните деца.

Република Македонија, обезбедува посебна заштита на семејството, мајчинството, децата, малолетните лица, децата без родители и децата без родителска грижа. Републиката обезбедува заштита од семејно насилство.

Покрај останатото, Републиката обезбедува услови за планирање на семејството, како и за слободно и одговорно родителство. Во остварувањето на ова право, односно правото на слободно и одговорно родителство, родителите се должни да обезбедат оптимални услови за здрав раст и развој на своите деца, како во семејството, така и во општеството.

Издржувањето на децата претставува право и должност на родителите, како и на другите роднини утврдени со овој закон, како и на лицата кои живеат во брачна или вонбрачна заедница.

Преку старателството, Република Македонија на децата без родители и на малолетните деца без родителска грижа, под услови и начин утврдени со овој закон им обезбедува заштита.

Работите кои што се поврзани со посебната заштита и помош на семејството, семејното насилство, како и работите на старателството, утврдени во овој закон, ги врши Центарот за социјална работа со методите на стручната, советодавната, како и советувалишната интердисциплинарна тимска работа.

Во Законот за семејство, се регулираат правата и должностите на родителите кон своите деца, но и правата на децата.

Родителите имаат право и должност да ги издржуваат своите малолетни деца, да се грижат за нивниот живот и за нивното здравје, да ги подготвуваат за самостоен живот и работа, да се грижат за нивното воспитание, школување и стручно оспособување.

Детето има право да биде издржувано од своите родители, да биде згрижено, да биде заштитен неговиот живот и здравје, да биде оспособено за самостоен живот и работа, да му се обезбедат оптимални услови за негово воспитување, школување и стручно оспособување, зависно од условите на семејството (Закон за семејство, Член 46, Службен весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014).

Центарот за социјална работа врши надзор над вршењето на родителското право. Тој е должен да ги превзема сите неопходни мерки заради заштита на личноста, како и правата и интересите на детето. Секој граѓанин, орган или правно лице, веднаш штом дознае дека родителот не го врши родителското право или дека од други причини е потребна заштита на личноста, должен е веднаш да го извести Центарот за социјална работа.

Ако тоа го бараат интересите на детето, центарот за социјална работа ги предупредува родителите на недостатоците во воспитанието и развојот на детето и им помага детето правилно да го развиваат и воспитуваат, а може да ги упати тие самите или заедно со детето да посетат соодветно советувалиште или некоја друга здравствена, социјална или воспитна установа која може да им даде потребен совет (Закон за семејство, Член 85, Службен весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014).

Во Членот 87 од Законот за семејство се вели дека, Центарот за социјална работа со решение може да го одземе детето од едниот родител и да го довери на чување и воспитание на другиот родител, на некое друго лице или на соодветна установа, кога родителите, односно родителот кај кого детето живее го запостави детето во поглед на чувањето и воспитанието или кога постои сериозна опасност за неговиот правилен развој и одгледување.

На родителот кој го злоупотребува вршењето на родителското право или грубо го занемарува вршењето на родителските должности по прибавено мислење од центарот за социјална работа, му се одзема вршењето на родителското право со решение на судот, во вонпроцесна постапка.

Како злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности во смисла на ставот 1 од овој член, ќе се смета ако родителот:

- Спроведува физичко или емоционално насилство над детето;
- Полово го искористува детето;
- Го присилува детето на работа која не одговара на неговата возраст;
- Му дозволува употреба на алкохол, дрога или други психотропни супстанции;
- Го наведува детето на општествено неприфатливи поведенија;
- Го напуштил детето и подолго од три месеци не се грижи за детето и
- Ако на кој било друг начин грубо ги крши правата на детето.

На родителот може да му биде одземено вршењето на родителското право во поглед на сите деца или во поглед на некое од нив (Закон за семејство, Член 90, Службен весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014).

Центарот за социјална работа должен е да поведе постапка за одземање на родителското право, тогаш кога на кој било начин ќе дознае дека за тоа постојат причини кои што се утврдени со закон, односно кога ќе дознае дека постои опасност од злоупотреба на родителското право или пак опасност од грубо занемарување на родителските должности.

Законот за семејство забранува секаков вид на насилство меѓу членовите на семејството, без оглед на полот и возраста.

Според Член 94-б од Законот за семејство, под семејно насилство се подразбира: малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема:

- Брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство;
- Поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојувањето и старателството;
- Браќа и сестри, полубраќа и полусестри;
- Постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство и
- Лица - членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена.

Секогаш кога Центарот за социјална работа има сознание дека постои семејно насилство врз малолетно дете или лице со ограничена или одземена деловна способност, превзема мерки на заштита на жртвата на семејното насилство. Во овие случаи, Центарот ги превзема следните мерки на заштита:

- Обезбедува нужно сместување за лицето - жртва на насилството, кое може да трае најмногу шест месеци, со можност за продолжување за уште шест месеци;
- Обезбедува соодветна здравствена заштита;
- Обезбедува соодветна психо-социјална интервенција и третман;

- Ги упатува во соодветно советувалиште;
- Доколку децата во семејството се на редовно школување, помага за продолжување на редовното образование;
- Го известува органот за прогон;
- Покренува постапки пред надлежниот суд и превзема мерки кои произлегуваат од односите помеѓу родителите и децата;
- По потреба поднесува барање до судот за изрекување на привремена мерка за заштита и ;
- Превзема и други мерки за кои што ќе процени дека се неопходни за решавање на проблемот.

Во петтиот дел од Законот за семејството, се обработува делот за старателството, па од тука, според Член 124 од Законот за семејство, со старателството Републиката им дава посебна заштита на малолетните деца кои се без родителска грижа, како и на полнолетните лица на кои им е одземена или им е ограничена деловната способност. Републиката им обезбедува заштита и на малолетните лица жртви на трговијата со луѓе.

Старателството над малолетните лица во Законот за семејство е обработено во третиот дел и тоа во членовите 159, 160, 161, 162, 163 и членот 164 од истиот закон.

Под старателство ќе се стави дете без родителска грижа.

Дете без родителска грижа е дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чии родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права и должности (Закон за семејство, Член 159, Службен весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014).

Старателот на малолетното лице е должен да се грижи како родител за личноста на малолетникот, а особено за неговото здравје, воспитание, образование и оспособување за самостоен живот и работа (Закон за семејство, Член 160, Службен весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014).

Според Членот 163 од Законот за семејство, старателството над малолетното лице престанува со неговото полнолетство, со склучување на брак, со посвојување или кога ќе престане било која од причините утврдени во членот 159 од став 2 на овој закон.

Ако и по полнолетството, поради пречки во психичкиот развој лицето не е способно само да се грижи за себе и за своите права и интереси старателот или Центарот за социјална работа ќе поведат постапка тоа лице по друг основ да биде ставено под старателство (Закон за семејство, Член 164, Службен весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014).

Исто така, во Законот за семејство опфатено е и старателството над малолетните лица - жртви на трговија со луѓе. Па така, во Членот 177-а од Законот за семејство се дефинира Дете - жртва на трговија со луѓе.

Дете - жртва на трговија со луѓе е малолетно лице до 18 години кое со или без негова согласност, на кој било начин, станало жртва на трговија со луѓе заради експлоатација (Закон за семејство, Член 177-а, Службен весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014).

Во ситуациите кога постои несигурност во однос на возраста на жртвата и кога постојат одредени причини да се верува дека тоа е дете, се смета дека е дете и додека се чека да се потврди неговата возраст, му се изрекуваат мерки на заштита коишто се предвидени за дете - жртва на трговија со луѓе.

Во момент кога Министерството за внатрешни работи идентификува малолетно лице - жртва на трговија со луѓе, има должност да го извести Центарот за социјална работа, при што тој веднаш превзема мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето и го става под старателство.

Како старател на дете - жртва на трговија со луѓе, може да се постави само лице кое што е обучено за работа со деца - жртви на трговија со луѓе.

Според член 177-д од Законот за семејство, старателот на малолетното лице - жртва на трговија со луѓе е должен да се грижи за правата и интересите на детето под старателство како родител, а особено треба да ја чува тајноста на идентитетот на детето, како и да ја чува тајноста на идентитетот на семејството.

Старателот на дете - жртва на трговија со луѓе, во заштитата на детето, е должен да:

- Обезбеди детето да добие здравствена и психо-социјална помош и заштита;
- Го придружува детето до безбедното место на згрижување;
- Обезбеди за детето целосна и навремена правна помош и заштита;
- Извади лични документи за детето;
- Обезбеди детето да ги добие сите информации на својот мајчин јазик;
- Помогне во процесот на пронаоѓањето и враќањето на детето во семејството или враќање во земјата на потекло;
- Превземе мерки за продолжување на образованието;
- Биде во постојан контакт со центарот за социјална работа
- Доставува редовно извештаи за превземените дејствија и
- Превземе други мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето, водејќи се секогаш од најдобриот интерес на детето (Закон за семејство, Член 177, Службен весник на РМ, бр.153 од 20.10.2014).

Лицето поставено за старател на детето - жртва на трговија со луѓе, може со претходно добиено одобрение од Центарот за социјална работа да ги превземе и следниве активности:

- Да го смести детето кај другиот родител, друго лице или установа;
- Да го промени местото на престој на детето;
- Да го врати детето во своето матично семејство;

- Да го врати детето во својата матична држава;
- Да му обезбеди здравствена и психо-социјална помош;
- Да донесува одлуки и превзема дејствија кои што се од важност и значење за животот, здравјето и личноста на детето.

**Закон за заштита на децата**

Социјалните права на децата во законската регулатива на Република Македонија се утврдени во повеќе законски прописи, кои се во надлежност на повеќе државни органи. Република Македонија е мала држава и остварувањето на надлежностите на власта мора да претставува систем на централизирани и децентрализирани решенија, кои ќе оставаат доволно простор за влијание врз развојот на дејностите од непосреден интерес за децата, а со тоа и на локалната самоуправа.

Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика (Закон за заштита на децата Член 2, ст.1 Службен весник на РМ, бр.23 од 14.02.2013).

Државата како основен носител на заштитата на децата, согласно расположливите финансиски можности, за одредени групи на деца дава определена материјална помош на родителите за издржување, подигање, грижа и заштита на децата, но во исто време и финансиски го поддржува организирањето и функционирањето на јавните установи и служби за заштита на децата.

Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата (Закон за заштита на децата Член 2, ст.2 Службен весник на РМ, бр.23 од 14.02.2013).

Законот за заштитата на децата што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 февруари 2013 година, претставува еден од фундаменталните закони со кој е опфатена и регулирана заштитата на децата, нивните права, како и нивните интереси. Со овој закон се уредува системот и организацијата на заштитата на децата.

Според членот 2 од Законот за заштитата на децата, заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водењето на хумана популациона политика. Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата.

Заштитата се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици за заштита на децата.

Овој закон поаѓа од принципите на заштита на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, како и обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на било каква форма на дискриминација и слично.

Според член 9 од Законот за заштита на детето, во обезбедувањето на заштитата на детето и неговите права утврдени со закон се вклучени: родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство, како и од установите за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, државните институции и институции на единиците на локалната самоуправа, организации и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање на поддршка и помош на децата.

Поимот дете се дефинира во членот 11 од Законот за заштита на децата, при што како дете, во смисла на овој закон, се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и лица со пречки во телесниот и менталниот развој до наполнети 26 години живот.

Во членовите 12, 13, 14 и 15 од Законот за заштита на децата, се опфатени забраните за дискриминација по секакви основи, облиците за секаков вид на злоупотреба на децата, како и забраната за вклучување на децата во вооружени судири и нивно регрутирање во единици кои изведуваат воени и други дејствија.

(1) Се забранува секоја форма на дискриминација врз основа на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповеста, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, културна или друга припадност, имотната состојба, онеспособеноста, раѓањето или друг статус на детето или на неговиот родител или законски старател.
(2) Се забрануваат сите облици на сексуално искористување и сексуална злоупотреба на децата (вознемирување, детска порнографија, детска проституција), насилно подведување, продажба или трговија со децата, психичко или физичко насилство и малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување, сите видови на експлоатација, комерцијално искористување и злоупотреба на децата со кои се кршат основните човекови слободи и правата на детето.
(3) Државата и институциите на системот ги превземаат сите мерки за заштита на децата од нелегалната употреба и секоја злоупотреба на детскиот труд во нелегалното производство и трговија со опојни дроги, психотропни сипстанции и прекурзори.
(4) Се забранува злоупотреба на децата поради политичко или верско организирање и дејствување.
(5) Се забранува вклучување на децата во вооружени судири и нивно регрутирање во единици кои изведуваат воени и други дејствија.
(6) Државата и институциите на системот се должни да ги превземат сите потребни мерки за да ги обезбедат правата на детето и за спречување на сите облици на дискриминација и злоупотреба без оглед на местото каде што се извршени овие дејствија, тежината, интензитетот и нивното времетраење.

(7) Секој граѓанин е должен да пријави пред надлежен орган каква било форма на дискриминација, злоупотреба и искористување на дете во облиците наведени во ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член и тоа веднаш по стекнувањето на сознание за настанот (Закон за заштита на децата Член 12 Службен весник на РМ, бр. 23 од 14.02.2013).

Членот 13 од Законот за заштита на децата, забранува секаков вид на директна или индиректна дискриминација и малтретирање во остварување на правата и облиците на заштита на децата утврдени со овој закон.

Според податоците од 2012 година од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Скопје во врска со примената на Законот за правда за децата (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013), се укажува дека кон децата и малолетниците во ризик и нивните семејства во најголема мерка се превземале мерките на помош и заштита согласно Законот за социјална заштита и Законот за правда за децата, а притоа отсуствувале примената на мерки предвидени со Законот за семејство. Според ова теренско истражување, податоците покажуваат дека главните фактори на ризик се социјалната исклученост и сиромаштијата. Но, имајќи ги и во предвид статистичките податоци за стапката на сиромаштија и невработеност, бројот на семејствата во ризик е значително поголем од податоците со кои што се оперира во системот на социјална заштита. Голем дел од овие семејства живеат во импровизирани живеалишта, без основни услови за живот. Немаат вода, струја и канализациона мрежа. Живеат во една просторија, со влага и лоши хигиенски услови. Возрасните членови на домаќинствата се невработени и најчесто средствата за егзистенција ги обезбедуваат преку просење, собирање старо железо, собирање на пластика и слично.

Во едни вакви тешки услови, децата се соочуваат со низа на ситуации во кои што не можат да ги уживаат своите законски права. Голем број од нив, најголем дел од своето време го минуваат на улица, несоодветно облечени и без соодветна родителска грижа. Заради недостатокот на финансиски средства и заради недостатокот на здравствена едукација, во најголемиот број на случаи, во исхраната на домаќинствата недостасуваат основните продукти кои што се неопходни за правилниот раст и развој на децата. Само еден мал дел од овие деца посетуваат предучилишни установи. Но и основното образование, иако е бесплатно и е задолжително во нашата земја, голем дел од децата под социјален ризик не го посетуваат. Нивото на свест кај родителите за важноста на образованието е на многу ниско ниво.

Во однос на реализацијата на базичните права, како посебно загрозена група од овој аспект се децата кои што не се запишани во матичната книга на родени. Овие деца се исклучени од здравствениот, образовниот, но и од социјалниот систем со што најдиректно се изложени на најсурови услови на живеење, без минимални услови за задоволување на нивните основни биолошки, психолошки и социјални потреби. Министерството за труд и социјална политика оперира со некој број на овие деца кои што не се евидентирани во матичната евиденција на родени, но Меѓаши според своите податоци тврди дека овој број е многу поголем.

Според одередни податоци од 2012 година, Народниот правобранител констатирал одредени повреди на правата и најдобриот интерес на децата во семејството, установите и институциите кои што треба да се грижат за децата. Потешкотиите во остварувањето на правата на децата од различни области, се забележани и заради тоа што сеуште децата не се третираат како субјекти со посебни права, интереси и обврски, не се вклучуваат во донесувањето на одлуки кои што се однесуваат на нивните права и интереси, односно, многу малку се посветува соодветно внимание на мислењето и ставот на децата од страна на субјектите кои треба да се грижат за почитување на основните принципи на недискриминација, најдобриот интерес и учеството на децата (Народен правобранител, 2013).

**Закон за основно образование**

Со Законот за основно образование (Службен весник на РМ, бр. 98/15) се уредува задолжителното основно образование што се остварува во основните училишта, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем.

Членот 2 од Законот за основно образование вели дека секое дете има право на основно образование.

Во истиот член се наведува дека се забранува дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование.

Основното воспитание и образование имаат свои цели кои што се регулирани и точно одредени во Членот 3 од Законот за основно образвание (Службен весник на РМ, бр.98/15). Како цели на основното воспитание и образование се наведуваат следниве:

- Стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование;
- Хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности;
- Развивање на писменоста и способносите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;
- Развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик;
- Развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за сопствените постапки;
- Воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права;

- Развивање свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на сопствениот национален и културен идентитет;
- Воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции;
- Усвојување општи и применливи знаења кои овозможуваат самостојно креативно дејствување во општествената и природната околина и развивање способности за расудување и за изразување во уметноста и културните традиции;
- Развивање способности за истражување, експериментирање и решавање на проблеми;
- Вклучување и водење на грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби;
- Развивање на надареноста на учениците во различни области и
- Унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина (Закон за основно образование, Член 3 Службен весник на РМ, бр.98/15).

Згрижувањето и воспитувањето на деца од предучилишна возраст се реализира во детски градинки, како и во центрите за ран детски развој. Детската градинка може да се основа како јавна, но и како приватна установа. Во однос на времетраењето, според законот, таа остварува програми за целодневен и полудневен престој, скратени и пилот програми, како и вонинституционални форми за активности со децата од предучилишна возраст.

Основното образование во Република Македонија е задолжително и трае девет години. Тоа се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа: од прво до трето; од четврто до шесто и од седмо до деветто одделение. Воспитно-образовната работа во основните училишта се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, додека пак за учениците припадници на заедниците, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница.

Основните училишта во кои што се изведува основното образование можат да бидат општински или државни. Средствата со кои што се финансираат се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија по пат на блок дотации и наменски дотации, како и од сопствени извори на приходи. Министерството за образование и наука ја утврдува концепцијата за основно воспитание и образование.

Во однос на причините за нередовна посета на децата во основните училишта, можеме да кажеме дека причините за појава на проблемите поврзани со социјалната ексклузија на децата се комплексни и се взаемно поврзани. Токму тие се јавуваат како резултат на нискиот социо-економски статус на семејствата на децата, релативно високата стапка на невработеност, повеќегенерациските семејства, многудетноста, работната ангажираност на децата, малолетничките бракови, воспитната запуштеност на децата, нарушените семејни односи, социјалната загрозеност на децата како и необразованоста на родителите.

Секој родител или старател на детето, односно на ученикот, е должен да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание.

Во членот 6 од Законот за основно образование се опфатени учениците со посебни образовни потреби, па така, за учениците со посебни образовни потреби се обезбедуваат соодветни услови за стекнување на основно воспитание и образование во редовните и посебните основни училишта и имаат право и на индивидуална помош за стекнување на основното образование и воспитание.

За децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство се организира настава за учење на македонскиот јазик и култура, а за припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик и на мајчиниот јазик, во согласност со меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

На децата на граѓаните на Република Македонија кои престојувале во странство и се вратиле во Република Македонија каде што го започнуваат, односно продолжуваат основното образование, основните училишта се должни да им помогнат во изучувањето на мајчиниот јазик.

Исто така, и за децата со странско државјанство или деца без државјанство кои што престојуваат во Република Македонија, имаат право на основно образование под еднакви услови како децата државјани на Република Македонија.

(1) Воспитно-образовната работа во основното училиште се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
(2) За учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедица, на начин утврден со овој закон.
(3) Учениците од ставот (2) на овој член задолжително го изучуваат и македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Закон за основно образование (Службен весник на РМ, бр. 98 од 2015).

Основното образование се организира и се остварува во основно училиште.

Според членот 10 од Законот за основно образование, основното образование се организира и остварува и во здравствени установи, социјални установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи.

Основното образование за учениците со посебни образовни потреби се организира и остварува во посебни основни училишта и во посебни паралелки при редовните основни училишта.

Членот 11 од Законот за основно образование, го забранува секое политичко и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја.

Според член 45 од Законот за основно образование:

(1) Детето со поаѓањето во основно училиште стекнува статус на ученик;
(2) Ученикот ја следи наставата и учествува во другите активности утврдени со наставниот план и програми за основно образование и воспитание.

Родителот или старателот, своето дете во прво одделение во основно училиште го запишува во месец мај за следната учебна година. При самото запишување, родителот/старателот е должен да достави потврда за применитe задолжителни вакцини за детето, издадена од надлежната здравствена установа.

Во прво одделение на основното училиште родителот е должен да го запише детето кое до крајот на календарската година ќе наполни шест години. По исклучок, детето може да се запише во прво одделение, доколку наполни шест години до 31 јануари наредната година, по претходно барање на родителот и добиено мислење од педагогот или психологот во училиштето. Запишувањето на детето на барање на родителот, здравствената установа може да го одложи за една година ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште.

Според член 51 од Законот за основно образование:

(1) Родителот има право детето со посебни образовни потреби да го запише во основно училиште, освен во случаите кога посебните образовни потреби на детето се такви што тоа треба да следи настава во посебно основно училиште.
(2) Начинот и условите за запишување на учениците со посебни образовни потреби во основните училишта го утврдува министерот, по предлог на Бирото (Закон за основно образование Член 51. Службен весник на РМ, бр.98/15).

Според член 58 од Законот за основно образование:

(1) На ученикот кој наполнил 16 години му престанува обврската за редовно основно образование со истекот на учебната година.
(2) По исклучок, од ставот (1) на овој член, по барање на родителот или ученикот, а по мислење на училишниот педагог или психолог, ученикот кој наполнил 16 години може да го продолжи образованието до навршување на 17 години.
(3) Ученикот од став (2) на овој член го задржува статусот на ученик ако го продолжи школувањето како возрасен ученик, согласно со закон.
(3) На ученикот со посебни образовни потреби кој наполнил 20 години му престанува обврската за редовно основно образование со истекот на учебната година (Закон за основно образование Член 58. Службен весник на РМ, бр.98/15).

Секој ученик кој што не ги извршува обврските, а притоа и ги повредува правилата на воспитно - образовната работа се применуваат некои од следните педагошки мерки: усна опомена, укор, писмена опомена, намалување на поведението, преместување на ученикот во друга паралелка и преместување на ученикот во друго основно училиште.

Според Законот за основно образование, секое дете - ученик, има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште. Исто така, учениците со посебни образовни потреби, како и лицата за нивна придружба имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до основното училиште кое што детето го посетува.

Во делот од законот (Закон за основно образование, Службен весник на РМ, бр. 98/15) каде што се обработува делот за советување на родителите, во членот 64-а од истиот тој закон, родителот, односно старателот се упатува на советување ако:

- Ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќе предмети;
- Ученикот има направено повеќе од 100 оправдани изостаноци;
- Ученикот е недисциплиниран;
- Ученикот го навреди наставникот;
- Ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство;
- Ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување;
- Ученикот се однесува неморално или неетички;
- Во краток период на ученикот значително му опадне успехот.

Во вакви случаи, одделенскиот, односно раководителот на паралелката повикува на советување најмалку еден родител, односно старател, со покана упатена по телефон, по пошта или со лична достава.

Доколку станува збор за асоцијално или антисоцијално однесување, односно неморално или неетичко однесување на ученикот, пред да се испрати поканата на родителот или старателот на ученикот, се бара стручно мислење од Педагошката служба во училиштето.

Советувањето го врши психологот во училиштето, но доколку во училиштето нема вработено психолог, тогаш советувањето го врши педагогот.

Според членот 64-д од Законот за основно образование, ако родителот, односно старателот не се јави на советувањето и по третата покана се известува Центарот за социјална работа.

Воспитно-образовната работа во основното училиште ја остваруваат наставници, стручни соработници (педагог, психолог, социјален работник, дефектолог, библиотекар) и воспитувачи (Закон за основно образование Член 77. Службен весник на РМ, бр.98/15).

Воспитно-образовната работа во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта ја остваруваат наставници, дефектолози, библиотекари, воспитувачи, училишни педагози и психолози со соодветно високо образование (Закон за основно образование Член 79. Службен весник на РМ, бр.98/15).

**Закон за средно образование**

Со овој закон се уредува организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование, како дел од системот на воспитанието и образованието.

Според членот 3 од Законот за средно образование, средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон.

Средното образование во јавните средни училишта е бесплатно.

Не се дозволени дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба.

Воспитно – образовната дејност во средното училиште се изведува на македонски јазик и кирилско писмо.

Според членот 4 од Законот за средно образование:

За припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно - образовната дејност во јавните средни училишта се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница на начин и под услови утврдени со овој закон.

Учениците од став 2 на овој член задолжително го изучуваат и македонскиот јазик.

Во јавните средни училишта наставата може да се изведува и на еден од светските јазици.

Во приватните училишта наставата може да се изведува и на странски јазик (Закон за средно образование, член 4. Службен весник на РМ, бр.24/2013).

Според овој закон, странските државјани и лицата без државјанство можат да се здобијат со средно образование, на начин и под услови утврдени со овој закон.

Статус на ученик во средното образование се стекнува со запишување во средно училиште.

Статус на редовен ученик може да се стекне само во едно средно училиште.

Вонредни ученици се лица кои образованието го стекнуваат со самообразование, по пат на полагање испити за одреден план и програма во средното училиште.

Како вонреден ученик може да се запише лице кое исполнува еден од следниве услови:

- Да е постар од 17 години;
- Да е на боледување подолг период;

- Да му е изречена педагошка мерка отстранување од училиште;
- Да е во работен однос и
- Во други случаи утврдени со статутот на средното училиште (Закон за средно образование, член 41. Службен весник на РМ, бр.24/2013).

За учениците кои што имаат статус на редовен ученик во јавно средно училиште, се организира бесплатен превоз до училиштето под услов ако ученикот не се смести во ученички дом.

За учениците кои што користат сместување и исхрана во ученичките домови, не се организира бесплатен превоз до дома за време на викендите, освен за учениците со посебни образовни потреби, па така, ученикот со посебни образовни потреби и лицето за негова придружба имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до државното средно училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува редовната настава.

Во јавните училишта, како редовен ученик може да се запише лице кое не е постаро од 17 години, а ученик со посебни образовни потреби да не е постар од 25 години.

Во членот 44 од Законот за средно образование утврдено е следново:

Статусот на редовен ученик во јавното училиште престанува ако ученикот:

- го завршил средното образование;
- не се запише во роковите што се определени со статутот;
- се испише;
- неоправдано не ја посетува наставата континуирано 25 наставни дена во текот на наставната година;
- е на издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци;
- двапати повторува во текот на средното образование.

Во јавните училишта исто така се оценува и поведението на ученикот, па така поведението на ученикот се оценува како: примерно, добро и незадоволително.

Со законот за средното образование се утврдува и делот на советување на родителите, па така според членот 58-а, родителот односно старателот се упатува на советување ако:

- ученикот има направено повеќе од десет неоправдани или 100 оправдани изостаноци;
- ученикот е недисциплиниран;
- ученикот го навреди наставникот;
- ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство;
- ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување;
- ученикот се однесува неморално или неетички;
- во краток период на ученикот му опадне успехот.

Во случаи кога родителот, односно старателот не се јави на советувањето и по третата доставена покана, се известува Центарот за социјална работа.

Во делот на прекршочните одредби, во членот 109 од Законот за средно образование, глоба во износ од 2000 евра во денарска протвврედност ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот на малолетниот ученик ако ученикот не е запишан во средно училиште или нередовно го посетува училиштето.

Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родителот, односно на старателот за прекршок, ако не се јави во утврдениот термин за советување по втората упатена покана.

Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на родителот, односно старателот за прекршок, ако не се јави во утврдениот термин за советување по третата упатена покана.

**Закон за правда за децата**

Законот за правда за децата (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013), е закон со кој се уредуваат постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија кои што со закон се определени како прекршоци и кривични дела. Исто така со овој закон се определуваат и условите за примена на мерки на помош, грижа и заштита, воспитни мерки, како и алтернативни мерки за казнување на децата и помладите полнолетни лица. Се уредува и положбата, улогата и надлежноста на органите кои што учествуваат во постапувањето со децата, како и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казни. Исто така, со овој закон се уредуваат и мерките за заштита на децата жртви на дејствија, кои што со закон се предвидени како кривични дела, како и на децата сведоци, но и мерките за превенција на детското престапништво.

Целта на овој закон, како и целта на примената на истиот е остварување на приоритетниот интерес и заштитата на децата од криминал, насилство, но и на било кој облик на загрозување на нивните слободи и права, како и нивниот правилен развој, заштита на децата сторители на дејствија кои што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци но и од поврат на такви дела, нивна социјализација, воспитување и превоспитување, помош и грижа за децата и заштита во постапката пред судот и другите органи на нивните слободи и права загарантирани со Уставот на Република Македонија, со Конвенцијата за правата на детето и со другите меѓународни договори за положбата на децата, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

Во секоја постапка со дете, службен јазик е македонскиот јазик како и неговото кирилско писмо. Секое дете има право да биде информирано од страна на сите институции кои доаѓаат во контакт со него, за сите права, должности и одговорности кои што се пропишани со Конвенцијата за правата на детето како и сите други меѓународни документи за правата на децата, со овој и со други закони.

Детето има право да биде испитано, сослушано и подучено за правата во постапката, како и за самата постапка. Во секоја судска или вонсудска постапка во која детето учествува, има право активно да учествува во носењето на одлуки во неговиот живот, како и да даде свое лично мислење.

Според членот 6 од Законот за правда за децата, децата жртви на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела ги имаат истите права кои што ги имаат и полнолетните лица жртви пред, за време и по завршувањето на кривичната постапка, како и посебните права признати со Конвенцијата за правата на детето и сите други ратификувани меѓународни договори.

Сите деца кои што се жртви на дејствијата кои што со закон се предвидени како кривични дела, но и децата кои што се сведоци, уживаат засилена заштита но и поддршка од сите институции, органи и поединци во системот на правда за децата, се со цел да се сведат на минимум негативните последици врз нив од кривичното дело, како и да се спречи негативното влијание на постапувањето на институциите врз правилниот развој на детето, но и да се поттикнат децата да побараат заштита пред надлежен суд.

Најважната цел при постапувањето на судот и на другите институции во примената на одредбите од овој закон е остварување на најдобрите интереси на детето.

Според Законот за правда на децата, судот и другите институции во примената на овој закон се должни да ги почитуваат и обезбедуваат правата на децата без никаква дискриминација, без оглед на пол, раса, бојата на кожата, родот, припадноста на маргинализирана група, јазикот, државјанството, етничката припадност, религијата и верското учење, социјалното потекло, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус, возраста, менталната и телесната попреченост, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба или кој било друг основ кој што е предвиден со закон или со друг ратификуван меѓународен договор.

Детето секогаш има право на засилена заштита од мачење или други свирепи нечовечки или понижувачки постапки или санкции, па така ниту едно дете не смее да биде изложено на мачење или други свирепи нечовечки или понижувачки постапки.

Според член 10 од Законот за правда за децата, лишувањето на дете од слобода се применува само како последно средство во постапките и само под услови и во траење определени со овој закон.

Применувањето на мерките и санкциите кои што се утврдени со овој закон и постапувањето со децата, подредени се во нивен интерес за заштита, воспитување, превоспитување, како и правилен развој. Применувањето и извршувањето на санкциите и другите мерки треба да е секогаш прилагодено на возраста, личноста, потребите, како и на интересите на детето.

Секогаш кога се одлучува за примена на некоја од мерките и санкциите утврдени со овој закон, се дава апсолутна предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки. Секоја мерка или санкција која што му се изрекува на дете над 14 годишна

возраст, треба да одговара на неговата личност, тежината на дејствието кое што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок и неговите последици, потребата од неговото воспитување, превоспитување, образование и развој.

Членот 19 од Законот за правда за децата, дефинира одредени поими.

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

- Дете е секое лице на возраст до 18 години;
- Дете во ризик е секое дете кое наполнило 7, а не наполнило 18 години, со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува droги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело;
- Дете во ризик до 14 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдено парична казна или затвор над три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 7, а не наполнило 14 години;
- Дете во ризик од 14 до 18 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор до три години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 14, а не наполнило 18 години;
- Дете во судир со закон од 14 до 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години, наполнило 14, а не наполнило 16 години;
- Дете во судир со закон над 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејствието со закон предвидено како кривичнно дело за кое е утврдена казна затвор над три години, наполнило 16 години, а не наполнило 18 години;
- Дете жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело;
- Помладо полнолетно лице е лице кое во времето на пресудување за дејствие со закон предвидено како кривично дело наполнило 18, а не наполнило 21 година;
- Мерки се мерки на помош и заштита определени со закон кои не се состојат во одземање и ограничување на слободите и правата на децата поради сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело или прекршок или состојба на ризик, кои спрема детето, родителите /или/ от, односно старателите /или/ от може да ги примени суд или други органи определени со овој закон;

- Санкција е правна последица на дејствие со закон предвидено како кривично дело и прекршок, која се состои во помош и заштита или ограничување или одземање на определени слободи и права на дете од 14 до 18 години поради дејствие предвидено со закон како кривично дело или прекршок што ја изрекува суд во постапка определена со овој закон;
- Надлежен суд е судија за деца и совет за деца;
- Други специјализирани органи се центрите за социјална работа, јавното обвинителство, Министерство за внатрешни работи и установите за извршување на санкции за деца и
- Семејство се родителите / или / от, односно старателите / или/ от на детето, полнолетните роднини по крв во прва линија, брат или сестра, брачниот другар, како и други полнолетни лица со кои детето живее во заедничко домаќинство (Закон за правда за децата Член 19. Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Според овој закон, за секое дете кое што во време на извршување на дејствието кое што со закон е предвидено како кривично дело или како прекршок, не наполнило 14 години, неможе да се примени санкција утврдена со овој закон.

Според член 21 од Законот за правда на децата, спрема дете во ризик до 14 години и дете во ризик над 14 години се применуваат со закон предвидените мерки на помош и заштита, кои се од најдобар интерес за детето и неговото воспитување и развој. Ваквите мерки на помош и заштита се мерки кои што се утврдени со закон и тоа во областа на образованието, социјалната, семејната, здравствената и во други облици на заштита.

Во третиот дел од Законот за правда за децата, во членот 34 од истиот закон:

(1) На дете од 14 до 16 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат само воспитни мерки.
(2) На дете од 16 до 18 годишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка.
(3) Дете од 16 до 18 годишна возраст може да биде ослободено од казна под општите услови определени со Кривичниот законик.
(4) На дете за дејствие кое со закон е предвидено како прекршок може да му се изречат прекршочни санкции определени со овој закон.
(5) На дете му се изрекуваат мерки на безбедност под условите определени со Кривичниот законик и со овој закон.
(6) Конфискација на имот и имотна корист и предмети прибавени со дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци на деца се врши согласно со општите услови утврдени со Кривичниот законик.

Секоја санкција која што се изрекува на детето треба да одговара на неговата личност, тежината на дејствието кое што со закон е предвидено како кривично дело или

како прекршок и неговите последици, потребата од неговото воспитување, превоспитување, образование и развој и сето тоа заради обезбедување и заштита на неопходниот интерес на детето.

Секогаш целите на воспитните мерки, алтернативните мерки, прекршочните санкции и казните е преку давање на заштита и помош на децата и со вршење на надзор над нив, со нивно стручно оспособување, како и со развивање на нивната лична одговорност да се обезбеди нивно воспитување, превоспитување и правилен развој.

Четвртата глава од Законот за правда за децата (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013) го обработува делот на воспитните мерки.

На секое дете над 14 годишна возраст за дејствие кое што со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат следниве воспитни мерки и тоа:

- Укор или упатување во центар за деца;
- Засилен надзор од страна на родителите/или/от, односно старателите/или/от, згрижувачко семејство или од страна на центарот;
- Заводски мерки упатување во воспитна установа или во воспитно - поправен дом.

Според член 39 од Законот за правда за децата, укор се изрекува само ако е доволно прекорување на детето за стореното дејствие, при што на детето ќе му се укаже на штетноста од неговата постапка и притоа ќе се предупреди дека во случај на нејзино повторување спрема него може да се изрече и друга санкција.

Упатување во центар за деца е мерка која судот ја изрекува тогаш кога е потребно со краткотрајни мерки да се изврши влијание врз личноста и поведението на детето.

Мерката на засилен надзор од страна на родителите/или/родителот, старателите/или/старателот тогаш кога тие пропуштиле, а биле во можност даврщат надзор над детето.

Ако родителот, односно старателот на детето не е во можност да врши надзор над него или ако тоа основано неможе да се очекува од него, детето ќе му се предаде на згрижувачко семејство кое сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него. Извршувањето на оваа мерка престанува тогаш кога родителите или старателите на детето ќе се здобијат со можноста да вршат засилен надзор над него.

Во случај кога родителите/или/родителот, односно старателите/или/старателот не се во можност да вршата засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење на ваков надзор, детето ќе се стави под надзор на центарот. Центарот во ваков случај ќе го смести детето во воспитна установа и ќе се грижи за неговото школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на приликите во кои живее.

Според Член 44 од Законот за правда за децата, при изрекувањето на некоја од воспитните мерки на засилен надзор, судот може на детето да му одреди една или повеќе посебни обврски ако тоа е потребно за поуспешно извршување на изречената мерка. Судот на детето може да му ги одреди некоја од следниве обврски:

- Да му се извини лично на оштетеното лице;
- Да ја поправи или да ја надомести штетата предизвикана со стореното дејствие;
- Редовно да го посетува училиштето;
- Да не изостанува од работното место за деца над 15 години;
- Да се оспособи за работа што одговара на неговите способности, наклонетости и физичка сила за деца над 15 години;
- Да прифати работа за деца над 15 години;
- Да му забрани употреба на алкохолни пијалоци, дрога и други психотропни супстанции;
- Да се упати во соодветна здравствена установа или советувалиште;
- Полезно да го користи слободното време;
- Да не контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност;
- Да се остручи или преквалификува заради задржување на работното место што го зазема или за создавање претпоставки за вработување за деца над 15 години;
- Да се вклучи во работа на хуманитарна организација, комунална, еколошка или невладина организација;
- Да се вклучи во одредена спортска, културно-забавна организација или здружение со обврска да ги посетува редовно пробите или тренинзите;
- Да му се забрани движење без придружба на неговите родители/или/от, односно старатели/или/от од 22:00 часот до 5:00 часот.

Во воспитна установа може да се упати само дете врз кое што потребно е да се обезбеди постојан надзор од страна на стручни лица и сето тоа заради воспитување, превоспитување и правилен развој на тоа дете. Во ваквата воспитна установа, детето може да остане најмалку шест месеци, а најмногу три години.

Кога станува збор за упатување на дете во воспитно-поправен дом, според членот 46 од Законот за правда за децата, дете спрема кое треба да се применат потрајни и засилени мерки за воспитување и превоспитување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, судот може да го упати во воспитно-поправен дом. При одлучувањето дали судот ќе ја изрече оваа мерка, посебно се зема во предвид природата и тежината на стореното дејство, како и тоа дали спрема детето порано биле изрекувани воспитни мерки или казна затвор за деца.

Во воспитно-поправниот дом детето останува најмалку една година, а најмногу пет години, односно до наполнети 23 години (Закон за правда за децата Член 46. Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Во петтата глава од Законот за правда за децата се обработува делот за казнување на децата, како и видовите на казни за деца над 16 годишна возраст.

На дете над 16 годишна возраст кое што е кривично одговорно, може да му се изрече казна само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривична одговорност не е оправдано да се изрече воспитна мерка. На дете над 16 годишна возраст, можат да му се изречат следниве казни:

- затвор за деца;
- парична казна;
- забрана за управување со моторно возило од определен вид или категорија и
- протерување на странец од земјата.

(1) Затворот за деца може да се изрече само како главна казна.
(2) Затворот за деца може да се изрече на дете кривично одговорно над 16 годишна возраст кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор од пет години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот и притоа не би било оправдано да се изрече воспина мерка.
(3) Затворот за деца неможе да биде пократок од една ниту подолг од десет години, а се изрекува на полни години или на половина година.
(4) При одмерувањето на казната судот неможе да изрече затвор за деца во траење подолго од казната пропишана за тоа дело, но судот не е врзан за најмалата пропишана мера на таа казна (Закон за правда за децата Член 51. Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

На дете над 16 годишна возраст кое што е кривично одговорно за сторено дејствие кое што со закон е предвидено како кривично дело, може да му се изрече некоја од следниве алтернативни мерки и тоа:

- Условна осуда со заштитен надзор;
- Условно прекинување на водење на постапка спрема детето и
- Општокорисна работа.

Во петтиот дел, глава шеснаесетта од Законот за правда за децата се обработува делот за заштитата на деца жртви на кривични дела и сведоци во кривичната постапка. Од тука, според член 145 од истиот закон..

(1) Детето жртва на кривично дело ги има следниве права:
- Со него да се постапува со почитување на неговото достоинство,
- Да биде заштитено од секаква дискриминација,
- Да биде известено за своите права на јазик разбирлив и соодветен на неговата возраст, како и почитување на правото на приватност,
- Да бидат информирани родителите/или/от, односно старателите/или/от за сите прашања во врска со кривичното дело и во врска со осомничениот, обвинетиот и осудениот,

- Детето, односно родителите/или/от, односно старателите/или/от, да учествуваат во кривичната постапка како оштетен со приклучување кон кривичниот прогон или за остварување на имотното барање за штета,
- На посебна заштита на неговата безбедност и на безбедноста на неговото семејство, грижа и внимание од страна на органите и субјектите кои учествуваат во кривичната постапка,
- Право на посебна заштита од секундарна виктимизација или ревиктимизација и
- Право на психолошка и друга стручна помош и поддршка од страна на органи, установи и организации за помош на деца жртви за кривични дела (Закон за правда за децата Член 145 Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Во делот на посебните права на процесната заштита се вели дека детето има право на посебни мерки на процесна заштита при давањето на исказ и испитувањето во сите фази на постапката. Потребно е судот да определи посебна мерка на процесна заштита во случаите кога детето жртва има потреба од посебна грижа и заштита или кога детето е жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба, како и на кривични дела против човечноста и меѓународното право или други тешки дела сторени спрема деца за кои со закон е утврдена казна затвор над четири години.

Како посебни мерки на процесната заштита при давањето исказ, судот може да определи:

- Користење на екрани за заштита на жртвата и сведокот од погледот на обвинетиот,
- Прикривање на идентитетот или на изгледот,
- Давање исказ преку видеоконференција,
- Отстранување на тогите и капите,
- Исклучување на јавноста,
- Видео и аудио запис на исказот кој ќе се користи како доказ,
- Видео и аудио запис од распитот кој ќе се користи како доказ,
- Земање исказ преку посредство на стручно лице,
- Употреба на посебни технички средства за комуникација и
- Заштита на приватноста на детето и на неговото семејство (Закон за правда за децата Член 147. Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Детето жртва и детето сведок на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба, како и дејствија што со закон се предвидени како кривични дела против човечноста и меѓународното право, како и за други дејствија што со закон се предвидени како кривични дела кои поради нивната природа, последиците или други околности го прават детето посебно чувствително, односно се наоѓа во посебно тешка душевна состојба, соочување меѓу детето и осомничениот, односно обвинетиот не е дозволено (Закон за правда за децата Член 150. Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Заштитата на децата како жртви и како сведоци во кривичната постапка се обезбедува согласно со одредбите од Законот за правда за децата, Законот за кривична постапка и Законот за заштита на сведоците.

**Закон за локална самоуправа**

Во Член 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 24.01.2002) во првиот дел - делот на општите одредби се уредуваат надлежностите на општината, непосредното учество на граѓаните во одлучувањето, организацијата и работата на органите на општината, општинската администрација, актите на органите, имот - сопственост на општината, надзор над работата на органите на општината , распуштање на советот на општината, механизмите на соработка меѓу општините и Владата на Република Македонија, месната самоуправа, заштита на локалната самоуправа, утврдување на службени јазици во општините и други прашања кои што се од значење за локалната самоуправа.

Законот за локална самоуправа точно ги определува домените каде што општините се надлежни за вршење на работите, па оттука можеме да кажеме дека општините се надлежни за:

1. Урбанистичкото планирање (урбано и рурално), издавањето на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;
2. Заштита на животната средина и природата, каде спаѓаат мерките за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење;
3. Локалниот економски развој;
4. Културата - поддршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слично, организирање на културни манифестации, како и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;
5. Спорт и рекреација - развој на спортот и рекреативните активности, организирање на спортски активности и манифестации, одржување и изградба на спортски објекти, како и поддршка на спортските сојузи;
6. Социјалната заштита и заштитата на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување), остварување на социјална грижа за инвалидните лица, децата без родители и родителска грижа, деца со воспитно - социјални проблеми, деца со посебни потреби, деца од еднородителски семејства, деца на улица, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на сите претходно споменати надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита на Република Македонија;

7. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;
8. Здравствена заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, надзор над заразните болести, помош на пациенти со специјални потреби (пример: ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области;
9. Спроведување на Подготовки и превземање на мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

**Закон за здруженија и граѓански фондации**

Во членот 1 од Законот за здруженија и граѓански фондации (Службен весник на РМ, бр. 52 од 16.04.2010) се определува предметот на законот па така, со овој закон се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во Република Македонија , имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес.

(1) Правото на слободно здружување се остварува преку здружување во здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации за остварување на нивните цели, дејности и заштита на права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и закон.
(2) Се забранува основање на организација ако програмата и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост превзема активности поврзани со тероризам, превзема активности кои се спротивни на Уставот или закон и се повредуваат слободите и правата на други лица (Закон за здруженија и граѓански фондации Член 4. Службен весник на РМ, бр.52 од 16.04.2010).

Според Членот 74 од Законот за здруженија и граѓански фондации (Закон за здруженија и граѓански фондации Член 4. Службен весник на РМ, бр.52 од 16.04.2010) како дејности од јавен интерес се утврдени и опфатени следниве:

- Развој на демократијата, граѓанското општество и човековите права;
- Помош и заштита на лица со физички или ментален хендикеп, лица со попреченост во развојот и лица со посебни потреби;
- Заштита на деца и младинци;
- Заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување;

- Заштита од злоупотреба на дрога, сексуално преносливи болести, малолетничка деликвенција, алкохолизам, проституција и трговија со луѓе;
- Здравство, унапредување на здравјето и медицинска грижа;
- Аматерски спорт.

## 3.3. Стратегии

Во однос на стратегиите усвоени се следните стратешки документи кои што опфаќаат различни аспекти на детската заштита, како што се:

- Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021;
- Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020;
- Националната стратегија за деинституционализација 2008-2018;
- Националната стратегија за еднаквост и недискриминација по основ на етничка припадност, возраст, ментална и телесна попреченост и пол 2012-2015;
- Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015;
- Националната стратегија за домување 2007-2012;
- Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018;
- Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020;
- Програмата за социјална инклузија 2008-2018;
- Акциониот план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија 2009-2012;
- Акциски план за деца на улица 2013-2015;
- Акциониот план за борба против трговијата со деца во Република Македонија 2015-2017;
- Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво 2010-2020.

### Национална стратегија за превенција на малолетничко престапништво (2010-2020)

*Државен совет за превенција на детско престапништво на Република Македонија

Формирањето на општинските совети за превенција на детското престапништво е регулирано со членовите 158 и 159 од Законот за правда за децата (Службен весник на РМ бр. 148/2013).

Општинските совети за својата работа, најмалку еднаш годишно го известуваат советот на општината, односно Градот Скопје и ДС за превенција на детско престапништво.

Државниот совет за превенција на детско престапништво според податоците, анализите и сознанијата од работата од терен, дошол до заклучок дека апсолутно неопходно е да

се помогне на општините на територија на Р. Македонија да формираат општински совети со што ќе се развијат сопствени програми.

Државниот совет за превенција на детско престапништво во РМ, во својот годишен извештај за работа за состојбите во областа за правото на детето и детското престапништво во 2015 година, укажува дека појавата на повторништво во извршувањето на кривични дела кај децата е посебно загрижувачки феномен. Токму од тие причини, ДС со подршка од Министерство за Правда и надворешните експерти Г. Бужаровска и С. Димитријоска, спровеле истражување за ризик факторите за повторништво кај децата заради подобра превенција на детското престапништво. Со претходно споменатото истражување се дефинира самата појава на повторништво, се лоцираат ризик фаторите кои што се причина на повторништвото, како и се добива еден прецизен профил на детето повторник.

Спроведеното истражување ги дало следниве резултати: децата повторници се од машки пол на возраст од 13 години, по националност Македонци или Роми кои се неписмени или се ученици во средно училиште, а 33% од анализираните деца-повторници започнале со извршување на кривични дела на возраст под 14 години. Најчесто децата повторници вршат кривични дела во група со други деца или полнолетни сторители, а најзастапени се кривичните дела против имотот (Годишен извештај за работата на државниот совет за превенција на детското престапништво и за состојбите во областа за правата на детето и детското престапништво во 2015 година, стр. 11).

Ризик-факторите во комбинација создаваат мултидимензионален и комплексен сет од фактори, а како такви се следниве: како фактор број еден се јавува дисфункционалното семејство, но и негативното влијание на врсниците и не соодветното институционално постапување. Од тука се појавува потребата од интервенција на повеќе нивоа и тоа, најпрво кај детето и неговото семејство, а потоа и на ресурсите во локалната заедница со градење на мрежа на поддршка согласно индивидуланите потреби на децата.

Според Државниот совет, согласно добиените резултати од истражувањето, се посочуваат следните препораки и предлози за идни активности:

1. Подобрување на законската регулатива;
2. Отварање на советувалишта за родители во и надвор од центрите за социјална работа;
3. Активирање на воспитната мерка - Упатување во центар за деца;
4. Активирање на специјализирани згрижувачки семејства за сместување на дете со воспитно-социјални проблеми или дете сторител на кривично дело или прекршок;
5. Постојана едукација на стручните лица од надлежните институции кои работат со деца повторници;
6. Координирана соработка на воспитно-образовните институции, институциите од областа на социјална и здравствена заштита, државните органи и семејството на детето и слично.

Државниот совет континуирано ја следи работата на воспитните установи за сместување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение, воспитно-поправните установи и затворот за деца. Токму во оваа насока Државниот совет дава насоки и препораки за надминување на одредени состојби кои ги загрозуваат правата на децата директно или индиректно.

## 4. Вонинституционални форми на заштита на децата во социјален ризик

Социјалните права на децата во законската регулатива на Република Македонија се утврдени во повеќе законски прописи, кои се во надлежност на повеќе државни органи. Република Македонија е мала држава и остварувањето на недлежностите на власта мора да претставува систем на централизирани и децентрализирани решенија, кои ќе оставаат доволно простор за влијание врз развојот на дејностите од непосреден интерес за децата, а со тоа и на локалната самоуправа.

Во Законот за семејство утврдено е правото на детето, тоа да биде издржувано од страна на своите родители, да биде згрижено, да биде заштитен неговиот живот и здравјето, да биде оспособен за самостоен живот и работа, со обезбедени оптимални услови за негово воспитување, школување и стручно оспособување.

Државата како основен носител на заштитата на децата, согласно расположливите финансиски можности, за одредени групи на деца дава определена метеријална помош на родителите за издржување, подинување, грижа и заштита на децата, но во истовреме и финансиски го поддржува организирањето и функционирањето на јавните установи и служби за заштита на децата.

Заштитата на децата уредена е со посебен закон, како организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите и на државата за планирање на семејството, обезбедување на услови и животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата и обврските на државата во создавањето на услови за водење на хумана популациона политика, давање соодветна материјална помош на родителите според можностите на државата за издржување, подигање, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување развој на установи и служби за заштита на децата.

Социјалната заштита е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита (Закон за социјална заштита, Член 2, Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Големиот број на промени во Република Македонија, како што се политичките, социјалните и економските промени, доведоа до зголемување како на бројот така и на самите категории на граѓани изложени на социјален ризик. Како резултат на сите овие промени, се повеќе и повеќе се зголемуваше потребата од користењето на услугите на социјална заштита. Од своја страна пак, за да може државата да излезе во пресрет на оваа сосотојба и да ги задоволи ваквите потреби, ги користи своите расположливи средства,

ресурси и капацитети, но истовремено ја користи и поддршката од граѓанскиот сектор, меѓународните организации и донаторите.

Самиот процес на деинституционализација подразбира активност за подготвување на корисниците сместени во установи за нивно враќање во биолошките семејства, или пак нивно сместување во некоја од формите на вонинституционална заштита на локално ниво. Со користењето на формите на заштита на локално ниво, се придонесува кон намалување на бројот на корисници сместени во установите од една страна, но и превенирање на потребата од нови сместувања во установи од друга страна.

Токму во оваа насока Министерството за труд и социјална политика превзеде активности за деинституционализација и како резултат на тоа донесен е Меморандум за разбирање, донесен и потпишан во 2000-та година, потпишан помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на УНИЦЕФ и Светската здравствена организација, во кој се вели дека нема да има прием на нови корисници во установите за социјална заштита. Паралелно со ова, истовремено се отпочна и со подготовка на дел од корисниците во Специјален Завод Демир-Капија, за нивно излегување од установата. Како резултат на оваа почетна спроведена промена, триесетина лица-корисници токму од оваа установа беа деинституционализирани.

Во почетната фаза на процесот на деинституционализацијата се придаде големо внимание на развивање на мрежата на згрижувачките семејства во преден план, како и за развивање на капацитетите, кои придонесуваат за пружањето на соодветна грижа на корисниците. Во истото тоа време, односно паралелно со тоа се започна и со развивање на формите на дневно згрижување на локално ниво при што се отворија и првите дневни центри за деца со интелектуална попреченост.

Министерството за труд и социјална политика, поаѓајќи како од претходно споменатите принципи, така и од досегашните позитивни резултати од веќе постоечките форми на вонинституционална заштита, ја утврди потребата од донесување и развивање на Стратегијата за деинституционализација во системот за социјална заштита (2008-2018).

Оваа Стратегија секако има свои цели, но како една од основните цели се јавува потребата за подигање на квалитетот на самите услуги од социјална заштита, како и создавање на услови за приближување на услугите до корисниците на локално ниво. Оваа цел ќе може да се постигне преку развој на постојните и на нови вонинституционални форми на заштита и преку трансформација на постојниот систем на институционалната заштита.

Погоре споменатата Стратегија за деинституционализација поаѓа од одредени принципи, кои како што претходно напоменавме се зацртани како во домашните, така и во меѓународните документи. Како принципи спомената во Стратегијата за деинституционализација се наведуваат:

* *Најдобриот интерес на корисникот (детето)*

Видот и обемот на социјалната заштита, се планира согласно можностите, потребите и потенцијалите на корисникот, а притоа поаѓајќи и водејќи сметка за најдобриот интерес на корисникот на социјалната заштита.

* *Право на живот во семејството*

Овој принцип подразбира дека вонинституционалните форми на локално ниво овозможуваат поддршка на семејствата во грижата за своите деца, при што се прават напори истите подолго да останат во своите биолошки семејства, со што се намалува потребата од непотребно одвојување на децата од своите родители, доколку тоа не е неопходно.

* *Граѓански права, еднаквост на можности и недискриминација*

Овој принцип од Стратегијата за деинституционализација подразбира дека секој граѓанин на нашата држава, без разлика на полот, возраста, религијата, етничкото потекло, попреченоста и слично, има право на иста социјална помош или исти социјални услуги како и сите останати граѓани.

* *Заштита од секаков вид на насилство, злоупотреба и занемарување*

Сето она што ќе се превземе како активност во рамките на Стратегијата ќе се заснова на принципите на почитување на детските и на човековите права, како и заштита од секаков вид на насилство, злоупотреба и занемарување.

* *Инклузија и интеграција*

Вонинституционалните форми на заштита треба да обезбедат вклучување и учество на корисниците во сите активности кои што се од секојдневниот живот во локалната заедница и притоа да ги заштитат корисниците од секаов вид на социјална исклученост.

* *Партнерство*

Државата, сите вонинституционални социјални услуги кои што ќе ги дава на граѓаните, ќе ги развива градејќи партнерство со најразлични организации од граѓанскиот сектор, како и бизнис секторот на локално, но и на централно ниво.

* *Мултисекторска соработка*

Самиот термин соработка ни кажува дека во развивањето на социјалните вонинституционални услуги, ќе се обезбеди вклученост на сите релевантни фактори како што се надлежните министерства, невладините организации, верските организации и други ресурси на ниво на локалната заедница, а за координирањето и планирањето на самите активности, ќе се изготват посебни протоколи за постапување и за соработка.

* *Квалитет на социјалните услуги*

Како при проценката, така и при самото планирање на социјалните услуги, задолжително треба да се земат во предвид мислењето на децата, но секако и на нивните родители, доколку корисниците на социјалните услуги се секако деца. Државата е таа кој што треба да обезбеди социјални услуги кои што пред се ќе нудат квалитет и однапред ќе ги имплементираат пропишаните стандарди со добро обучени професионалци.

Стратегијата за деинституционализација има утврдено и своја целна група. Како целна група се јавуваат: децата без родители и децата без родителска грижа, децата со воспитно социјални проблеми, децата со пречки во интелектуалниот или физичкиот развој.

Сето она што е прецизирано во Стратегијата за деинституционализација, како документ, треба да придонесе за што е можно поквалитетна и поцелосна социјална заштита. Истовремено, се наложува и потребата од проценка на улогите и одговорностите на локалната и на централната власт, но и зајакнување на партнерствата помеѓу државата, локалните власти, приватниот и граѓанскиот сектор во обезбедувањето на услугите од областа на социјалната заштита.

Крајната цел е да се утврдат социјалните потреби, но и да се промовираат нови форми на заштита кои што ќе понудат пред се висок квалитет на услуги, достапни на граѓаните во местото на живеење преку кои ќе се олесни интеграцијата на одредени групи на корисници.

Целта на Стратегијата за деинституционализација е подигнување на квалитетот на грижата за одредени категории на граѓани кои што се изложени на социјален ризик и кои се утврдени како целни групи, преку реализирање на процесот на деинституционализација.

Оваа Стратегија претставува рамка за развивање на квалитетен, достапен, одговорен и пред се сеопфатен систем на социјална заштита. Социјалната политика во нашата заемја, како креатор, се стреми кон креирање на најразлични форми на заштита на различни категории на лица кои што имаат потреба од тоа. Затоа, оваа Стратегија преку стратешките политики обезбедува поддршка на лицата кои имаат потреба од помош како во рамките на своите семејства, така и во рамките на своите згрижувачки семејства или пак преку другите форми на вонинституционална заштита кои што се организирани во нивното место на живеење, наспроти грижата која што се обезбедува во институциите.

Успешноста на имплементацијата на Стратегијата, односно на Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита во Република Македонија (2008-2018), се гледа преку следниве индикатори, кои се мерливи, а тоа се:

1. Намалување на бројот на децата кои што се одвоени од своите биолошки семејства.
2. Намалување на бројот на деца кои што се сместуваат во установите за социјална заштита.
3. Зголемување на бројот на услугите за поддршка на семејствата, како и зголемување на бројот на корисниците на истите тие услуги (се мисли на децата и на нивните семејства).
4. Зголемување на бројот на згрижувачките семејства, како и зголемување на бројот на деца сместени, т.е. згрижени во згрижувачките семејства.
5. Постојан раст на бројката на новоотворени дневни центри.
6. Пораст на бројот на деца кои што се деинституционализирани и нивно сместување во згрижувачки семејства, но и враќање на дел од нив во своите билошки семејства, со обезбедена поддршка на семејствата.
7. Отворање на мали групни домови, како една од формите на вонинституционална заштита и сместување на одреден број на деца во нив.
8. Отворање на дом семејства и сместување на одреден број на деца.
9. Голем број на изготвени и ревидирани планови за индивидуален третман - работа со корисник.
10. Постојан број во пораст на деца со поддршка за осамостојување и вработување по излегувањето од некои од институциите.
11. Зголемен број на деца кои се опфатени во системот на заштита чии резултати во поглед на психофизичкиот развој, стекнатите вештини, знаења и односи, со семејството и заедницата се подобри од оние кои се постигнувани во претходните години.
12. Трансформација на сите Установи за социјална заштита.

Сите деца имаат право да бидат заштитени. Иако семејствата се места кои што се претпочитаат за децата, понекогаш односите помеѓу родителите и децата можат да се нарушат. Во таквите случаи, потребно е соодветните институции и нивните служби да понудат соодветно советување за децата и нивните семејства. Особено е важно ваквите услуги да им бидат достапни на сите деца без дискриминација. Семејната кохезија и хармонија и одбегнувањето на раздвоеноста на децата од нивните родители е од клучна важност, но постојат и ситуации во кои што околностите во семејството ја засегаат благосостојбата, сигурноста и иднината на децата, па така детето нема друга соодветна опција освен да биде поинаку згрижено надвор од сопствениот дом и родители.

Според Член 26 од Законот за Социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013) вонинституционалната заштита која што се остварува во или преку центарот за социјална работа опфаќа право на:

- прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита;
- помош на поединец и семејство;
- домашна нега и помош на поединец и на семејството;
- дневно и привремено прифаќање и згрижување како помош на поединец и семејство;

- сместување во згрижувачко семејство;
- сместување во мал групен дом и
- организирано живеење со поддршка.

- **Правото на прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита** го опфаќа согледувањето на самиот проблем кој што го има корисникот кој што произлегува од состојба на социјален ризик, како и укажување на корисникот за можните решенија на тој негов проблем, услугите кои му се нудат, како и средствата за негова заштита. Кон сето ова претходно наведено, во правото на прва социјална услуга, спаѓа и мрежата на установи кои што се надлежни за давањето на услуги на корисникот на социјална заштита.
- **Правото на помош на поединецот**, претставува и подразбира применување на најразлични форми на советувалишна, советодавна и стручна работа, со која што на корисникот му се овозможува стекнување на голем број потребни информации, му се овозможува оспособување за самостојно одлучување, како и развој и зачувување на социјалните потенцијали.
- **Правото на помош на семејството**, подразбира давање на стручна помош на членовите на семејството за надминување на некоја настаната семејна криза, како во брачните односи, така и во односите на релација родител-дете, но и стручна помош и оспособување на истото тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневното живеење и функционирање.
- **Правото на домашна нега и помош на поединец и на семејство** подразбира обезбедување на нега на изнемоштено, старо лице и лице со телесна попреченост, лице со тешка и длабока ментална попреченост, лице кое што не е во можност само да се грижи за себе и токму поради тоа, потребна му е нега и помош во задоволувањето на неговите егзистенцијални потреби. Правото на домашна нега и помош овие лица имаат право да ги добијат и тогаш кога живеат со своите семејства.
- **Правото на дневно и привремено прифаќање и згрижување** како помош на поединец и семејство се обезбедува на повеќе категории на лица. Според Член 31 од Законот за Социјална заштита, право на дневно згрижување во дневен центар се обезбедува на:
    - лице со умерена и тешка попреченост во менталниот развој и на лице со телесна попреченост кое неможе само да се грижи за себе;
    - дете со телесна попреченост;
    - дете на улица;
    - лице кое употребува, односно злоупотребува droги и други психотропни супстанции и прекурзори и на членовите на неговото семејство и
    - лице кое злоупотребува алкохол или се лекува од зависност од алкохол и на членовите на неговото семејство.

Исто така, правото на згрижување во центрите за дневно и привремено прифаќање и згрижување се обезбедува и на следниве категории на лица:

- бездомници;
- лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции и прекурзори;
- жртви на семејно насилство;
- жртви на трговија со луѓе (Закон за социјална заштита Член 31 Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

- **Право на сместување во згрижувачко семејство**, има лице кое што нема услови за живеење во своето семејство или пак од некои други причини му е потребно сместување во згрижувачко семејство. Правото за сместување во згрижувачко семејство, се обезбедува на:
  - ***Дете без родители и дете без родителска грижа*** (во период до оспособување за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средното образование, односно шест месеци по завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбедат на друг начин);
  - ***Дете со воспитно-социјални проблеми*** (занемарено, социјално необезбедено и злоставувано дете***) и дете жртва на семејно насилство***;
  - ***Дете сторител на кривично дело или прекршок***;
  - ***Лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега;***
- **Правото на живеење во мал групен дом** има можност да го искористи дете без родители или дете без родителска грижа, дете со воспитно-социјални проблеми, со пречки во менталниот или телесниот развој, лице со ментална или телесна попреченост, кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство, кое нема семејство или од други причини му е потрбно сместување во мал групен дом.
- **Правото на организирано живеење со поддршка** имаат лицата со ментална или телесна попреченост, децата без родители и без родителска грижа, како и децата со воспитно-социјални проблеми. Организираното живеење со поддршка се остварува преку самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица, со постојана или повремена помош од стручни лица. Помошта се дава во однос на остварувањето на основните животни потреби, социјалните, работните, рекреативните, културните и други видови на потреби на корисникот.

## 4.1. Вонинституционални форми на заштита на деца во социјален ризик

Во нашата земја сеуште има недостиг од точни и сигурни податоци во однос на прашањата поврзани со детската заштита. Иако податоците кои тука се искористени се постари, сепак проценката е дека во периодот во 2008 година имало над 28000 деца во ризик на кои што им била обезбедена различна социјална заштита во земјата. Во овој број биле вклучени децата кои што биле во контакт со законот, децата кои биле жртви на семејно насилство, децата жртви на негрижа и злоупотреба, децата лишени од родителска грижа, како и децата кои потекнуваат од сиромашни домаќинства, односно

домаќинства кои се корисници на социјална заштита (Извор: Завод за социјални дејности, 2008).

Најголемиот дел, односно околу 95% од децата на улица се Роми. Од сите расположливи податоци, речиси сите деца на улица имаат свое семејство, но времето го минуваат на улица вршејќи најразлични активности како што се миење стакла на автомобили, просење и слично. Најголемиот дел од нив живеат во многу лоши услови, односно во импровизирани семејни живеалишта кои се со ограничен пристап до вода и струја, немаат здравствено осигурување, не одат на училиште, немаат пристап до редовни медицински услуги. Утврдено е дека сеуште е голем бројот на децата на улица кои што не се заведени при раѓање (Извор: Проценка на ситуацијата на децата на улица на УНИЦЕФ, 2005).

Нашата земја во 2006 - та година била втора во однос на највисоката стапка на деца во судир со законот во целиот регион, со акцент на казнување и старателски пресуди наместо врз превенција и рехабилитација (Извор: Изгубени во системот на правдата, Регионален извештај на УНИЦЕФ, 2007).

За најголемиот број на деца под ризик, времено или трајно лишени од примарни даватели на грижа се грижи државата преку најразлични услуги и форми на заштита.

Министерството за труд и социјална политика со поддршка на УНИЦЕФ, во 2007 година изготви Национална стратегија за деинституционализација на службите за детска заштита и оперативен план. Во тој период поддршката на УНИЦЕФ е во насока на зајакнување на мрежата на служби за детска заштита за деца лишени од родителска грижа. Ова подразбира зголемен број на згрижувачки семејства и нивно редовно следење и работа на терен и воспоставување на групни домови за деца лишени од даватели на примарна грижа. Во тој период се отворени и дополнителни осум дневни центри за деца со умерени пречки во развојот. Сите овие дневни центри во минатото биле финансирани со директна поддршка на УНИЦЕФ, но денес се целосно финансирани од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Во меѓувреме УНИЦЕФ обезбеди финансиска поддршка за Министерството за труд и социјална политика да го изготви Националниот акционен план за борба против трговијата со деца и да направи упатства за заштита и рехабилитација на децата жртви на трговија, како дел од Националниот механизам на упатување за трговија со луѓе.

**Вонинституционални форми на заштита на децата во социјален ризик се:**

1. Сместување во згрижувачко семејство;
2. Дневен центар;
3. Специјализирано згрижување (терапевтско згрижување или згрижување за третман);
4. Мал групен дом
5. Згрижување кај роднини
6. Организирано живеење со поддршка
7. Дневно и привремено згрижување

### 4.1.1. Сместување во згрижувачко семејство

Згрижувањето на децата изложени на социјален ризик во згрижувачко семејство е една од формите на заштита во делот на вонинституционалната заштита. Поголем број од децата кои се сместуваат во згрижувачки семејства се деца со посебни потреби. Ова најмногу е резултат на промовирањето на згрижувањето во семејство во процесот на деинституционализација на децата со посебни потреби кои, најчесто од разни причини, неможе да се вратат во своите биолошки семејства.

Згрижувањето на деца изложени на социјален ризик во згрижувачки семејства е тема која што, со поддршка на УНИЦЕФ, паралелно со процесот на деинституционализација, е предмет на интензивна промоција од 1998 година.

Системот на згрижување на децата во згрижувачки семејства во Поранешна Југословенска Република Македонија беше формиран во шеесеттите години, како дел од системот за социјална заштита. Згрижувањето на дете во згрижувачко семејство подразбира времено решение на згрижување во ситуации кога биолошкото семејство неможе да се грижи за своето дете. Очекуваниот резултат од згрижувањето е дека детето ќе се врати во своето биолошко семејство, кога ќе се нормализираат условите за тоа. Најголемиот број на деца влегуваат во системот на згрижување поради проблемите што ги доживуваат со својот родител или родители, но кои се очекува да бидат решени. Кога проблемите во домот резултираат со злоупотреба или занемарување на детето, интервенираат институциите и службите задолжени за заштита на децата и детето привремено го сместуваат во безбедна средина.

Згрижувањето на децата во згрижувачки семејства, кои имаат цел да бидат од времен карактер зависи од тоа дали и кога биолошките родители на децата под социјален ризик, ќе го подобрат својот капацитет за да се грижат за своите деца.

Сместувањето на помалите деца во згрижувачки семејства обично е поврзано со постоењето на комплексни проблеми во домот и во семејството. Многу често, некоја конкретна криза е причина за сместување во згрижувачко семејство. Постојат докази според кои, пред сместувањето на детето во згрижувачко семејство, голем број згрижувачки семејства функционирале на маргинални нивоа, соочувајќи се со бројни проблеми и стресови.

Во случаите на сериозно злоупотребување, занемарување и сексуална злоупотреба и повеќекратни инциденти на насилство, при што нема изгледи за подобрување на состојбата во биолошкото семејство, треба да му се даде приоритет на најдобриот интерес на детето.

Згрижувачките семејства во нашата земја ги исполнуваат своите обврски и обезбедуваат адекватна нега на децата сместени кај нив. Очигледно дека потребите на децата се целосно задоволени и дека децата растат во средина исполнета со љубов. Згрижувачките родители се вложуваат себе си и своите ресурси и капацитети, со високо

ниво на алтруизам и несебичност. Сето ова ни покажува дека процесот на селекција на згрижувачките семејства во најголем број на случаи е успешен.

На тема згрижувачки семејства нема направено голем број на истражувања, но сепак од голема важност е истражувањето направено од страна на асс. проф. Д-р. Сузана Борнарова од Институтот за социјална работа и социјална политика, кој што е насловен како Извештај од евалуација - згрижување во друго семејство. Оваа евалуација била спроведена со поддршка на УНИЦЕФ во 2007 година. Токму во ова истражување општата цел е евалуација на згрижувањето на децата под социјален ризик во згрижувачки семејства, односно проценка на соодветноста на грижата и заштитата на децата кои не се згрижени од страна на своите биолошки родители во рамките на постоечкиот систем и проценка на ефективноста на системот за социјална заштита за да ги идентификува, регрутира, поддржи, набљудува и да врши надзор над згрижувачките семејства на национално и локално ниво и тоа пред се со ставање на главен акцент на најдобриот интерес на детето.

Децата сместени во згрижувачки семејства се добро прилагодени, прифатени и за нив се води добра грижа во топла и пријатна средина.

Зголемен е бројот на децата кои влегуваат и остануваат во системот на згрижување во згрижувачко семејство и тоа најчесто се деца од следниве групи: деца со посебни физички и развојни проблеми или повеќекратни здравствени проблеми; деца од сиромашни семејства; деца без родители и слично.

Одреден дел од децата кои што се наоѓаат на поголема возраст, исто така можат да бидат сместени во згрижувачки семејства поради проблеми во однесувањето, извршување на некој криминал или насилно однесување. Сепак, за овие категории згрижувањето во друго семејство не се користи доволно како форма на заштита.

Во Република Македонија згрижувањето во згрижувачко семејство најмногу се применува за сместување на деца со посебни потреби кои што ја напуштаат институцијата, но и за деца без родители, а многу малку за времено сместување на деца кои се изложени на насилство, злоупотреба или занемарување.

За згрижувачките семејства карактеристично е да се спомене дека тие најчесто се во однос на долгорочна нега со своите згрижени деца, при што оваа ваква состојба многу повеќе одговара на посвојувањето како форма, отколку на згрижувањето и токму поради тоа згрижувачките родители немаат родителски права.

Паралелно со процесот на деинституционализација од 1998 година, биле воведени нови услуги за грижа во заедницата и истовремено биле зајакнати постоечките услуги на грижа во семејства, како што е сместувањето во друго семејство. Развивањето на формата згрижување во друго семејство е мониторирано од страна на Заводот за социјални дејности. Ваквите спроведени мониторирања ни ја отсликуваат проценката на згрижените семејства и децата, профилот на самите категории на деца кои се згрижени,

географската распределеност, како и други релевантни фактори од типот на надоместоците кои што им се даваат на згрижувачките родители односно семејства.

Згрижувањето на детето во згрижувачко семејство има за цел да биде од времен карактер, но сепак тоа зависи од тоа дали и кога биолошките родители на детето ќе го подобрат својот капацитет за да се грижат за децата. Проблемот на долготрајноста на згрижувањето можат да му се препишат на системот на згрижување на земјата, затоа што се чини дека децата најчесто се оставаат во привремено сместување, кое што со текот на самото време преминува во едно постојано сместување.

Згрижувањето во згрижувачко семејство е регулирано со Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013) како и со Правилникот за критериум за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисници кои можат да се сместат во згрижувачко семејство, видот и опфатноста на услугите за социјална заштита кои им се овозможуваат на лицата сместени во згрижувачко семејство, како и износот на надоместокот за сместување и нега.

Правото за сместување во згрижувачко семејство како не постојана и привремена форма на заштита која се овозможува од страна на центрите за социјална работа е предвидено во Законот за социјална заштита. Сместувањето во ова семејство се формализира со договор помеѓу Центарот за социјална работа од една страна, кои ги регулира улогите, одговорностите, правата, како и условите за прекинување или продолжување на договорот и згрижувачкото семејство од друга страна.

Правото за сместување во згрижуважко семејство е наменето за лица кои имаат неадекватни услови за живот или кои што имаат потреба од сместување тогаш кога не се достапни другите форми на заштита. Згрижувачките семејства имаат обврска да делуваат во согласност со договорот со Центарот за социјална работа и доследно и навремено да го информираат центарот за сите потреби кај згриженото дете, но секако и за сите поважни промени кај него.

Според Членот 32 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013) правото на згрижување, односно сместување во згрижувачко семејство има лицето кое нема услови за живеење во своето семејство или пак од некои други причини му е потребно згрижување во некое друго семејство.

Исто така според Членот 32, правото за сместување во згрижувачко семејство се обезбедува на:

- Дете без родители и дете без родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средно образование односно шест месеци по завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин;
- Дете со воспитно - социјални проблеми (злоставувано, занемарено и социјално необезбедено дете) и дете жртва на семејно насилство;
- Дете сторител на кривично дело или прекршок;

- Лице со умерени и тешки пречки во менталниот развој, лице со длабоки пречки во менталниот развој и лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно трајно згрижување и нега (Закон за социјална заштита Член 32. Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Во однос на згрижувачите, постојат определени критериуми кои што треба да бидат исполнети од нивна страна. Членот 32-а од Законот за социјална заштита ги предвидува критериумите за лице кое може да се јави како згрижувач:

- Да е полнолетно;
- Да е деловно способно;
- Да има општа здравствена состојба;
- Да не е постаро од 65 години;
- Да постои разлика во возраста помеѓу згрижувачот и сместеното лице од најмалку 18 години;
- Да не му е одземено или ограничено родителското право;
- Да не му е изречена осуда за кривично дело со казна затвор повеќе од шест месеци;
- Да има материјални и станбени услови за вршење на оваа функција;
- Да има завршена обука за згрижувач, спроведена од центарот врз основа на Програма за обука на згрижувачки семејства изготвена од Заводот за социјални дејности (Закон за социјална заштита Член 32-а. Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

Згрижувачкото семејство обезбедува сместување и згрижување на лицата во вид на:

- општо;
- специјализирано;
- интервентно и
- привремено згрижување.

* **Општо згрижувачко семејство:** обезбедува грижа за личноста, воспитувањето, образованието, здравствената состојба, како и секојдневните потреби за сместеното дете, секако во зависност од неговите потреби и возраста.

* **Специјализирано згрижувачко семејство:** обезбедува грижа за детето, негово воспитување, образование, здравствена грижа, како и грижа за секојдневните потреби за дете жртва на семејно насилство, дете со воспитно - социјални проблеми, малолетен сторител на кривично дело или прекршок, како и дете со попреченост во развојот.

* **Интервентно згрижувачко семејство:** претставува згрижувачко семејство кое обезбедува грижа за детето, негово воспитување, образование, здравствена грижа, како и грижа за секојдневните потреби на детето, во случаи кога е потребно итно згрижување на детето кое е грубо занемарено или злоупотребено, или пак, кога родителот/старателот е спречен да се грижи за детето поради болест или смрт. Згрижувањето во интервентно

семејство трае најмногу до 30 дена, во кој период центарот превзема мерки за понатамошна форма на заштита, согласно со најдобриот интерес на детето.

* **Привремено згрижувачко семејство:** обезбедува згрижување на дете со ментална или телесна попреченост кое живее со родител / старател, заради одмор, терапија, лекување и завршување на домашни, семејни, професионални обврски на згрижувачот, односно родителот / старателот. По престанокот на потребата од ваквото привремено згрижување, згрижувачкото семејство, односно родителот / старателот, ја продолжува грижата за детето.

Центарот за социјална работа го врши изборот на згрижувачкото семејство, како и го определува видот на сместувањето, и сето тоа во согласност со индивидуалните потреби на детето и неговата возраст, секако според најдобрите интереси на детето.

Семејството кое што се јавува како згрижувачко семејство има право на надоместок на трошоците за сместување на лицето, како и надоместок за згрижување.

Едно лице може да биде сместено во згрижувачко семејство врз основа на претходно склучен договор меѓу центарот за социјална работа и подносителот на барањето, односно самиот згрижувач. Со ваквиот договор се регулираат, односно уредуваат следниве работи:

- Начинот и условите за сместување и престанок на сместувањето на лице во семејството;
- Обемот и видот на социјалната заштита која му се обезбедува на лицето што се сместува во згрижувачко семејство;
- Висината на надоместокот за сместеното лице, која ги опфаќа трошоците на сместување и надоместокот за згрижување;
- Времетраењето на договорот, како и можноста за негово продолжување;
- Условите за раскинување на договорот;
- Отказниот рок за раскинување на договорот, кој за згрижувачот не може да биде пократок од три месеци;
- Случаите при кои престанува да важи договорот;
- Други права, обврски и одговорности.

Секогаш кога тоа го бараат интересите на лицето кое што се сместува во згрижувачко семејство, Центарот за социјална работа може еднострано да го раскине договорот и пред истекот на рокот кој што е утврден во самиот договор.

Активностите поврзани со сместувањето и згрижувањето на лицето во згрижувачко семејство, ги следи и координира Центарот за социјална работа, па од тука, згрижувачкото семејство е должно да постапува по однапред определени насоки од Центарот за згрижување на сместеното лице и навреме да го известува Центарот за сите промени и потреби на згриженото лице.

Во едно згрижувачко семејство може да се сместат најмногу пет лица, имајќи ги притоа можностите и условите за сместување на самото згрижувачко семејство.

Членот 36 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013) ги регулира месечните надоместоци за трошоците за сместеното лице, како и надоместокот за згрижување, па од тука:

- Надоместокот за трошоците за сместеното лице изнесува 5000 денари, а надоместокот за згрижување изнесува 1500 денари.
- Надоместокот за трошоците за сместување на дете без родители и родителска грижа и дете со воспитно - социјални проблеми на училишна возраст се зголемува за 500 денари и изнесува 5500 денари, а надоместокот за згрижување се зголемува за 500 денари и изнесува 2000 денари.
- Надоместокот за трошоците за сместување на дете со нарушено општествено поведение, се зголемува за 1000 денари и изнесува 6000 денари, а надоместокот за згрижување се зголемува за 1000 денари и изнесува 2500 денари.

Висината на надоместокот на трошоците за сместеното лице, како и надоместокот за згрижување, се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени во Државниот завод за статистика, во месец јануари за тековната година.

Во Членот 37, од Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013) се уредува износот на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и здравствена заштита за згрижувачите кои вршат згрижување на лице во своето семејство како професионална дејност. Овој износ го покрива и е на товар на Буџетот на Република Македонија.

Во случаи кога сместеното лице во згрижувачко семејство, користи згрижување во привремено згрижувачко семејство, надоместокот на трошоците за сместено лице и надоместокот за згрижување за периодот на сместување во привременото згрижувачко семејство, се исплаќа на тоа семејство (Закон за социјална заштита Член 38. Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013).

### ❖ Регрутирање на потенцијалните згрижувачки семејства

Како една од најважните фази во самото регрутирање на згрижувачките семејства е фазата на обезбедувањето на информации.

Во голем дел од градовите ширум нашата држава биле организирани кампањи за промовирање на згрижувањето. Голем дел од згрижувачките семејства кои и денеска се грижат за деца, биле регрутирани како резултат токму на тие кампањи. Од друга страна пак, во голем дел од случаите, а особено во помалите градови, новите згрижувачки семејства самите бараат информации од центрите за социјална работа за оваа форма на згрижување. Следниот чекор кој што треба да го направат потенцијалните згрижувачки семејства е да им достават на стручните лица во центрите за социјална работа неопходни

документи за да се регистрираат како потенцијални згрижувачи. По регистрирањето на семејствата од своја страна, центрите за социјална работа имаат за задача да ја проверат целокупната документација и да направат проценка на соодветноста на семејствата за потенцијалното згрижување на дете во нивното семејство.

Правилникот за згрижување ги содржи следните критериуми за избор на згрижувачките семејства:

- возраста на згрижувачките родители;
- степенот на образование на згрижувачките родители;
- здравствената состојба на згрижувачките родители;
- моралните подобности на згрижувачките родители;
- материјалната состојба на згрижувачките родители, како и
- условите за сместување.

Откако центарот за социјална работа ќе ја провери документацијата, пристапува кон посета на домот на семејството, при што меѓу другото прави увид и проценка на инфраструктурата и на други услови. Проценката на моралната подобност на членовите на згрижувачкото семејство е една од најбитните работи при проценката. Потребно е да се процени мотивацијата на потенцијалното згрижувачко семејство, зошто тие лица сакаат да станат згрижувачи, каков е нивниот став кон згрижувањето, квалитетот на партнерските односи, комуникацијата во семејството, квалитетот на родителската грижа кон нивните биолошки деца, квалитетот на семејните односи со поширокото семејство и средината во кој живеат, како и тоа како семејството го поминува своето слободно време.

Самиот избор на згрижувачките семејства, како и соодветниот надзор врз нивната работа се важни компоненти за успех на самото згрижување. Од клучна важност е да се спроведе проценка кај луѓето кои што се пријавуваат за да бидат можни згрижувачки родители. Ваквата проценка служи како една основа за селекција. Аналогно на тоа, потребно е да се засилат и домашните посети на потенцијалните згрижувачки родители и да се остваруваат разговори со нив со паралелна примена на понапредни техники и инструменти за проценка на истите. Проценката е во насока на проценка на нивната комуникација, мотивација, семејна кохезија и слично.

За згрижувачките семејства кои немаат згрижено дете подолг временски период, потребно е да се направи повторна проценка на истите.

Во секој случај приоритетно е да се зајакнат програмите за спречување на сместувањето надвор од домот. Доколку сместувањето надвор од биолошкото семејство е навистина неопходно, треба да се направи планирање на постојаноста, т.е. планирање на времетраењето на сместувањето и децата да се сместат во услови кои најмногу се доближуваат до моделот на живеење во семејството.

Децата кои што покажуваат знаци на проблематично однесување или страдаат од последици на преживеан пострауматски стрес, потребно е да им се даде помош пред

проблемите да ескалираат. Изготвувањето на индивидуален план за услуги треба да се воведе за да се утврди индивидуалната поддршка и услугите кои што ќе го подобрат развојот на детето.

Од многу голема важност е да се направат сите напори за рехабилитација на домот на биолошките родители и детето да се врати кај нив веднаш штом тоа ќе биде можно. Но, доколку не е можно враќање на детето во своето биолошко семејство, потребно е родителските права да бидат прекинати и да се бара посвоител за детето.

- **Информативни состаноци помеѓу потенцијалните згрижувачки семејства и центрите за социјална работа**

Центрите за социјална работа организираат состаноци за згрижувачките родители. Ваквите состаноци имаат информативен карактер и нивната цел е да ги подготват идните згрижувачки родители за нивните обврски и права, за можностите кои им се нудат при помош и решавање на проблемите, нивните очекувања, како и можните потешкотии во иднина.

Како клучен механизам за мониторинг, вработените во центрите за социјална работа, по сместувањето на детето во згрижувачко семејство го користат моментот на домашните посети. За време на посетата на семејствот во кое детето е згрижено особено внимание се обрнува на физичките услови на детето, при што се проценува здравјето на детето, можните евентуални видливи знаци на насилство врз детето, како семејството го прифатило детето и како детето го прифаќа семејството, какви се здравствените услови на детето, развојот на детето, неговото расположение, условите во домот, хигиената на детето и воопшто хигиената во домот, како и редовноста на детето во училиште.

Комуникацијата на вработените во центрите за социјална работа со згрижувачките семејства е речиси секогаш транспарентна и отворена, при што се овозможува решавање на проблемите во случаи каде тие постојат или би можеле да се појават.

- **Одржување на контакт со биолошкото семејство**

Според начелото за најдобриот интерес на детето, секогаш кога тоа е можно, биолошките родители и другите членови на семејството имаат право да ги посетуваат и да одржуваат контакти со децата. Но, за жал, ваквите посети речиси и да не се случуваат, но и кога ги има најчесто се проблематични, неочекувани, нередовни или ненајавени. Потребно е да се потенцира и да се одреди прецизно кога, каде, како, колку често, колку долго и од страна на кого детето ќе има посета. Многу е битно детето да одржува контакти со своите биолошки родители, роднини или други членови на семејството.

- **Помош на биолошките семејства на згриженото дете**

Поддршката на биолошките семејства најчесто е ограничена на обезбедување на финансиска поддршка, посети на детето и советување. Не се вложуваат доволно напори за да им се помогне на биолошките родители во можноста за надминување на состојбата која што била причина за сместувањето на нивното дете во згрижувачко семејство, како

и можноста за враќањето на детето во својот дом кај своите билошки родители. Помошта и поддршката на билошкото семејство останува ограничена дури и во ситуациите кога детето се враќа во своето билошко семејство и како последица на ова се утврдува ризикот од повторната интеграција на детето во биолошкото семејство во кое сеуште постои изворниот проблем, но за жал тој проблем сеуште не е идентификуван, токму поради непостоењето на одредени активности во насока на помош.

- **Сместување на децата во згрижувачки семејства и нивната етничка структура**

Мнозинството на згрижувачки семејства се етнички Македонци, додека пак мнозинството згрижени деца се Роми.

Постои стандардна практика која што се преферира во однос на згрижувањето на деца во згрижувачки семејства во однос на етничкото потекло. Ова е причината поради која децата се сместуваат во згрижувачки семејства кои што се со исто етничко потекло. Со ова се зголемува веројатноста дека детето ќе го задржи својот сопствен етнички идентитет, култура и обичаи. Но, сепак ова секогаш не е можно. Децата кои што се сместени во семејства од поинакво етничко потекло треба да добиваат поддршка, во смисла на поврзување на детето со својата биолошка култура, како и нејзино подобро разбирање.

- **Категории на деца и времетраење на згрижувањето**

Времетраењето на згрижувањето на децата во згрижувачки семејства зависи од проблемот заради кој што децата воопшто и се сместени во друго семејство, како и од целокупните услови кои што го детерминираат самото користење на една од формите на вонинституционална заштита. Центрите за социјална работа целосно работат во согласност со Правилникот за згрижување, па така во однос на максималниот број и категории на деца кои се сместуваат во едно згрижувачко семејство не треба да има повеќе од:

- 5 деца без родители и родителска грижа;
- 3 деца кои биле злоупотребени, занемарени или материјално необезбедени;
- 2 деца со асоцијално однесување;
- 2 деца со лесна и умерена интелектуална попреченост;
- 1 дете со тешка интелектуална попреченост.

Во едно згрижувачко семејство може најмногу да се сместат до пет лица, ако се роднини. Секогаш кога тоа е можно, потребно е да се направат напори роднините да останат заедно во едно исто згрижувачко семејство.

- **Фази на згрижување во згрижувачките семејства**

Самото згрижување на децата во згрижувачките семејства поминува низ неколку клучни фази. Фазите на спроведување на згрижувањето се следни:

- Промовирање на згрижувањето;

- Регрутирање на згрижувачките семејства;
- Проценка на капацитетите и подобноста на згрижувачките родители;
- Одобрување и регистрација;
- Обука на згрижувачките родители;
- Избор на згрижувачки родители за одредени деца и овозможување услови за нивно претходно запознавање со детето;
- Подготвување на згрижувачките родители и административни процедури;
- Подготвување на детето за сместување во згрижувачко семејство;
- Мониторинг на ефективноста на сместувањето во згрижувачко семејство во фазата на прилагодување;
- Обезбедување на поддршка;
- Престанок на згрижувањето.

❖ **Надомест за згрижување**

Згрижувачките семејства добиваат надомест за згрижување на дете кој што се состои од исплати за сместување и грижа за дете и од детски додаток. Овој надоместок зависи од категоријата на дете кое е сместено во згрижувачкото семејство. Вкупниот надоместок варира во зависност од возраста на детето сместено во згрижувачкото семејство.

Згрижувачките семејства добиваат и соодветни исплати за стоматолошки, медицински, училишни, како и трошоци за облека во вид на еднократна финансиска помош.

Дел од згрижувачките семејства сметаат дека надоместокот за згрижување не е адекватен за покривање на трошоците кои што ги имаат, особено кај згрижувањето на деца кои што се со посебни потреби. Негата кај оваа категорија на сместени деца бара време и посветување, но и расходите кои се поврзани со неа, секогаш ги надминуваат надоместоците. Реалните трошоци за згрижените деца неможат во целост да се покријат со надоместокот кој што се добива.

За децата со посебни потреби, трошоците за нега се значително поголеми од оние за здравите деца, бидејќи тие многу почесто имаат потреба од медицински прегледи, патувања до амбуланти или болници, како и за набавка на лекови или пелени.

Згрижувачките семејства треба да имаат поголем износ на домашни приходи за да можат целосно да одговорат на потребите на детето. Од веќе постоечките згрижувачки семејства, можеме да констатираме дека тие обично не се семејства кои имаат големи приходи, туку се семејства со задоволително ниво на приходи, кои што можат да ги задоволат барањата за згрижување.

- **Услови за сместување, пристап до услуги и благосостојба на сместените деца во згрижувачи семејства**

Соодветните услови за сместување, како и инфраструктурата во домовите на згрижувачките семејства се сметаат како многу важни за самиот квалитет на згрижувањето на децата. Задолжителни и едни од основните услови се пристапот до електрична енергија, вода и канализација. Ниедно од згрижувачките семејства кои водат грижа за деца со посебни потреби немаат направено значителна адаптација на својот дом, па од тука, сметам дека токму во оваа насока треба да им се даде поддршка на овие семејства во исполнувањето на ова барање и тоа особено на оние семејства кои што згрижуваат деца со посебни потреби.

Условите за сместување внимателно се земаат во предвид при процесот на регрутирање на згрижувачки семејства. Домовите на згрижувачките семејства имаат адекватен мебел, апарати во домакинството, како и соодветни хигиенски услови.

За децата згрижени во згрижувачките семејства се води соодветна грижа од страна на самите згрижувачки семејства. Соодветна е исхраната, а и општата лична хигиена е на задоволително ниво.

Здравствената грижа, стоматолошките и редовните превентивни здравствени посети се вообичаена практика. Родителите кои згрижуваат деца со попреченост даваат се од себе, секако во рамките на сопствените можности и во рамките на средствата кои што ги имаат.

Од друга страна пак, згрижувачките родители искусуваат и различни типови на стресни ситуации. Истите тие имаат потреба од поддршка за да останат во програмите за згрижување и се под ризик да бидат надвладеани од многуте проблеми со кои се соочуваат. Потребата на обука за поддршка и управување со стрес за згрижувачките родители е една многу битна работа, посебно кога станува збор за здравјето на згрижените деца. Иако грижата за децата во смисла на квалитет на условите за сместување, љубов од семејството, здрава исхрана и слично, се речиси беспрекорни, задоволувањето на специјализираните здравствени потреби на децата со посебни потреби не е на задоволувачко ниво.

Децата сместени во згрижувачки семејства немаат некои посебни проблеми во однос на обезбедувањето на континуитет во образованието, заради одвојувањето и промената на животната средина. Обезбедени се со потребната училишна опрема, учебници и слично, а децата кои што се од предшколска возраст со едукативни играчки, боенки, сликовници и други видови на забава соодветни за нивната возраст.

- **Социјални услуги и служби за стручна помош на згрижувачките семејства и децата сместени во нив**

Без соодветната стручна помош, не секогаш децата ја добиваат потребната професионална поддршка кој ќе им помогне да ги надминат проблемите при раздвојувањето. Но не секогаш само одвојувањето на детето од биолошкото семејство е

тоа што претставува закана за стабилноста на детето, туку честопати тоа се и трауматските околности кои што му претходеле на самото одвојување на детето од биолошкото семејство. Во некои случаи на недоброволно сместување, поради злоупотреба или занемарување од страна на родителите, одвојувањето може да се гледа и како кулминација на многу поранешни искуства на емотивни или физички трауми кои што се предизвикани од однесувањето на возрасните. Одвојувањето како процес најчесто резултира со тоа што детето не им верува на возрасните. Ваквите животни искуства на занемарување или злоупотреба, можат да придонесат кон слаб развој на детето, зголемен стрес како и намалена способност за решавање на секојдневните предизвици што ги носи животот.

Сите деца и ситуации се различни, па од тука и секоја одлука за сместување е различна. Сето ова бара да се направи една детална анализа на меѓусебно поврзаните влијанија на голем број на фактори кои играат битна улога во утврдувањето на најдобрата форма на сместување на секое дете и семејство.

Во најголемиот број на случаи децата се добро прифатени, постои однос на грижа и љубов помеѓу згрижените деца и семејствата. Но, и другите членови на семејството, како што се биолошките деца кои живеат во истиот дом, исто така имаат воспоставено блиски односи со згрижените деца кои што впрочем се третираат на ист начин како да се нивни биолошки браќа и сестри.

Ваквото згрижување им овозможува на децата здрава, сигурна и секако безбедна средина. Згрижувачките семејства успешно овозможуваат висококвалитетна грижа за згрижените деца.

Згрижените деца искажуваат задоволство од школувањето како и задоволство од згрижувачките родители, кои што им помагаат во завршувањето на училишните задачи, како и воопшто задоволство од самото семејство кое што ги згрижило и комуникацијата која се остварува помеѓу нив.

На згрижувачките родители им е потребна помош и поддршка во однос на справувањето со многубројните предизвици со кои што се соочуваат, како и во ситуациите на тешкотии кои неможат да ги решат без стручна помош. Ваквата поддршка треба да постои во сите фази на згрижувањето, од подготвителната фаза за сместување, преку самото згрижување, па се до крајот, при прекинувањето на згрижувањето.

Сите предизвици со кои што се соочува згрижувачкото семејство, може да се решаваат со подобрена стручна поддршка и со мобилизирање на ресурсите на заедницата за поддршка на згрижувачките родители на локално ниво. Отворената комуникација помеѓу згрижувачките родители и стручните лица од центрите за социјална работа претставуваат одредена поддршка за згрижувачите семејства кои имаат потреба од помош. Блискоста, взаемната доверба и разбирање помеѓу згрижувачките семејства и вработените во центрите за социјална работа, придонесуваат за успешно решавање на проблематичните ситуации.

Од друга страна пак, многу важен елемент за поддршка на згрижувачките семејства се и домашните посети од страна на вработените во центрите за социјална работа. Истите тие се користат како можност згрижувачките родители да се консултираат со вработените, да ги споделат своите позитивни искуства, како и да побараат професионална помош за потешкотиите со кои се соочуваат. Комуникацијата помеѓу згрижувачките родители, згрижените деца и вработените во центрите за социјална работа дополнително ја зајакнува блискоста на самите односи помеѓу нив.

Обуката на згрижувачките семејства има многу важна улога врз квалитетот на згрижувањето. Недостатокот на обука на згрижувачките родители пред да се случи сместувањето може да се утврди како една од главните причини за претходно утврдените недостатоци, кои сами по себе го намалуваат квалитетот на згрижувачката нега. Поради недостатокот од обука, може да се случи раните знаци на предупредување за евентуални проблеми во однесувањето да не бидат препознаени и адекватно решавани. Специјализираните обуки за згрижувачките родители е нешто што е од огромно значење. Обуката е од суштинско значење за згрижувачките родители да се подготват за можните потенцијални проблеми со детето кое го згрижиле и да научат некои од техниките за надминување на потешкотиите.

Секогаш кога кај некое од згрижените деца ќе се откријат и утврдат некои проблеми, тие се однесуваат на згрижувачките семејства со деца со посебни потреби кои немаат соодветна обука и подготовка за клучните причини за таквите потешкотии. Потребна е соодветна обука која ќе се заснова на акредитирани програми за едукација, специјализирани за решавање на проблемите при згрижување на деца со посебни потреби, деца без родители, деца со проблеми во однесувањето, деца жртви на насилство и слично. Сите овие се области за кои што е потребно да се обезбеди најголема поддршка на згрижувачките семејства во нивното соочување со проблемите и изнаоѓање на соодветни решенија.

**Промовирање на згрижувањето и поддршка на згрижувачките семејства**

За промовирањето на згрижувањето воопшто, потребно е да се спроведуваат редовни кампањи како на локално, така и на национално ниво. Сето ова е за да се привлече јавното мислење и да се привлечат потенцијални згрижувачки семејства.

Исто така од голема важност е континуирано да се пласираат и дистрибуираат општи информации за згрижувањето, да се изготват прирачници и упатства за згрижување, наменети за згрижувачките семејства, како и други информативни материјали за пошироката јавност. Идентификувањето на згрижувачките семејства може да се прави преку отворени повици или преку специјализирани програми за регрутирање. Повиците можат да бидат: општи, за регрутирање на згрижувачки семејства за сите видови згрижување на деца; специфични, за згрижување на одредени категории на деца, на пример деца со посебни потреби, деца со проблеми во

однесувањето; или пак целни, каде што имаме регрутирање на згрижувачки родители за одредно дете.

Згрижувачките семејства во нашата земја релативно ги исполнуваат своите обврски и притоа обезбедуваат адекватна нега на децата кои што се сместени кај нив. Потребите на сместените деца во целост се задоволени и детето расте во средина која што е исполнета со љубов. Згрижувачките родители се вложуваат како себе си, така и целокупните ресурси со кои што располагаат. Внесуваат високо ниво на несебичност и алтруизам. Сето ова ни покажува дека процесот на селекција на згрижувачките родители во најголемиот број на случаи е успешен.

Потребно е постојано и континуирано да им се пружа помош и поддршка на згрижувачките родители кај кои што има сместено дете на чување. Но, со оглед на тоа што згрижувачките семејства немаат за цел да бидат трајно решение за децата, на згрижувачките родители може на прво место да им се помогне околу тоа да им се излезе во пресрет на нивните посебни потреби, да работат со училиштата, да ги прифатат комплексностите во нивниот однос со биолошките родители и со нивните посети, за на крај да им се овозможи да се вратат кај своите родители на еден природен и лесен начин, тогаш кога за тоа ќе дојде време.

Од особена важност е да им се даде професионална поддршка на згрижувачките семејства кои што се грижат за деца со посебни потреби.

**Превентивни услуги за детето, биолошкото семејство и згрижувачкото семејство**

Општо земено можеме да заклучиме дека постои одреден недостиг на услуги за поддршка на семејствата кои што се соочуваат со потешкотии. Ваквите услуги би им помогнале на семејствата и би ги поддржале напорите на стручните лица за да го спречат одвојувањето на детето од своето биолошко семејство. Отстранувањето на детето од домот и неговото сместување во згрижувачко семејство, без оглед дали се работи за времено или трајно сместување, по се изгледа дека не се користи како последна мерка откако сите други обиди за детето да се грижат неговите биолошки родители се покажале како несоодветни или недоволни. Недоволната превенција, која треба да се овозможи на биолошките семејства на овие дечиња најчесто резултира со отстранување на детето од домот, нешто што треба да биде последна мерка во заштитата на детето.

Потребно е да се обезбедат социјални услуги за семејствата кои што имаат деца во социјален ризик од занемарување, злоупотреба или кои што имаат бунтовно или деликвентно однесување. Ваквата помош треба да им овозможи на семејствата да го отстранат ризикот за децата, наместо да го отстранат детето од својот дом.

Најбитно е да се задржат децата во своите биолошки семејства секогаш кога тоа е можно и секако секогаш кога тоа е безбедно за самото дете. Програмата за зачувување во семејството се покажала како доста успешна и ефикасна кај семејства кои имаат проблеми во односите родител-дете и дете кое има проблеми со однесувањето. Сето ова

може да има добра улога и кај семејствата кои што имаат дете со проблем во менталното здравје.

Услугите за зачувување на детето во семејството се најефикасни секогаш кога се спроведуваат во комбинација со уште некои други дополнителни услуги кои што ги компензираат несоодветностите во родителската грижа или секогаш кога се неопходни надополнувања во однос на таа грижа. Сето ова треба да го надополни нормалниот раст и развој на детето и тоа во сопствениот дом и секако во своето биолошко семејство.

Потребата за зачувувањето на детето во семејството има потенцијал да им помогне на многу семејства да го избегнат непотребното сместување на детето во друго семејство. Интензивната семејна терапија, советувањето, едукацијата, обуката за вештини и слично, се различни видови на модели на помош на семејствата кои се од исклучителна важност.

Посебно внимание треба да се посвети на прекинувањето на згрижувањето. Прекинувањето треба да се случи тогаш кога е тоа во најдобар интерес на детето. Самиот процес на прекинување треба да вклучи повеќе битни елементи, како што се состаноци со згрижувачките родители, директен раговор со згриженото дете и сл., но и во рамките на транзициониот план треба да се вклучат активности за дополнителна поддршка на децата и на згрижувачките родители.

**Добросостојба на згриженото дете**

Во случаите каде што постои сериозна злоупотреба и занемарување на детето во рамките на своето биолошко семејство и каде што не постојат можности за повторно обединување на семејството, ретко, па дури и никогаш не се превземаат иницијативи за заштита на детето и работењето во негов најдобар интерес, преку прекинување на родителските права на неговите биолошки родители.

Згрижувачките родители истакнуваат дека за нив најтежок период е токму почетниот период на згрижување. Во овој период се соочуваат со најголем број на потешкотии, при што е потребна голема поддршка како за згрижувачките родители, така и за самите деца. Во овој период потребни се директни интервенции, терапии и советувања токму поради прилагодувањето по згрижувањето.

На децата кои што влегуваат во системот на згрижувањето потребно е да им се овозможи стручна помош и тоа во смисла на нивно подготвување за одвојување од биолошкото семејство. Детето не треба да биде сместено во згрижувачко семејство доколку не се изготвени подготвителни програми и доколку не биле организирани доволен број на заеднички состаноци помеѓу детето и згрижувачките родители. Во оваа почетна фаза потребно е домашните посети од страна на вработените во Центрите за социјална работа да бидат почести. Поддршката на децата пред нивното згрижување ќе ги задоволи специфичните емотивни потреби на децата и ќе помогне во нивното

прилагодување. Од тука се потенцира потребата за зајакнување на стручната работа со децата за време на периодот на згрижување.

Повеќето од децата во системот на згрижување влегуваат поради трајна попреченост, претходни истории на злоупотреба, занемарување или сексуални злоупотреби, како и повеќекратни инциденти на насилство.

Ваквите деца добро се згрижени во згрижувачките семејства и во истите се задоволуваат нивните основни потреби, но сепак постои потребата од активности за подобрување на нивната социјализација како и културниот живот.

Сите деца имаат потреба и право да знаат дека нивниот интегритет е сочуван и секогаш кога е тоа можно, потребно е на децата да им се дозволи да разговараат со своите биолошки родители и да одржуваат контакти со биолошките семејства, но секако кога тоа е во најдобриот интерес на детето. Мора да се обезбеди отворена комуникација и да се спречи детето да биде втурнато во евентуален конфликт помеѓу биолошките родители и згрижувачките родители. Од огромна важност е врската помеѓу децата и нивните родители, па дури и ако тие се меѓусебно разделени.

Самиот контакт родител-дете може од своја страна да го зајакне социјалното функционирање, бидејќи само така детето ќе го има чувството на сигурност дека не е отфрлено, но во исто време ќе им се помогне и на родителите и на децата да разберат зошто детето не може да живее дома со своите биолошки родители и со самото тоа ќе се спречи идеализирањето во позитивна или негативна смисла на родителот од страна на детето и ќе помогне во одржувањето на односот родител-дете.

За сите згрижени деца треба да бидат развиени активности за социјализација, културни и забавни активности и настани.

Во случаите на сериозно занемарување, злоупотреба и слично, таму каде што нема изгледи за подобрување на состојбата на биолошкото семејство, треба да му се даде приоритет на најдобриот интерес на детето.

### Обука на згрижувачките родители

Згрижувачките родители не секогаш се во можност да ги препознаат и соодветно да одговорат на потребите на детето што го згрижиле. Понекогаш згрижувачките родители не се свесни за специфичностите на самите околности кои ги искусило самото дете што го згрижиле, а особено за детето кое е со посебни потреби.

На згрижувачките семејства, односно на згрижувачките родители треба да им се даде специјализирана обука за згрижување, која што ќе биде спроведена од обучени стручни лица, специјализирани за третман и нега на деца со посебни потреби, на деца кои што се во судир со законот, деца-жртви на семејно насилство, деца без родители и слично. Тимот од искусни обучувачи треба да опфати и дефектолози, психијатри,

медицински лица, како и други релевантни специјалисти и сето тоа во зависност од категоријата на згрижените деца.

### 4.1.2. Дневен центар

Покрај институционалната заштита во нашата земја, развиени се и нови форми на неинституционална, односно вонинституционална заштита. Најзначајното достигнување во развивањето на алтернативните облици на грижа е ширењето на мрежата на Дневните центри за децата со пречки во развојот. Од 2000-та година па наваму, со самото започнување на процесот на деинституционализација, отворени се голем број на дневни центри кои што целосно се финансирани од државниот буџет.

Од 2000 година УНИЦЕФ, во соработка со Министерството за труд и социјална политика на Македонија, отпочна проект за спроведување на деинституционализацијата, фокусирајќи се на децата со посебни потреби. Токму во периодот помеѓу 2000 до 2005 година, како резултат на поддршката од УНИЦЕФ и соработката со други агенции, се унапреди знаењето и практиката на професионалците од социјалниот, здравствениот, како и од образовниот сектор. Ваквото унапредување на знаењето и практиката доведе до подобрување на квалитетот на веќе постоечките социјални услуги за заштита на децата. Во Македонија, во исто време, активно се работело и на воведувањето на алтернативните форми на заштита како што се згрижувачки семејства и заштита преку социјални сервиси во локалната заедница.

Токму во периодот по 2000-та година, Македонија направила сериозни чекори во процесот на деинституционализацијата, благодарејќи на заложбите на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа и поддршката од страна на УНИЦЕФ, во промовирањето на реформите во детската заштита. Тековните процеси на децентрализација, кои што започнале во јули 2005 година, со пренесувањето на одговорностите од централно на локално ниво, вклучувајќи ги и социјалната заштита и секторот за заштита на децата, претставувале сами по себе уште еден предизвик.

Дневните центри обезбедуваат специјална грижа и поддршка во социјализацијата и рехабилитацијата, поддржувајќи ги и стимулирајќи ги децата во надминувањето на проблемите на општествената изолација, помагајќи им да ги развијат своите комуникациски вештини, да ја зголемат својата самодоверба, како и да се здобијат со вештини и способности за да се интегрираат во самото општество.

Дневните центри постојат во системот на социјална заштита во нашата земја. Услугите за дневна нега се особено важни за семејствата кои што се изложени на ризик од тоа нивното дете да биде отстрането од дома. Служат како дополнителни услуги за семејствата во кои и двата родители се вработени или пак не се во можност да се грижат за своите деца од најразлични причини.

Дневната нега се обезбедува преку институции во кои се остава детето се со цел да се обезбеди дневна поддршка на семејствата кои што се соочуваат со стрес во нивната грижа за децата. За ваквите семејства, односно за семејствата кои што се изложени на

стрес, дневниот центар не нуди само грижа и надзор на децата, туку, во исто време и е важен дел од планот подготвен за конкретниот случај кој помага да се исполнат образовните, развојните, како и здравствените потреби на децата, но во истовреме и да го зајакнат целокупното функционирање на семејството.

При развивањето на програмите за дневна нега, потребно е да се посвети соодветно внимание на обезбедувањето на висококвалитетни услуги кои што се состојат од следново:

- Добра и соодветна едукативна програма и сето тоа во согласност со возраста на децата, нивните интереси, како и темпераментот на секое од децата;
- Здравствени програми и здравствени услуги кога се потребни;
- Соодветна исхрана за децата;
- Можност за балансиран социјален и емотивен развој на децата;
- Можност за едукација на родителите, нивно учество и воопшто нивна инволвираност;
- Како и социјални услуги кои што се базираат на потребите на детето и неговото / нејзиното семејство.

Во Република Македонија, најголемиот број на деца изложени на социјален ризик, грижата и заштитата ја добиваат во рамките на своите семејства. Министерството за труд и социјална политика во функција на давање помош и поддршка на семејствата ја развило формата на дневно згрижување, односно дневните центри. За таа цел, на територијата на нашата држава отворени се голем број на дневни центри кои пружаат услуги на голем број на корисници: деца со пречки во интелектуалниот развој, деца со церебрална парализа, деца на улица - улични деца, деца - жртви на семејно насилство, како и деца кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции.

Со досегашното функционирање на дневните форми на згрижување, постигнати се позитивни резултати во развојот на корисниците, стекнување со одредени вештини и навики, промени во нивното однесување, нивна социјализација, како и полесно интегрирање во животната средина од една страна, но и помош и поддршка на нивните семејства од друга страна.

Токму поради позитивните резултати од досегашното функционирање на оваа дневна форма на грижа, стратегија на Министерството за труд и социјална политика е да продолжи со нивно отворање во сите средини на локално ниво, односно секаде каде за тоа има потреба.

Во последните години во Република Македонија трае процесот на деинституционализација, кој што од една страна подразбира излегување на децата од установите за социјална заштита, а од друга страна развој на формите за вонинституционална заштита. Во рамките на овој процес, како модел за грижа и помош на децата со пречки во менталниот развој и нивните семејства, формирана е мрежа на дневни центри.

Основањето на дневните центри за деца со умерени и тешки пречки во менталниот развој, се врши согласно со одредбите од Законот за социјална заштита и истите функционираат како организациони единици на меѓуопштинските центри за социјална работа и целосно се финансирани од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Основната дејност на овој тип на дневни центри е да даваат услуги на дневно згрижување и престој, нега, исхрана, психосоцијална рехабилитација и реедукација, советодавна работа и услуги на организирано поминување на времето.

Според Членот 31 од Законот за социјална заштита (Службен весник наРМ, бр. 148 од 29.10.2013), правото на дневно згрижување во дневен центар се обезбедува на:

- Лице со умерена и тешка попреченост во менталниот развој и на лице со телесна попреченост кое неможе само да се грижи за себе;
- Дете со телесна попреченост;
- Дете на улица;
- Лице кое употребува, односно злоупотребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори и на членовите на неговото семејство;
- Лице кое злоупотребува алкохол или се лекува од зависност од алкохол и на членовите на неговото семејство.

Правото на згрижување во центар за дневно згрижување се обезбедува на лице:

- Бездомник;
- Лице кое употребува, односно злоупотребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори;
- Жртва на семејно насилство;
- Жртва на трговија со луѓе.

Помошта во дневното згрижување се обезбедува на овие лица и тогаш кога тие живеат во семејство.

Дневните центри се посетуваат од деца со умерени и тешки пречки во менталниот развој, кои што се на возраст од 5 до 18 години и кои што живеат со своите биолошки родители, односно биолошки семејства, како и децата кои што се сместени во згрижувачки семејства.

Дневните центри се димензионирани така што да можат да сместат, односно да згрижат 20 до 25 деца со умерени и тешки пречки во менталниот развој. Во ваквите капацитети се настојува да се обезбеди квалитетна грижа и можност за индивидуален пристап и третман, групна работа, креирање на пријателски односи помеѓу децата и создавање на атмосфера слична на семејната и сето тоа под непосреден стручен надзор од страна на педагози, психолози, дефектолози, логопеди, социјални работници и физиотерапевти.

Во Република Македонија отворени се и функционираат голем број на дневни центри за деца со умерени и тешки пречки во менталниот развој. Сите тие се лоцирани во урбани средини при што се овозможува лесна соработка со сите други институции на локално ниво, како што се детски градинки, училишта, здравствени установи и слично, како и интеграција на корисниците во самата локална заедница.

Работното време на дневните центри е пет дена во неделата, по осум часа дневно. Почетокот и крајот на работното време во секој дневен центар е прилагоден на потребите на корисниците и на нивните родители. Услугите на дневните центри, корисниците ги користат преку организирано доаѓање и враќање.

Како една од приоритетните насоки на Министерството за труд и социјална политика во нашата земја е проширување на мрежата на дневни центри во сите оние општини каде што сеуште не постојат вакви форми на вонинституционално згрижување на децата со посебни потреби.

Во согласност со планот и програмата за работа на дневните центри, на децата на улица / уличните деца, им се овозможуваат услови за задоволување на основните детски потреби преку:

- Организирање исхрана соодветна на нивните нутритивни потреби;
- Обезбедување облека и обувки за децата;
- Обезбедување на услови за одржување на личната хигиена на оние деца кои немаат услови за тоа во нивните домови и формирање на хигиенски навики кај децата;
- Пријавување во Матичната книга на родените на децата кои не се пријавени и регулирање на нивниот државјански статус;
- Обезбедување на здравствено осигурување за оние деца кои не се здравствено осигурани;
- Следење на здравствената состојба на децата, соработка со здравствените установи, вакцинирање, едукација од областа на здравствената заштита;
- Програма за мотивирање на децата и нивните родители за вклучување на децата во образовниот процес;
- Запишување на децата од училишна возраст во редовни основни училишта;
- Следење и помош на децата кои што се вклучени во образовниот процес во совладувањето на наставните содржини;
- Организирање на слободни активности за развивање на детската креативност: изложби на нивни цртежи, детски претстави и приредби во кои ќе бидат и самите вклучени;
- Организирање на културно-забавни посети на: натпревари, излети, посета на спортски натпревари;
- Едукација на работа со компјутери (преку игра);
- Едукација за правата на децата;
- Посети на семејствата на децата;
- Психосоцијална поддршка и психосоцијална интервенција со децата;

- Психосоцијална поддршка и психосоцијална интервенција со семејствата на децата;
- Едукација на волонтери за психосоцијална интервенција со деца на улица.

Како составен дел од секојдневните активности е и одржувањето на директна комуникација со родителите / семејствата на децата. Ваквата комуникација, пред се е насочена кон давање директна помош и поддршка, но и стручни совети околу начинот на чување и воспитување на децата, што е од примарно значење за детето, обврските и одговорностите кои родителите ги имаат кон своите деца, но и последиците од нивното непочитување. Тука можеме да ги напоменеме и помошта околу остварувањето на некои основни права, како што се обезбедувањето на потребната лична документација, остварување на правото на здравствена и социјална заштита и слично.

Дневниот центар за лицата со умерени и тешки пречки во менталниот развој и на лицата со тешки пречки во телесниот развој им обезбедува дневно згрижување, работно - производна активност, работна терапија и други активности на овие лица и може да врши оспособување за работно - производна активност, заради нивно вклучување во секојдневниот живот.

Во Правилникот за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост, се пропишуваат поблиските нормативи и стандарди за простор, опрема и стручни кадри за основање и започнување со работа на установите за социјална заштита Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост.

Дневниот центар обезбедува дневно згрижување, работно - производна активност, работна терапија, психосоцијална рехабилитација и други активности (реедукација и стекнување на вештини за осамостојување и социјализација) на лица со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој и на лицата со потешки пречки во телесниот развој, најмногу за 25 корисници во еден објект, при што една група во зависност од возраста на корисниците треба да има најмногу 12 корисници.

Редовната комуникација, како и квалитетот на самата комуникација, помеѓу родителите и персоналот во дневните центри е од особено значење за оваа категорија на корисници. Комуникацијата во дневните центри, токму помеѓу родителите на децата и вработените, најчесто се остварува на следните начини: преку телефон, при посета од родителите на дневните центри, при земање и враќање на корисниците со организиран транспорт, во случаи каде корисниците се со придружба од стручните работници во возилото, организирани родителски средби и на повик на персоналот.

При посетата на дневните центри од страна на децата со посебни потреби, видливи се позитивните промени кај нив, како и кај нивните семејства. Позитивните промени се забележуваат во следново:

- Се забележува веселост на децата при враќањето во нивните домови;
- Се забележува замор кај корисниците и како резултат на тоа агресијата и анксиозноста се намалени во голема мера;

- Потреба за одмор и спиење по враќањето во домот;
- Поседување на основни хигиенски навики;
- Самостојност во хранењето;
- Желба за прифаќање на гости во домот, како и за играње со други деца;
- Желба за слушање музика и гледање на телевизија;
- Одвикнување од користење на пелени кај одредени деца;
- Желба за повторување на истите активности кои што ги извршувале во дневниот центар кој го посетуваат и во домашни услови (цртање, пишување, боење, гледање цртани филмови и слично);
- Зголемување на фондот на зборови кои што ги користат;
- Децата во дневните центри се грижат едни за други и притоа развиваат чувство за припадност во групата;
- Прифаќаат непознати лица кога ќе им пристапат (го надминуваат стравот од непознати лица поради надминување на проблемот на изолираност од социјалната средина);
- Самостојно ракуваат со техничката опрема (телевизор, музички систем, двд и слично).

При споредувањето на семејната состојба пред и по посетувањето на дневен центар, родителите на децата истакнуваат значителен број на позитивни промени во семејството во однос на останатите членови. Како такви можеме да ги наведеме следниве:

- Родителите и другите членови на семејството можат да им се посветат на своите работни и други обврски, додека нивното дете престојува во дневен центар;
- Постои значително надминување на некогашниот немир и анксиозност во семејството;
- Подобрување на условите за мирна и непречена игра и учење на другите деца во семејството;
- Овозможување на дополнително време за одмор на членовите на семејството во периодот во кој корисникот, по враќањето во домот, го минува во спиење поради потрошената енергија во дневниот центар и замореноста од тамошните активности;
- Поради прифаќање на гостите и надминатиот страв од непознати, семејството е во можност да остварува контакти, а со тоа и да се интегрира во социјалната средина.

Дневните центри во принцип ги задоволуваат потребите како на децата, така и на нивните родители. Тие на родителите им овозможуваат совети и стручна помош во однос на децата кои се корисници на услугите на дневните центри. Независно од начинот на комуникација помеѓу персоналот и родителите / згрижувачите, родителот во голема мера е информиран за работата на професионалците во дневниот центар, а особено кога се работи за активности за кои родителот треба да обезбеди континуитет по враќањето на неговото дете во домот. Корисниците во дневните центри учат самостојно да јадат, дел од нив се одвикнуваат од користењето на пелени, самостојно ја одржуваат хигиената (ги мијат рацете пред и по секој оброк), учат сами да се облекуваат и слично.

И покрај фактот што дневните центри првенствено се формирани за да можат да им обезбедат дневно згрижување, работно-производна активност, работна терапија, психосоцијална рехабилитација, реедукација, стекнување на елементарни вештини и социјализација, се забележува и ангажирање на стручните работници кога ќе се процени дека со одредени корисници може да се работи индивидуално, на нивна подготовка за вклучување во редовната настава.

### 4.1.3. Специјализирано згрижување - згрижувачко семејство (терапевтско згрижување или згрижување за третман)

Специјализираното згрижување уште се нарекува и терапевтско згрижување или згрижување за третман. Иако овој тип на згрижување е многу сличен на редовното згрижување, специјализираното згрижување е сепак посебно во повеќе нешта. Терапевтските услуги се посеопфатни и многу поинтензивни. Во однос на сместувањето се настојува во еден ист дом да не бидат сместени повеќе од едно или две деца додека се спроведуваат интервенциите за надминување на кризата.

Згрижувачките родители се мошне добро обучени до степен што дури може да се сметаат дека се составен дел од стручните тимови на центрите за социјална работа. Ваквиот вид на вонинституционална заштита, односно овој вид на згрижување ги користи поволностите кои ги овозможуваат центрите, односно институциите за интервенција во криза, а истовремено се овозможува сместување на детето во нуклеарно семејство.

Ваквата специјализирана згрижувачка нега се нарекува и "институција без ѕидови", односно институција без ограничувања.

Специјализираното згрижување, односно згрижувањето за третман е од голема важност да се промовира за заштита на децата кои што биле сексуално злоупотребени, децата со девијантно однесување, децата со Даунов синдром, децата со аутизам, децата со интелектуална или физичка попреченост, младите мајки и нивните бебиња и слично.

Секое дете кое што има потреба од сместување надвор од својот дом односно подалеку од своето биолошко семејство и биолошки родители, секое дете кое што има потреба од специјализирана нега или пак е изложено на ризик од ограничена грижа, може да има полза од специјализираното згрижување или терапевтското згрижување.

Според Член 147-а, терапевтската заедница обезбедува привремено прифаќање и згрижување на лица кои што употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори, спроведување на социјална ресоцијализација преку организиран психосоцијален третман во текот на определен временски период, преку програма и метод на самопочитување и активно вклучување на корисникот во терапевтската програма, услуги во врска со исхрана, престој, згрижување, одржување на хигиена и културно-забавни активности.

### 4.1.4. Мал групен дом

Малиот групен дом или подобро кажано негата во групните згрижувачки домови е уште еден вид на згрижувачка нега која што би можеле да ја набљудуваме како еден компромис помеѓу негата во згрижувачките семејства и институционалната нега.

Ваквата форма на вонинституционална заштита за децата под ризик, првенствено е наменета за децата кои што не се соодветно згрижени во згрижувачките семејства или пак за нив не е потребно сместување и пружање на институционална нега.

Малиот групен дом може да се користи и како "времен одмор" од згрижување во семејство за оние деца кои што се со екстремен бес кој што резултира во насилно однесување.

Токму овој модел на згрижување ни дава една можност за создавање на блискост каква што може да се почувствува само во семејната средина, притоа истовремено овозможувајќи одржување на меѓучовечка дистанца и тоа особено од возрасни лица.

Групното сместување како форма на вонинституционална заштита е обично многу подобро за повозрасни деца и тоа токму за оние кои што пројавуваат конфликтен однос со згрижувачките родители или некоја друга родителска фигура.

Ваквото групно сместување е многу добра алтернатива за сместување на адолесцентите и тоа од причина што стекнувањето на независност од родителите претставува вообичаена развојна фаза кај нив.

Групните домови можат да бидат приватни или пак со нив да управува државата. Можат да бидат единечни станбени единици кои што се лоцирани во некоја населба, т.е. во куќа или стан и притоа овозможувајќи грижа за 4-12 деца истовремено.

Секој од ваквите домови има одредено свои дневни правила, а со самото тоа и атмосферата во домовите треба да биде релаксирана и неформална. На сите оние лица кои што се згрижени во ваков дом треба да им се овозможи да учествуваат во пошироката заедница преку разни социјални контакти и активности, да посетуваат училишта, како и да ги користат услугите во самата заедница.

Лицата кои што се вработени во овие домови можат да бидат згрижувачки родители или пак советници / воспитувачи.

Според Член 39 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013) право на живеење во мал групен дом има:

- Дете без родители или без родителска грижа;
- Дете со воспитно - социјални проблеми;
- Дете со пречки во менталниот или телесниот развој;
- Лице со ментална или телесна попреченост, кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство;

- Лице кое нема семејство или
- Лице на кое што од други причини му е потребно сместување во мал групен дом.

Според Член 149 од Законот за социјална заштита обезбедува грижа за лицата од членот 39 на овој закон. Во овој дом можат да се сместат најмногу десет лица од двата пола.

Грижата се обезбедува на начин најблизок до семејното живеење и опфаќа помош за оспособување за самостојно живеење на самите корисници, нивно вклучување во општествената заедница, одржување на контакти со блиските сродници и сето тоа во зависност од потребите на лицата кои што се сместени во малиот групен дом.

Мал групен дом може да се основа во еден станбен објект во населено место.

Мал групен дом може да се основа како установа за социјална заштита, организационен дел на установа за социјална заштита или друго правно лице.

Начинот, видот и бројот на стручните лица за давање на грижата за сместените лица, просторните услови и опремата за живеење во мал групен дом, со акт ги утврдува министерот (Закон за социјална заштита Член 150. Службен весник на РМ, бр.148 од 29.10.2013).

### 4.1.5. Згрижување кај роднини

Згрижувањето кај роднини исто така претставува една од формите на згрижување на децата под социјален ризик во системот на вонинституционалната заштита.

Згрижувањето кај роднини е нешто кое што е многу битно во самиот систем за заштита на децата, како грижа за децата кои што се изложени на социјален ризик. Кога постои потреба едно дете да биде згрижено надвор од својот дом, како прва опција која што треба да се земе во предвид е згрижувањето кај роднините.

Згрижувањето кај роднини значително ќе придонесе кон зголемување на квалитетот на грижа за детето кое треба, времено или трајно, да биде оттргнато од својот дом.

Оваа форма на згрижување има голем број на предности кои што се многу важни за самите деца. Предноста е тоа што децата живеат со лица кои што ги познаваат и на кои им веруваат, со што се намалуваат траумите кај нив кога се сместуваат кај непознати лица. Со самото сместување на децата кај своите роднини, се зајакнува чувството на детето за сопствениот идентитет и самопочитта кои што произлегуваат од нивната семејна историја и култура, се олеснува поврзувањето на децата со своите роднини и со другите членови на семејството, истовремено зајакнувајќи го и моделирајќи ги способностите кај семејствата да им ја овозможат потребната поддршка на децата.

Земено во целина, квалитетот од применувањето на оваа форма на заштита кај децата под социјален ризик е на високо ниво. Децата се добро прилагодени, добро прифатени, како и соодветно згрижени во една топла и соодветна средина.

### 4.1.6. Организирано живеење со поддршка

Организираното живеење со поддршка во нашата земја претставува една од формите на вонинституционална заштита на децата кои што се наоѓаат под социјален ризик. Правото на организирано живеење со поддршка се регулира и е опфатено во Законот за социјална заштита и тоа во членот 40, од истиот закон. Според овој член, право на организирано живеење со поддршка има лице со ментална или телесна попреченост, деца без родители и родителска грижа, како и деца со воспитно - социјални проблеми, преку самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица со постојана или повремена помош од стручни или други лица во остварување на основните животни потреби, социјални, работни, културни, рекреативни и други потреби.

Во однос на нивото на поддршка кој што им се пружа на овие лица, законот ја определува во согласност со потребите, видот и степенот на попреченост на корисникот.

Поддршката за организирано живеење може да ја организира Центарот за социјална работа, како и установата која сместува лице.

Министерот за труд и социјална политика ги утврдува стандардите во поглед на потребниот простор, опремата која што ќе се користи, како и стручниот кадар, нивото на поддршка.

Според Правилникот за поблиските услови за стандардите во поглед на потребен простор, опрема и стручен кадар, нивото на поддршка, начинот и програмата за остварување на поддршката за самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица, во делот на општите одредби, во членот 2 се вели дека самостојното и организирани живеење со поддршка за лице со ментална или телесна попреченост и за деца без родители и родителска грижа се остварува во посебна станбена единица со постојана или повремена помош од стручни или други лица, во која се сместени најмногу до 5 лица со ментална или телесна попреченост, односно најмногу до 7 деца без родители и родителска грижа, врз основа на решение од надлежниот центар за социјална работа и програма за остварување на поддршката.

Според членот 3 од истиот Правилник, станбените единици се организираат во куќа или стан, во станбен простор адекватен на возраста и потребите на корисникот.

Во организираното живеење со поддршка опфатени се деца без родители и родителска грижа над 14 годишна возраст до полнолетството или до завршување на редовното образование, а најдоцна до 26 годишна возраст, а по направена проценка на потребите и изготвен план и програма за индивидуална работа од страна на стручен тим

во надлежниот центар за социјална работа, согласно Програмата за остварување на поддршката.

Местото каде што ќе се сместат децата треба да биде во определена станбена единица и тоа во населено место, со развиени сообраќајни врски и друга инфраструктура, со пристап до службите, како што се Центарот за социјална работа, здравствените и образовните институции. Самиот објект треба да биде приклучен на електрична, водоводна, како и канализациона мрежа и да има телефон за контакт. Околу објектот каде се сместени децата треба да има изведен приод кој што ќе овозможи непречен пристап за пешаци и возила.

Децата треба да имаат можност за прифаќање и интегрирање во самата заедница, како и можност за остварување на редовни и блиски контакти со своите блиските сродници.

Во самата станбена единица каде што се сместени децата за организирано живеење со поддршка, потребно е да се обезбедат следниве простории:

- Просторија за дневен престој;
- Спални соби, при што во една спална соба можат да спијат најмногу до три деца, со најмалку 5 $м^2$ по дете;
- Просторија за слободни активности;
- Просторија за стручни работници;
- Просторија за обезбедување на исхраната на децата, односно, потребно е да има посебна просторија-трпезарија или дел од просторијата за дневен престој да се користи за оваа намена, но со најмалку 2 $м^2$ по дете;
- Кујна, опремена за подготвување и сервирање на храна;
- Просторија за перење и сушење на облека;
- Санитерен чвор, одделно за децата и персоналот.

Подовите во станбената единица треба да бидат изработени од материјал кој што не се лизга и кој што лесно се одржува, а додека пак подовите во спалните соби треба да бидат од топол материјал.

Во просторијата каде што се престојува поголем дел од денот, потребно е да се обезбеди природна светлина и редовно да се проветрува.

Во членовите 20 и 21 од Правилникот, опфатен е делот за опремата која што треба да ја поседува станбената единица во која што децата се сместени.

Станбената единица потребно е да има опрема која што ќе одговара на потребите и намените на сместените деца, а тоа подразбира:

- Во просторијата за дневен престој: софа, витрина, фотелји, клуб масичка, телевизор, радио апарет и ситна опрема;
- Во просторијата за јадење: маса и столчиња;

- Во спалните соби: кревети со димензии 90/200/50 см, гардеробер со посебно место за секој корисник, столица - фотелја;
- Во кујната: опрема за готвење, шпорет, фрижидер, прибор за јадење, чинии, корпа за ѓубре;
- Во купатило: када или туш кабина, бојлер, лавабо, вц школка, пешкири, машина за перење;
- Останато: пегла, светилки, грејни тела.

Целокупната опрема во сите простории треба да е соодветна за опремување на семејна куќа, при што од многу голема важност е да се води сметка истата таа да одговара на возраста и функционалното ниво на децата, потребно е да биде изработена од цврст материјал и на начин да овозможи безбедност на децата.

За обезбедување на самата услуга - организирано живеење со поддршка за деца без родители и без родителска грижа во станбена единица, потребно е да се има и соодветен број на стручни и други лица и тоа:

- Еден раководител на осум станбени единици: социјален работник, педагог, психолог или дефектолог;
- Најмалку еден координатор за поддршка на четири станбени единици: социјален работник, педагог, психолог или дефектолог;
- За обезбедување на постојана 24 часовна поддршка во најмногу две станбени единици до четиринаесет деца, треба да има најмногу 5 вработени и тоа: 4 стручни лица (педагог, психолог или социјален работник) и неговател/ка.

Стручните лица: (педагог, психолог, социјален работник), работат со најмногу 4 деца, како главни лица за грижа што даваат директна поддршка за нивниот развој.

Самата стручна помош од: педагогот, психологот, социјалниот работник или друг стручен соработник на згрижените деца може да се обезбеди и од стручните работници на центарот за социјална работа или од некоја друга установа, согласно наодот и мислењето на стручниот тим и планот и програмата за индивидуална работа, која што се изготвува од надлежниот центар за социјална работа.

Одржувањето на хигиената во станбената единица исто така е од голема важност. Секојдневното одржување на хигиената во објектот, како и подготовката на храната ја вршат самите деца кои што се сместени во станбената единица, секако со помош на неговател/ка или пак волонтер.

Должноста на стручните лица во станбената единица во која што се сместени деца без родители и родителска грижа е во најкраток можен рок да го известуваат Центарот за социјална работа на чија територија се наоѓа станбената единица во која се спроведува организираното живеење со поддршка за сите промени во поглед на згрижувањето, личноста, правата и интересите на секое од згрижените деца.

Обврска на стручните лица во организираното живеење со поддршка е еднаш месечно за секое згрижено дете да го известуваат координаторот за поддршка на станбените единици.

Обврска на координаторот за поддршка на станбените единици е четири пати годишно за секое згрижено дете да го известува раководителот на станбените единици.

Обврска на раководителот на станбените единици е еднаш годишно за секое згрижено дете да го известува надлежниот центар за социјална работа.

Врз основа на ваквото редовно следење, се врши оценување на реализирањето на планот и програмата за индивидуална работа и истиот се прилагодува согласно потребите на децата / корисниците.

Сите стручни лица кои што се вклучени во станбената единица во која што се сместени децата без родители и без родителска грижа и кои даваат поддршка, потребно е да имаат соодветна едукација (почетна и континуирана), според програма изготвена и спроведена од ЈУ Завод за социјални дејности, согласно законот за социјална заштита.

Сите деца кои што се сместени во единиците за организирано живеење со поддршка потребно е да се вклучат во социјалната интеграција, да имаат организирање на слободни активности, да им се обезбеди помош при совладувањето на училишните и другите активности. За сето ова потребно е да се ангажираат волонтери кои што имаат соодветна обука. Меѓу другото, потребно е да се остварува и соработка со соодветно здружение, факултет или пак некоја друга стручна институција.

Во членовите 28, 29 и 30 од Правилиникот (Службен весник на РМ, бр. 80 од 15.05.2015) се пропишуваат одредбите за начинот и програмата за остварување на поддршката.

Овој вид на вонинституционална заштита на децата без родители и без родителска грижа за самостојно и организирано живеење со поддршка обезбедува задоволување на основните животни потреби и тоа:

- Домување;
- Исхрана;
- Одржување на лична хигиена;
- Обезбедување на облека;
- Нега и грижа за здравјето;
- Емоционална поддршка;
- Воспитание и образование;
- Спроведување на слободни активности;
- Следење на школските и воншколските активности;
- Располагање со приходи и други парични средства;
- Пружање на помош за професионална ориентација и упис на високо образовните установи заради оспособување за самостоен живот по напуштањето на

организираното живеење со поддршка (во соработка со надлежниот центар за социјална работа).

За секое сместено дете, координаторот за поддршка во соработка со детето и неговиот законски застапник, изработува план за индивидуална работа, а воедно се грижи и да ги добие детето потребните услуги на заштита и поддршка . Корисникот за поддршка исто така развива и унапредува мрежа на социјални односи, особено со неговото биолошко семејство, со цел оспособување на корисникот за самостоен живот.

Во изработката на индивидуалниот план за работа со детето, учествува и Центарот за социјална работа, со чие решение е сместено детето.

Раководителот има обврска еднаш годишно да го известува надлежниот центар за социјална работа врз основа на редовно следење од страна на стручни лица и да врши оценување на реализирањето на планот за индивидуална работа со детето.

Согласно Програмата за остварување на поддршката, во станбената единица се обезбедува организирано живеење со поддршка на детето, и тоа во следниве области:

- Градење на професија во насока на превземање на мерки за оформување на задолжително образование, дополнително образование и квалитетна стручна обука во согласност со интересите и способностите на детето;
- Развивање на социјални вештини како што се: комуникација, способност за справување со конфликти, градење на односи со други луѓе и пријателства;
- Стекнување на животни вештини како што се практични вештини потребни во секојдневниот живот во насока на осамостојување, како што се грижа за сопственото здравје, сексуално образование, располагање со финансиски средства, одржување на хигиена, управување со домаќинство и други потребни вештини;
- Емоционална стабилност преку развивање на вештини за грижа за себе и одговорност кон другите, способност да се прифати сопственото минато, да се има чувство на припадност, способност да се гледа кон иднината со оптимизам и реализам, да се има соодветна слика за себе и
- Вештини за наоѓање на работа и задржување на истата, како и оставрување на редовен приход.

### 4.1.7. Дневно и привремено згрижување

Дневните центри претставуваат социјални служби кои што се ориентрани кон заедницата.

Главната цел на дневните центри е да се постигнат позитивни промени кај корисниците во поглед на стекнувањето на хигиенски навики, навики за контрола на мокрењето и навики за самостојна исхрана, развој на говорот, развој на моториката и движењето, како и социјализација и интеграција во локалната средина на самите лица.

Во однос на целната група која што може да ја искористи оваа вонинституционална мерка на згрижување, спаѓаат:

- Децата на улица - уличните деца;
- Лицата кои што употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции;
- Лицата кои што злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол;
- Лицата бездомници;
- Лицата жртви на семејно насилство;
- Лицата жртви на трговија со луѓе;
- Лицата со ментална или телесна попреченост.

Дневното и привременото згрижување на петходно наброените категории на лица им обезбедуваат:

- Дневен престој;
- Исхрана;
- Лична хигиена;
- Работно-производна активност;
- Работа терапија;
- Културни, забавни и други активности за корисниците заради нивно вклучување во секојдневниот живот;
- Работа со нивните семејства и
- Работа со локалната заедница.

Во однос на времето предвидено за престој, корисниците престојуваат во дневен центар одреден број на часови во текот на денот и тоа најчесто по 8 часа.

Во центрите за лица - жртви на семејно насилство, корисниците може да престојуваат 3 месеци, со можност за продолжување за уште 3 месеци, а во некои исклучителни ситуации, најмногу до 1 година.

Во центрите за лица - бездомници, времетраењето на престојот зависи од самата потреба на корисникот.

## 4.2. Видови на установи за социјална заштита за вонинституционална заштита

Според Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 148 од 29.10.2013), како установи за социјална заштита за вонинституционална заштита се јавуваат:

- Центар за социјална работа;
- Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица;
- Дневен центар за улични деца - деца на улица;
- Дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции и прекурзори;
- Дневен центар за лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол;
- Центар за лица бездомници;
- Центар за лица - жртви на семејно насилство;
- Центар за лица - жртви на трговија со луѓе;
- Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост;
- Центар за давање помош во домашни услови;
- Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори (терапевтска заедница);
- Мал групен дом;
- Советувалиште.

### 4.2.1. Центар за социјална работа

Центарот за социјална работа е јавна установа за социјална заштита. Основан е заради вршење на работите од социјалната заштита и може да се основа за подрачјето на една или повеќе општини. Центарот за социјална работа работи со граѓани (дете, адолесцент, возрасно лице) и семејство и група на граѓани. Работејќи со граѓанинот како и со семејството, Центарот за социјална работа помага за разрешување на проблемите и животните тешкотии, како во индивидуалното живеење, така и во партнерските односи, предбрачните и брачните односи, односите родител-дете, поттикнува сакано и одговорно родителство, воспитна и репродуктивна функција, укажува помош на семејството во остварувањето на неговата заштита, помага во заштитата на лица - жртви на семејно насилство и жртви на трговија со луѓе, како и дава советодавни и советувалишни услуги за прашања кои што се од значење за социјализацијата на личноста и остварувањето и унапредувањето на семејството.

Исто така, во услови на елементарни непогоди и други вонредни околности, Центарот за социјална работа се ангажира во спроведувањето на социјалната заштита, како и стручната работа за заштита на лица или група на граѓани кои што имаат потреба од тоа.

Функциите кои што ги извршува Центарот за социјална работа ги извршува со формите на советодавна, стручна, советувалишна, како и интердисциплинарна тимска работа.

Центарот за социјална работа, при спроведувањето на социјалната заштита:

- Открива, следи и проучува социјални појави и проблеми;
- Непосредно врши увид заради утврдување на фактичката состојба на лицето или на семејството;
- Превзема превентивни дејства за спречување и отстранување на причините за настанување на положба од социјален ризик;
- Подготвува планови и програми за социјална заштита;
- Спроведува и применува соодветни форми и облици на социјална заштита и нуди непосредна помош на семејство или граѓанин;
- Развива и спроведува различни видови и облици на вонинституционална заштита;
- Поднесува извештаи за работењето до Министерството за труд и социјална политика;
- Спроведува програми од обласга на социјалната заштита, донесени и финансирани од општината, градот Скопје, како и општините во градот Скопје;
- Врши и некои други работи кои што се утврдени со закон.

### 4.2.2. Дневен центар за улични деца - деца на улица

Дневните центри за улични деца – деца на улица, како на децата од оваа категорија, така и на членовите на нивните семејства им обезбедуваат храна, лична хигиена, воспитно-едукативни услуги, културно-забавни и рекреативни активности, како и советување.

Во дневните центри за улични деца - деца на улица, згрижувањето на децата се организира заради превземање на мерки за нивна заштита и тоа најмногу до 24 часа.

### 4.2.3. Дневен центар за лица кои употребуваат односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции и прекурзори

Ваквиот вид на дневни центри на овие лица, како и на членовите на нивните семејства им обезбедуваат советодавни и советувалишни услуги, потоа услуги во доменот на информирањето и едукацијата, нивно работно ангажирање, рекреативни и културно-забавни активности.

### 4.2.4. Дневен центар за лица кои злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол

Дневниот центар за лица кои што злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол, на овие лица како и на членовите на нивните семејства им обезбедуваат одредени услуги и тоа преку советувалишна работа, односно советување, едукација, како и нивно работно ангажирање и културни и забавни активности.

### 4.2.5. Центар за лица бездомници

Центарот за лицата кои се водат како бездомници, им овозможува на овие лица дневно и привремено згрижување и прифаќање. Центарот за бездомници на овие лица им овозможува давање на советодавни услуги, им пружа можност за одржување на хигиената, им дава услуги во врска со исхраната, им овозможува дневен престој, како и културно-забавни активности.

### 4.2.6. Центар за лица - жртви на семејно насилство

Центарот за лица - жртви на семејно насилство е регулиран со Членот 144 од Законот за социјална заштита и во него се обезбедува дневно и привремено прифаќање и згрижување на овие лица. Прифаќањето на лицата - жртви на семејно насилство, може да трае најмногу три месеци со можност за продолжување за уште три месеци. Од услугите, се овозможува давање на советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, згрижување, дневен престој, одржување на хигиената, како и културно - забавни активности.

### 4.2.7. Центар за лица - жртви на трговија со луѓе

Центарот за лица – жртви на трговија со луѓе им обезбедува на овие луѓе привремено прифаќање и згрижување, кое што може да трае најмногу шест месеци. Другите услуги се од доменот на давање советодавни услуги, услуги во врска со исхраната, згрижување, дневен престој, одржување на хигиената, како и културно забавни активности. Обезбедувањето на центарот за лица – жртви на трговија со луѓе го врши Министерството за внатрешни работи.

### 4.2.8. Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост

Дневниот центар за лицата со умерени и тешки пречки во менталниот развој и на лицата со тешки пречки во телесниот развој им овозможува и обезбедува згрижување во текот на денот (дневно згрижување), работна терапија, работно производна активност,

како и некои други видови на активности. Овој дневен центар може да врши и оспособување за работно - производна активност, заради вклучување на овие лица во секојдневниот живот.

Активностите кои што се превземаат во однос на ова се следните:

Програмите за рехабилитација, како и активното воведување на овие деца во редовниот процес на образование, значајно го олеснуваат и поддржуваат развојот и можат евидентно да ги подобрат нивните способности, како и да ја подобрат нивната самостојност.

Добрата политика е многу важна појдовна точка, доколку обезбедува широк простор за дијалог, како меѓу владите така и со меѓународната заедница за да осигура политика за развој и поддршка, како на правата на лицата со посебни потреби, така и на децата и за промовирање на акции во согласност со Конвенцијата на ОН.

Образовните и развојните потреби на децата со интелектуална и физичка попреченост се задоволуваат преку инклузивното образование. Инклузивното образование во нашата земја, како и во останатите земји во развој, мора да го почитува правото на сите деца за нивно рамноправно вклучување и учество во самиот образовен систем.

Од голема важност е кај оваа категорија на деца е да се работи континуирано на развојот на потенцијалите и капацитетите кои ги поседуваат. Развивањето на вештините на овие млади лица, во иднина многу ќе придонесат и ќе бидат основа за добар инклузивен процес и тоа во самиот процес на вработувањето и генерирањето на сопствени приходи.

Голем број од претпријатијата овозможуваат вработување на лицата со попреченост, со што се докажува дека самите тие можат да бидат корисни за себе во процесот за излез од сиромаштијата.

Предвидени се голем број на мерки и активности во однос на лицата со попреченост. Некои од мерките се насочени кон унапредување на социјалната и детската заштита преку обезбедување на нови пристапи како кон институционалните, така и кон вонинституционалните форми на заштита на овие лица. Од голема важност е застапеноста на поддршката на ранливите категории, каде што припаѓаат и децата под социјален ризик, каде што се предвидуваат механизми за намалување на сиромаштијата и на социјалната исклученост на ранливите групи.

### 4.2.9. Центар за давање помош во домашни услови

Центарот за давање помош во домашни услови им обезбедува на лицата со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, како и на изнемоштените стари и други

возрасни лица, одреден вид на услуги како што се исхрана, хигиена на станот и други работи во домот на корисникот, вклучувајки ја тука и личната хигиена.

### 4.2.10. Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори (терапевтска заедница)

Овој центар, односно терапевтската заедница на корисниците односно лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори им обезбедува привремено прифаќење и згрижување. Терапевтската заедница обезбедува спроведување на социјална ресоцијализација преку организиран психосоцијален третман во текот на еден одреден временски период и сето тоа преку програми и методи на активно вклучување на корисникот во терапевтката програма, како и самопочитување. Покрај ова терапевстката заедница обезбедува и услуги во врска со згрижување, престој, услуги во врска со исхраната, одржување на хигиената како и културно - забавни активности.

### 4.2.11. Мал групен дом

Мал групен дом може да се основа како установа за социјална заштита, организационен дел на установа за социјална заштита или друго правно лице. Може да се основа во еден станбен објект во населено место. Министерот за труд и социјална политика со акт ги утврдува начинот, видот и бројот на стручните лица за давање на грижата за сместените лица, опремата за живеење во малиот групен дом како и самите просторни услови. Малиот групен дом обезбедува грижа за најмногу до десет лица од двата пола. Грижата во малиот групен дом се обезбедува на начин најблизок до семејното живеење и притоа опфаќа помош на лицата сместени во домот за оспособување за самостојно живеење, нивно вклучување во општествената заедница и одржување на контакт со семејството или други блиски сродници, во зависност од потребите на лицата кои се сместени во малиот групен дом.

### 4.2.12. Советувалиште

Советувалиштето е регулирано во Членот 151 од Законот за социјална заштита и во него се точно определени групите на корисници на кои им се обезбедуваат психо-социјални услуги и психо-социјален третман. Како групи на корисници се наведени:

- Жртви на семејно насилство;
- Извршители на семејно насилство;
- Лица со нарушени партнерски, семејни и односи родители - деца;
- Деца и младинци со воспитно-социјални проблеми;

- Идни родители;
- Лица со ментална попреченост и нивните родители.

Советувалиштето може да се основа како посебна установа за социјална заштита или како организациона единица на установа или друго правно лице. Советувалишните услуги можат да бидат обезбедени и од страна на физичко лице и здружение.

Секогаш кога Центарот за социјална работа има сознание дека над некое лице е сторено семејно насилство, превзема мерки за заштита на жртвата на семејно насилство. Секогаш кога Центарот за социјална работа има сознанија дека постои семејно насилство извршено врз малолетно дете или лице со посебни потреби, односно ограничена или одземена деловна способност, превзема мерки за заштита.

Обврската на родителите е да ги заштитат своите деца од повредување и занемарување, малтретирање и злоупотреба, економска експлоатација, како и сексуално малтретирање. Заштитата на децата треба да биде како од самите родители така и од сите останати членови на семејството. Детето треба да биде заштитено од сите оние кои што би можеле да наштетат на развојот на личноста на самото дете.

Од моментот на осознавање на проблемот за постоењето на семејното насилство, како и бројот на членовите кои што се жртви на самото тоа насилство, започнува еден многу сложен и емотивен процес. Во решавањето на дел од проблемите потребно е да се утврдат одредби кои што се насочени на самото уредување на односите помеѓу членовите во семејството кога се случува и кога реално постои семејното насилство, меѓусебната одговорност на членовите и на надлежните органи и на надлежните установи кои што треба да обезбедат помош, облици на заштита и на рехабилитација, како и реинтеграција на самата жртва без оглед на тоа дали станува збор за повозрасно лице од семејството или за дете.

Од голема важност е Центрите за социјална работа да превземат соодветни превентивни мерки за да се спречи децата од ризичните семејства да станат деца на улица и притоа да се изнајдат начини за да се опфатат сите деца што се на улица и питаат, за што е неопходно вршење на редовен родителски надзор, односно надзор над родителското право во сите семејства каде што има индиции дека на децата не им се обезбедува соодветна грижа и соодветно правилно воспитување.

Потребно е да се превземат мерки за намалување на сиромаштијата и државата да предвиди и пропише обврска за обезбедување на барем минимум средства за егзистенција за секое дете во државата за да немора да биде принудено средвата за егзистенција да ги обезбедува на улица со питање или пак со вршење на криминални дејствија.

Потребата за едукација како на децата, така и на родителите за детските права е неопходно. Кон родителите, кои и покрај претходно превземените мерки за помош и заштита, продолжуваат да ги злоупотребуваат своите деца, потребно е да се превземат соодветни мерки за правилно вршење на родителското право и обврски или

одганичувања. Како последна мерка кон родителите на овие деца се јавува одземањето на родителското право, доколку по спроведена постапка се утврди дека тоа би било во најдобар интерес на детето.

Кон децата на улица како деца во ризик, потребно е да се превземат мерки предвидени со Законот за правда за децата, заради спречување да дојдат во судир со законот, како и мерки за помош и заштита и за нивна рехабилитација и социјализација. Кај овие деца во ризик потребно е да се поведе сметка во однос на здравствената заштита и правото на образование, односно да се превземат мерки сите деца да бидат вклучени во процесот на образование и редовната посета на настава.

За оваа ранлива категорија на деца од голема важност е отварањето на повеќе дневни центри во подрачјата каде што живее оваа категорија на деца, а самите центри да работат 24 часа заради евентуална потреба од згрижување на децата кои што ќе бидат затекнати на улица во касните вечерни часови, како и да се формираат поголем број на мобилни тимови кои што ќе работат на терен со децата на улица и ќе обезбедат нивно интегрирање во општествената заедница.

# II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. Цели и задачи на истражувањето

Општата цел на ова истражување е да се добие сознание за тоа каква е правната рамка која го опфаќа делот од Социјалната заштита, Законот за семејство, Законот за заштита на децата, а се однесува на вонинституционалната заштита на децата кои што се наоѓаат под социјален ризик, кои механизми се употребуваат, кои тела учествуваат во креирањето на правните документи, стратегиите за развој, конвенциите, а со самото тоа и на законите. Како цел и задача на ова истражување се јавува и потребата од утврдувањето на позитивните и негативните страни на нашиот правен систем во однос на сеопфатноста на заштитата на децата под социјален ризик, но во исто време и да се направи една компарација во правниот систем во Република Македонија во минатото и денес.

### 1.1. Научна цел на истражувањето

Научната цел на истражувањето е да се направи компарација на правната рамка, законите (Закон за социјална заштита, Закон за семејство и Закон за заштита на децата) во системот на заштита на деца во ризик во Република Македонија. Научна цел на ова истражување е исто така да се добие сознание за опфатноста на вонинституционалната заштита за децата под социјален ризик, опфатеноста на децата со вонинституционална заштита, како и обемот и категориите на деца кои се опфатени.

### 1.2. Практична цел на истражувањето

Во согласност со претходно поставените цели и задачи, практичната цел на ова истражување е анализа на добиените податоци за правната рамка во Република Македонија, квалитетот на вонинституционалната заштита како и да се дадат предлози за подобрување на вонинституционалната заштита во Република Македонија.

## 2. Формулација на општите хипотези

Општа хипотеза во истражувањето е:

Користењето на вонинституционалните форми на социјална зштита зависи од социо-економскиот статус на детето.

Посебни хипотези во истражувањето се:

1. Користењето на вонинституционалните форми на социјална заштита зависи од возраста на децата.
2. Користењето на вонинституционалните форми на социјална заштита зависи од менталното здравје на децата.
3. Користењето на вонинституционалните форми на социјална заштита зависи од образованието на децата.

## 3. Варијабли на истражувањето

Од предметот на приложеното истражување, како независни варијабли се јавуваат:

- Социо-економскиот статус на детето;
- Возраста на детето;
- Менталното здравје на децата;
- Образованието на децата.

## 4. Метод на истражувањето

- Квалитативен:
  – набљудување;
  – анализа на содржина

### 4.1. Специфични методски постапки

За квалитативната анализа на добиените резултати и извлекување на научни заклучоци ќе примениме специфични методи и тоа:

- Индукција (како дел од методската постапка на генерализација, при која заклучокот го носиме од поединечното кон општото);
- Анализа (методска постапка на раздвојување на целината на делови);
- Синтеза (методска постапка спротивна на анализата со која од деловите се формира една целина);
- Генерализација (постапка со која се доаѓа до општи поими).

### 4.2. Техники на собирање на податоци

Во ова истражување ќе се применува квалитативен пристап. Во рамките на ова истражување ќе бидат применети следните техники на собирање на податоци: набљудување и анализа на содржина.

- **Набљудување:** При самото набљудување на поединецот, ќе ја набљудувам самата ситуација во која тој се наоѓа (карактерот, однесувањето, семејната атмосфера, условите на живеење, интеракцијата со средината и слично). Лицата кои ќе бидат набљудувани претходно нема да бидат известени за самиот процес на набљудување. Со самото директно набљудување, ќе се набљудуваат тешкотиите со кои се соочува лицето во секојдневното живеење.
- **Анализа на содржина:** Оваа техника која ќе се применува во процесот на истражувањето ќе ни помогне на објективен, систематски и квантитативен начин да го испитаме предметот на истражувањето. Примената на оваа техника ќе ни овозможи примена на метод кој поминува низ одредени фази на истражувањето

бидејќи анализата не е само семантичка. Со помош на оваа техника првенствено ќе се идентификува материјалот за анализа, вклучувајќи книги, весници, записници, официјални извештаи, анализа на досиеата за децата, како и закони и подзаконски акти.

## 5. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Земајќи ја во предвид комплексноста, а истовремено и чувствителноста на самиот проблем сметам дека од огромна важност ќе биде ова истражување.

Недоволната информираност како за други па така и за овој проблем претставува огромна негативност.

Со цел да се привлечат и заинтересираат нови семејства да се вклучат во системот на згрижување, потребно е промовирањето на згрижувањето да се унапреди преку кампањи како на локално така и на национално ниво.

Отстранувањето на детето од домот и сместувањето во згрижувачко семејство, било времено или трајно, изгледа дека не се користи како последна мерка откако сите други обиди за детето да се грижат неговите биолошки родители се покажале како недоволни или несоодветни. Од тука можеме да заклучиме дека потребно е да се воведат Програми за зачувување во семејството, за да се овозможат социјални услуги за семејствата кои имаат деца во ризик од занемарување, злоупотреба или кои имаат бунтовно и деликвентно однесување. Овие програми треба да се фокусираат на тоа да го отстранат ризикот за детето, наместо да го отстранат детето од семејството, односно од домот. Отстранувањето на детето од своето биолошко семејство за времено или постојано сместување во згрижувачко семејство не се користи како последна опција откако како недоволни и несоодветни ќе се покажат сите облици за грижа на детето од страна на неговите биолошки родители.

Изборот на згрижувачките семејства е важна компонента за успех на згрижувањето. Потребно е континуирано да се пласираат и дистрибуираат општи информации за формите на вонинституционалното згрижување на децата под социјален ризик. Треба да се изготват прирачници и упатства за згрижување, наменети за згрижувачките семејства и други информативни материјали за пошироката јавност. Сето ова може да се прави преку отворени повици или специјализирани програми за регрутирање за разни видови на сместување.

Потребни се редовни кампањи на национално и локално ниво за да се привлече јавното мислење и да се привлечат потенцијалните згрижувачки семејства. Потребно е да се организираат и локални кампањи за промовирање на ваквиот тип на згрижување на децата кои се наоѓаат под некои од социјалните ризици.

Земено во целина, квалитетот на вонинституционалната заштита и формите кои произлегуваат од неа е на високо ниво. Децата се добро прилагодени, добро прифатени

и соодветно згрижени во топла и соодветна средина. Но, сепак постојат и одредени аспекти на згрижувањето кои треба дополнително да се унапредат. Иако е очигледно дека децата се добро згрижени во згрижувачките семејства и дека се задоволуваат нивните основни потреби, потребни се активности за подобрување на социјализацијата и културниот живот. Мал е бројот на згрижени деца со една од овие вонинституционални форми кои имаат пристап до дневните центри каде би се социјализирале со други деца, како и пристап до културни и забавни настани во локалната заедница. Потребно е да се интензивира и професионалната работа со децата додека се сместени во една од формите на вонинституционалната заштита.

Со помош на ова истражување ќе се помогне во промоцијата на формите на вонинституционална заштита, а воедно и нивно користење за децата кои се наоѓаат во социјален ризик.

## 6. Резултати од истражувањето

**Табела 1:** Пријавени деца според групите на кривични дела во период 2006-2015

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1262 | 1500 | 1229 | 1355 | 1519 | 1244 | 1163 | 1001 | 1005 | 772 |
| Кривични дела против имотот | 1015 | 1231 | 967 | 1023 | 1192 | 937 | 917 | 773 | 745 | 520 |
| Кривични дела против животот и телото | 82 | 83 | 72 | 84 | 103 | 107 | 88 | 60 | 66 | 68 |
| Кривични дела против јавниот ред | 44 | 64 | 29 | 53 | 70 | 56 | 45 | 52 | 117 | 100 |
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 54 | 53 | 67 | 77 | 88 | 61 | 43 | 50 | 28 | 33 |
| Кривични дела против правниот сообраќај | 9 | 6 | 36 | 25 | 8 | 1 | 7 | 1 | - | - |
| Останати кривични дела | 58 | 63 | 58 | 93 | 58 | 82 | 63 | 65 | 49 | 51 |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 1:** Пријавени деца според групите на кривични дела 2006-2015

Табелата 1 содржи податоци за вкупниот број на пријавени деца, според групите на кривични дела и тоа во периодот од 2006 па се до 2016 година. Податоците се добиени од Државниот завод за статистика. Најголем број кривични дела воопшто кај малолетни лица има во 2010 година и тој број достигнал до 1519 кривични дела. За разлика од претходното, најмал број на кривични дела се случиле во 2015 година и тој број достигнал до 772. Кривични дела против имотот има најмалку во 2015 година, а за разлика од тоа во 2010 год. тој број е најголем и достигнува 1192. Кривични дела против

животот и телото има најголем број во 2011 година. Кривични дела против јавниот ред и мир во 2006 год. се 44, за потоа во годините кои следуваат, од година во година да бидата во постојан пораст. Кривичните дела против безбедноста на јавниот сообраќај се во постојан пораст од 2006 год. па се до 2010, кога започнуваат да се намалуваат за во 2014 година да достигнат најмала бројка и тоа од само 28. Кривичните дела против правниот сообраќај достигнуваат најголем број во 2008 година, а најмал во 2011 и 2013 година каде бројот изнесува само 1.

**Табела 2:** Пријавени деца според кривично дело, видот на одлуката и полот во 2015 година

| | ВКУПНО | | Поднесен предлог за изрекување на казна-мерка | Постапката не е поведена | Подготвителната постапка е запрена |
|---|---|---|---|---|---|
| | Сите | Жени | | | |
| ВКУПНО | 772 | 37 | 503 | 166 | 103 |
| Кривични дела против животот и телото | | | | | |
| ВКУПНО | 68 | 1 | 56 | 7 | 5 |
| Убиство | 6 | - | 6 | - | - |
| Телесна повреда | 21 | 1 | 18 | 3 | - |
| Тешка телесна повреда | 23 | - | 17 | 2 | 4 |
| Убиство во тепачка | 15 | - | 14 | - | 1 |
| Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница | 3 | - | 1 | 2 | - |
| Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 3 | 1 | 1 | 2 | - |
| Кривични дела против честа и угледот | 1 | - | 1 | - | - |
| Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 19 | 1 | 15 | 3 | 1 |
| СИЛУВАЊЕ | 8 | - | 5 | 2 | 1 |
| Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години | 7 | - | 7 | - | - |
| ОСТАНАТО | 4 | 1 | 3 | 1 | - |
| Кривични дела против бракот, семејството и младината | 1 | 1 | 1 | - | - |
| Запуштање и малтретирање на дете | 1 | 1 | 1 | - | - |
| Кривични дела против здравјето на луѓето | 20 | 1 | 13 | 6 | 1 |
| Овозможување на употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори | 3 | - | 2 | - | 1 |
| Неовластено пр-во и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори | 17 | 1 | 11 | 6 | - |
| Кривични дела против имотот | 520 | 27 | 308 | 129 | 83 |
| Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството | 2 | - | 2 | - | - |
| Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот | 4 | 1 | 1 | 1 | 2 |
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | | | | | |
| Кривични дела против правосудството | 1 | 1 | 1 | - | - |
| Кривични дела против јавниот ред | 100 | - | 87 | 4 | 9 |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 2:** Број на деца пријавени во 2015 година според полот

Табелата 2 содржи податоци за пријавени деца според кривичното дело, видот на одлуката, како и полот на децата. Оваа табела дава приказ на вкупниот број на машки и женски деца, од кои женски се 37, а 735 се машки. Според добиените податоци од Државниот завод за статистика, поднесени се предлози за изрекување казна - мерка 503, постапката не е поведена кај 166, а подготвителната постапка е запрена кај 103. Во кривични дела против животот и телото опфатени се: убиствата, телесните повреди, тешките телесни повреди, убиствата во тепачки и загрозувањето со опасно орудие при тепачка или караница. Од тука, од вкупно 68 кривични дела против животот и телото, 6 се убиства, 21 се телесна повреда, 23 се тешки телесни повреди, 15 се убиства во тепачки и 3 загрозување со опасно орудие при тепачка или караница. Од вкупно 19 кривични дела против половата слобода и половиот морал, 8 отпаѓаат на силувања, а останатите се полови напади врз деца кои не наполниле 14 години. Од вкупно 20 кривични дела против здравјето на лугето, 3 отпаѓаат на овозможување на употреба на наркотични droги и психотропни супстанции, а 17 на неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанции. Кривичните дела против имотот се со најголем број, од нив 493 се сторени од машки деца, а 27 од женски. Од нив 308 се со поднесен предлог за изрекување казна мерка, против 129 постапката не е поведена, а против 83 подготвителната постапка е запрена. Бројот на другите кривични дела е незначителен во споредба со претходните, освен кај кривичните дела против јавниот ред и мир. Вкупниот број на ова кривично дело изнесува 100.

**Табела 3:** Пријавени деца според кривично дело, видот на одлуката и траењето на постапката

| | | ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА ОД ПРИЈАВА ДО ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | ДО 1 МЕСЕЦ | ОД 1-2 МЕС. | ОД 2-4 МЕС. | ОД 4-6 МЕС | ОД 6 МЕС. ДО 1 ГОД. | НАД 1 ГОД |
| Вкупно | 772 | - | 254 | 180 | 131 | 193 | 14 |
| Предлог за изрекување на казна мерка | 503 | - | 104 | 139 | 99 | 151 | 10 |
| Постапката не е поведена | 166 | - | 135 | 13 | 7 | 8 | 3 |
| Подготвителната постапка е запрена | 103 | - | 15 | 28 | 25 | 34 | 1 |
| Кривични дела против животот и телото | 68 | - | 25 | 10 | 6 | 23 | 4 |
| Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 3 | - | 3 | - | - | - | - |
| Кривични дела против честа и угледот | 1 | - | 1 | - | - | - | - |
| Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 19 | - | 3 | 5 | 7 | 3 | 1 |
| Кривични дела против бракот, семејството и младината | 1 | - | - | - | - | 1 | - |
| Кривични дела против здравјето на луѓето | 20 | - | 10 | 2 | 6 | 2 | - |
| Кривични дела против имотот | 520 | - | 179 | 121 | 92 | 119 | 9 |
| Кривични дела против јавните финансии, платен промет и стопанство | 2 | - | - | 1 | - | 1 | - |
| Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот | 4 | - | 1 | 1 | - | 2 | - |
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 33 | - | 16 | 9 | 5 | 3 | - |
| Кривични дела против правосудството | 1 | - | 1 | - | - | - | - |
| Кривични дела против јавниот ред | 100 | - | 15 | 31 | 15 | 39 | - |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 3:** Траење на постапката од пријава до донесување на одлука

Според податоците добиени од Државен завод за статистика, табелата 3 ни дава приказ на пријавените деца според кривичното дело, видот на одлуката, како и должината на траењето на постапката. Од вкупно 772 дела кај 254 дела траењето на постапката од пријава до донесување одлука изнесува од 1 до 2 месеци, кај 180 дела траењето е од 2 до 4 месеци, кај 131 дело траењето на постапката е од 4 до 6 месеци, кај 193 дела траењето е од 6 месеци до 1 година, а додека пак кај 14 кривични дела траењето на постапката од пријава до донесување на одлука изнесува над 1 година.

**Табела 4:** Пријавени деца според групите на кривични дела, полот и припадност кон етничката заедница

| | | ПРИПАДНОСТ КОН ЕТНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останати | Непознати |
| ВКУПНО | 772 | 302 | 134 | 18 | 257 | - | 4 | 11 | 8 | 38 |
| ЖЕНИ | 37 | 20 | 2 | - | 13 | - | - | - | - | 2 |
| Кривични дела против животот и телото | 68 | 30 | 16 | 3 | 12 | - | 1 | - | 1 | 5 |
| Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 3 | 1 | - | - | 1 | - | - | - | 1 | - |
| Кривични дела против честа и угледот | 1 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 19 | 7 | 1 | 1 | 8 | - | - | 1 | - | 1 |
| Кривични дела против бракот, семејството и младината | 1 | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - |
| Кривични дела против здравјето на луѓето | 20 | 13 | 6 | - | 1 | - | - | - | - | - |
| Кривични дела против имотот | 520 | 178 | 78 | 10 | 216 | - | 2 | 6 | 4 | 26 |
| Кривични дела против јавните финансии, платен промет и стопанство | 2 | - | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот | 4 | 1 | - | - | 2 | - | - | 1 | - | - |
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 33 | 17 | 12 | 1 | 2 | - | - | - | 1 | - |
| Кривични дела против правосудството | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| Кривични дела против јавниот ред | 100 | 55 | 18 | 3 | 14 | - | 1 | 3 | 1 | 5 |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 4.1:** Пријавени женски деца според групите на кривични дела и рипдноста на етничката заедница




**Графикон 4.2:** Пријавени машки деца според групите на кривични дела и рипдноста на етничката заедница

Според податоците добиени од Државен завод за статистика, табелата 4 ни дава приказ на вкупниот број на пријавени деца според групите на кривични дела, полот на децата и нивната припадност кон етничката заедница. Од вкупно 772 деца, 37 од нив се женски. Македонците се застапени во најголем број и тоа 302 деца од кои 20 се женски, потоа следуваат Ромите со вкупен број од 257 од кои женски 13, потоа Албанците со вкупен број од 134, од кои 2 женски, Турците 18, Бошњаците 11, Србите 4, при што сите овие се машки. Непознати се 38 од кои 2 се женски. Власите како етничка заедница воопшто не се опфатени.

**Табела 5:** Пријавени деца според местото на извршување на делото во 2015 година (Град Скопје)

| | | КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | животот и телото | слободите и правата на човекот и граѓанинот | половата слобода и половиот морал | јавни финансии, платен промет и стопанство | имотот | безбедност на јавниот сообраќај | правниот сообраќај | јавниот ред | останати кривични дела |
| Скопје | 338 | 19 | - | 6 | 1 | 234 | 2 | - | 68 | 8 |
| Гази Баба | 45 | 1 | - | 1 | - | 37 | 1 | - | 4 | 1 |
| Ѓорче Петров | 34 | 2 | - | 2 | - | 25 | - | - | 5 | - |
| Карпош | 52 | 2 | - | - | - | 33 | - | - | 16 | 1 |
| Кисела Вода | 43 | - | - | 1 | - | 35 | - | - | 4 | 3 |
| Центар | 72 | 4 | - | - | - | 47 | - | - | 19 | 2 |
| Чаир | 18 | 5 | - | - | 1 | 7 | 1 | - | 4 | - |
| Шуто Оризари | 11 | 1 | - | 2 | - | 6 | - | - | 2 | - |
| Аеродром | 31 | 1 | - | - | - | 18 | - | - | 12 | - |
| Бутел | 7 | 2 | - | - | - | 4 | - | - | - | 1 |
| Сарај | 5 | - | - | - | - | 5 | - | - | - | - |
| Арачиново | 1 | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - |
| Зелениково | 3 | - | - | - | - | 3 | - | - | - | 1 |
| Илинден | 9 | - | - | - | - | 7 | - | - | 2 | - |
| Петровец | 6 | 1 | - | - | - | 5 | - | - | - | - |
| Сопиште | 1 | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 5:** Пријавени деца според местото на извршување на делото во 2015 година

Табелата 5 според податоците од Државен завод за статистика ни дава приказ на сите пријавени деца според местото на извршување на делото. Опфатени се општините на територија на Град Скопје, па од тука можеме да забележиме дека најголем број на пријавени деца имаме во општина Центар и тоа 72. Најмал број пријавени деца се регистрирани во општините Арачиново и Сопиште со по 1 пријавено дете.

**Табела 5.1.** Пријавени деца според местото на извршување на делото (Република Македонија)

| | | КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | животот и телото | слободите и правата на човекот и граѓанинот | половата слобода и половиот морал | Јавните финансии, п.п. и стопанството | имотот | Безбедноста на јавниот сообраќај | Правниот сообраќај | Јавен ред | Останати кривични дела |
| ВКУПНО | 646 | 55 | 2 | 15 | 2 | 435 | 29 | - | 88 | 20 |
| Скопје | 338 | 19 | - | 6 | 1 | 234 | 2 | - | 68 | 8 |
| Берово | 4 | 3 | - | - | - | 1 | - | - | - | - |
| Битола | 34 | - | - | 4 | - | 27 | 3 | - | - | - |
| Валандово | 1 | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - |
| Велес | 10 | - | - | 4 | - | 6 | - | - | - | - |
| Виница | 6 | - | - | - | - | 4 | 1 | - | - | 1 |
| Гевгелија | 7 | 2 | - | - | - | 5 | - | - | - | - |
| Гостивар | 4 | - | - | - | - | 3 | 1 | - | - | - |
| Дебар | 7 | - | - | - | 1 | 6 | - | - | - | - |
| Делчево | 4 | - | - | - | - | - | 3 | - | - | 1 |
| Демир Капија | 6 | - | - | - | - | 6 | - | - | - | - |
| Кавадарци | 27 | 8 | 1 | - | - | 10 | 1 | - | 7 | - |
| Кичево | 2 | - | - | - | - | 2 | - | - | - | - |
| Кочани | 27 | 4 | - | 1 | - | 17 | 2 | - | 1 | 2 |
| Кратово | 5 | - | - | - | - | 4 | 1 | - | - | - |
| КриваПаланка | 14 | - | - | - | - | 12 | - | - | 1 | 1 |
| Крушево | 3 | - | - | - | - | 1 | 2 | - | - | - |
| Куманово | 43 | 3 | - | - | - | 29 | 4 | - | 7 | - |
| Македонска Каменица | 6 | - | - | - | - | 3 | - | - | - | 3 |
| Неготино | 14 | 2 | - | - | - | 11 | 1 | - | - | - |
| Охрид | 8 | 5 | - | - | - | 2 | - | - | - | 1 |
| Прилеп | 10 | - | - | - | - | 7 | - | - | 3 | - |
| Радовиш | 10 | 1 | - | - | - | 6 | 3 | - | - | - |
| Свети Николе | 3 | - | - | - | - | 2 | - | - | - | 1 |
| Струга | 10 | 1 | 1 | - | - | 7 | 1 | - | - | - |
| Струмица | 17 | 1 | - | - | - | 15 | 1 | - | - | - |
| Тетово | 20 | 6 | - | - | - | 8 | 3 | - | 1 | 2 |
| Штип | 6 | - | - | - | - | 6 | - | - | - | - |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 5.1:** Пријавени деца според местото на извршување на делото

Табелата 5.1 според податоците добиени од Државен завод за статистика ни дава приказ на пријавените деца според местото на извршување на делото. Во приказот од оваа табела опфатени се сите градови на територија на Република Македонија. Вкупниот

број на сите пријавени деца изнесува 646 од каде најмногу се јавуваат во Скопје и тоа 338. Најголем е бројот на кривични дела против имотот и тоа 435, за потоа да следат кривичните дела против јавниот ред, животот и телото, безбедноста на јавниот сообраќај, половата слобода и половиот морал и многу мал број, односно по 2 пријавени деца за кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот и јавните финансии, платниот промет и стопанството. Во вкупниот број пријавени деца освен Скопје, најбројни се во градовите: Куманово 43, Битола 34, Кавадарци и Кочани по 27, Тетово 20 и во останатите градови под 20. Најмал број пријавени деца имаме во Валандово и тоа само едно дете.

**Табела 6:** Обвинети деца според групите на кривични дела во период 2006-2015 година

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | **988** | **841** | **981** | **1030** | **751** | **1003** | **778** | **658** | **713** | **465** |
| Кривични дела против животот и телото | 66 | 56 | 54 | 60 | 68 | 100 | 58 | 57 | 52 | 53 |
| Кривични дела против слободата и правата на човекот и граѓанинот | 1 | - | 3 | 4 | 1 | 5 | 3 | 5 | 2 | 2 |
| Кривични дела против честа и угледот | 1 | - | 2 | 1 | 1 | 2 | - | - | - | 1 |
| Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 15 | 12 | 20 | 15 | 15 | 21 | 11 | 5 | 17 | 15 |
| Кривични дела против здравјето на луѓето | 11 | 7 | 15 | 9 | 9 | 17 | 10 | 13 | 6 | 8 |
| Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството | 6 | 11 | 7 | 5 | 13 | 8 | 9 | 3 | 4 | 6 |
| Кривични дела против имотот | 789 | 680 | 742 | 795 | 573 | 727 | 597 | 500 | 468 | 282 |
| Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот | 4 | 10 | 10 | 2 | 1 | 9 | 5 | 4 | 8 | 5 |
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 38 | 23 | 63 | 53 | 37 | 45 | 28 | 30 | 16 | 29 |
| Кривични дела против правниот сообраќај | 7 | 6 | 37 | 23 | 1 | 1 | 1 | - | - | 1 |
| Кривични дела против јавниот ред | 44 | 25 | 24 | 51 | 23 | 59 | 50 | 34 | 133 | 56 |
| Кривични дела против бракот, семејството и младината | 1 | 2 | - | - | 1 | 1 | - | 1 | 1 | - |
| Останати кривични дела | 5 | 9 | 4 | 12 | 8 | 8 | 6 | 6 | 6 | 7 |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 6:** Обвинети деца според групите на кривични дела во 2015 година

Според податоците од Државен завод за статистика табелата 6 ни дава приказ на сите регистрирани, обвинети деца според групите на кривични дела и тоа поодделно во

различни години, односно од 2006 па се до 2015 година. Најголем број на обвинети деца имаме во 2009-та година и тоа 1030 деца, а најмал во 2015 година и тоа 465 деца. Од табелата забележуваме постојан пораст на обвинетите деца од 2006 до 2009 година. Овој број се намалува на 751 обвинето дете, за да во 2011 година тој број повторно порасне до 1003 деца. Во 2015 година бројот на обвинети деца се намалува за речиси повеќе од половина во споредба со годините каде бројот на вкупно обвинети деца на територија на Република Македонија изнесувал 1030. Најголем број на обвинети деца имаме за кривични дела против имотот, а најмалку за кривични дела против слободата и правата на човекот и граѓанинот, против честа и угледот и против бракот, семејството и младината.

**Табела 7:** Обвинети деца според групите на кривични дела и видот на одлуката

| | | | ЗАПРЕНА ПОСТАПКА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | Изречени санкции | сите | Нема белези на кривично дело и дело од мало значење | Нема доказ дека обвинетиот го сторил кривичното дело | Причини за целесообразност | Околности што го исклучуваат гонењето | Тужителот се откажал од тужбата | Мерки на безбедност |
| **Вкупно Кривични дела** | **465** | **348** | **117** | **4** | **13** | **42** | **41** | **17** | **-** |
| против животот и телото | 53 | 43 | 10 | - | - | 1 | 7 | 2 | - |
| против слободата и правата на човекот и граѓанинот | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| честа и угледот | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| против половата слобода и половиот морал | 15 | 13 | 2 | - | - | - | 2 | - | - |
| против здравјето на луѓето | 8 | 7 | 1 | - | - | - | 1 | - | - |
| против имотот | 282 | 198 | 84 | 3 | 7 | 34 | 26 | 14 | - |
| против јвните финансии, п.п. и стопанството | 6 | 5 | 1 | - | - | 1 | - | - | - |
| против општата сигурност на луѓето и имотот | 5 | 2 | 3 | 1 | - | 2 | - | - | - |
| против безбедноста на јавниот сообраќај | 29 | 28 | 1 | - | - | 1 | - | - | - |
| против службената должност | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| против правосудството | 4 | 3 | 1 | - | 1 | - | - | - | - |
| против правниот сообраќај | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| против јавниот ред | 56 | 42 | 14 | - | 5 | 3 | 5 | 1 | - |
| против човечноста и меѓународното право | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




Графикон 7: Број на деца кај кои што е запрена постапката

Табелата 7 ни дава приказ за состојбата на бројот на обвинетите деца според групите на кривични дела и видот на одлуката. Од вкупно 465 кривични дела, изречени санкции имаме на 348, а на останатите запрена е постапката од повеќе причини, како на пример: нема белези на кривично дело и делото е од мало значење; нема докази дека обвинетиот го сторил кривичното дело; околности што го исклучуваат гонењето; тужителот се откажал од тужбата и сл. Најголем е бројот на кривични дела против имотот 282, а од тука и најголем е бројот на изречени санкции 198.

**Табела 8:** Обвинети деца според групите на кривични дела, видот на одлуката и притворот

| | ТРАЕЊЕ НА ПРИТВОРОТ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | до 3 дена | од 3 до 15 дена | од 15 дена до 1 мес. | од 1-2 мес. | од 2-3 мес. | над 3 мес. |
| ВКУПНО | 7 | - | 2 | 2 | - | 1 | 2 |
| Изречен затвор за деца или воспитна мерка | 7 | - | 2 | 2 | - | 1 | 2 |
| Кривични дела против животот и телото | | | | | | | |
| ВКУПНО | 3 | - | 1 | 1 | - | - | 1 |
| Изречен затвор за деца или воспитна мерка | 3 | - | 1 | 1 | - | - | 1 |
| УБИСТВО | 2 | - | 1 | - | - | - | 1 |
| Изречен затвор за деца или воспитна мерка | 2 | - | 1 | - | - | - | 1 |
| Тешка телесна повреда | 1 | - | - | 1 | - | - | - |
| Изречен затвор за деца или воспитна мерка | 1 | - | - | 1 | - | - | - |
| Кривични дела против имотот | | | | | | | |
| ВКУПНО | 3 | - | - | 1 | - | 1 | 1 |
| Изречен затвор за деца или воспитна мерка | 3 | - | - | 1 | - | 1 | 1 |
| ТЕШКА КРАЖБА | 3 | - | - | 1 | - | 1 | 1 |
| Изречен затвор за деца или воспитна мерка | 3 | - | - | 1 | - | 1 | 1 |
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | | | | | | | |
| ВКУПНО | 1 | - | 1 | - | - | - | - |
| Изречен затвор за деца или воспитна мерка | 1 | - | 1 | - | - | - | - |
| Загрозување на безбедноста на сообраќајот | 1 | - | 1 | - | - | - | - |
| Изречен затвор за деца или воспитна мерка | 1 | - | 1 | - | - | - | - |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 8:** Обвинети деца за сторени кривични дела и должина на траење на притворот

Од табелата 8 јасно гледаме дека истата ни дава приказ за состојбата на обвинетите деца според групите на кривични дела, видот на одлуката и притворот. Од вкупно 7 кривични дела против животот и телото, по две отпаѓаат на траење на притвор од 3 - 15 дена, од 15 дена до 1 месец и над 3 месеци. Само едно од овие вкупно 7 кривични дела отпаѓа на траење на притвор од 2 - 3 месеци. Кај убиствата, од вкупно извршени две убиства, на едно дете притворот му траел од 3 - 15 дена, додека на другото над 3 месеци. Кај извршената тешка телесна повреда, траењето на притворот траел од 15 дена до 1 месец. Од вкупно сторени 3 тешки кражби кај една од нив притворот е од 15 дена до 1 месец, кај втората од 2 - 3 месеци, а кај третата над 3 месеци. Против загрозувањето на безбедноста на сообраќајот, регистрирано е едно кривично дело и истото е со траење на притворот од 3 до 15 дена.

**Табела 9:** Осудени деца според кривичото дело, полот, обидот и изречените кривични санкции

| | | ДЕЦА ОД 14 ДО 16 ГОДИНИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | ВКУПНО | | | Дисциплински мерки | | Мерки на засилен надзор | | | Заводски мерки | |
| | сите | Жени | Обид | | Укор | Дисциплински центар | Родители старатели | Во друго семејство | Орган за старателство | Воспитна установа | Воспитно поправен дом |
| Вкупно | 404 | 24 | 9 | 92 | 22 | – | 39 | – | 27 | – | 4 |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 9:** Број на осудени деца над кои што е изречена некоја од кривичните санкции поради извршени кривични дела

Според податоците добиени од Државниот Завод за статистика, во табелата 9 опфатени се осудените деца според кривичното дело, полот, обидот, како и според изречените кривични санкции. Во оваа табела опфатени се деца од 14 до 16 години и изречените кривични санкции врз нив. Вкупниот број на осудени деца изнесува 404 од кои 24 се женски.

Осудени женски деца имаме кај следниве кривични дела: кривични дела против животот и телото (2), од кои што двете припаѓаат во категоријата телесна повреда; кривични дела против здравјето на луѓето (1); кривични дела против имотот (11); против општата сигурност на луѓето и имотот (1); против безбедноста на јавниот сообраќај (3); кривични дела против правосудството (2); против правниот сообраќај (1) и против јавниот ред (1). Најголем број осудени момчиња имаме за следниве кривични дела: кривични дела против животот и телото (41); кривични дела против имотот (187) и

кривични дела против јавниот ред (41). Од вкупниот број осудени деца кои што сториле некое кривично дело (404), изречени се вкупно 22 укори како дисциплинска мерка; изречени вкупно 66 мерки на засилен надзор и вкупно 4 заводски мерки (воспитно - поправен дом).

**Табела 10:** Осудени деца според групите на кривичните дела и припадноста кон етничките заедници

| | | ПРИПАДНОСТ КОН ЕТНИЧКАТА ЗАЕДНИЦА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Власи** | **Срби** | **Бошњаци** | **Останати** | **Непознати** |
| ВКУПНО | 348 | 110 | 85 | 8 | 81 | 1 | - | - | 2 | 61 |
| Кривични дела против животот и телото | 43 | 12 | 9 | 1 | 9 | - | - | - | - | 12 |
| Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 2 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| Кривични дела против честа и угледот | 1 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - |
| Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 13 | 5 | 1 | 1 | 5 | - | - | - | - | 1 |
| Кривични дела против здравјето на луѓето | 7 | 4 | 2 | - | - | - | - | - | - | 1 |
| Кривични дела против имотот | 198 | 58 | 45 | 2 | 55 | 1 | - | - | 2 | 35 |
| Кривични дела против јавните финансии, платен промет и стопанство | 5 | 3 | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот | 2 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 28 | 10 | 9 | 3 | 3 | - | - | - | - | 3 |
| Кривични дела против службена должност | 2 | - | 2 | - | - | | - | - | - | - |
| Кривични дела против правосудството | 3 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | 1 |
| Кривични дела против правниот сообраќај | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| Кривични дела против јавниот ред | 42 | 15 | 13 | 1 | 8 | - | - | - | - | 5 |
| Кривични дела против човечноста и меѓународнот право | 1 | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 10:** Вкупен број на осудени деца според припадност кон етничките заедници

Според добиените податоци од Државниот Завод за статистика, во табелата 10 ни е даден реален приказ на вкупниот број на осудени деца според групите на кривични дела како и припадноста кон етничката заедница. Од вкупно 348 осудени деца според групите на кривични дела, најголем број од нив се Македонски, и тоа 110, потоа следуваат Албанците со 85 и Ромите со 81 осудено дете. Како непознати се евидентирани вкупно 61 дете. Еден Влав и двајца останати. Срби и Бошњаци воопшто не се евидентирани, односно немаме ниту едно регистрирано дете со српска или бошњачка припадност кон етничката заедница кое што е осудено.

**Табела 11:** Осудени деца според семејните услови и групите на кривичните дела

| | | КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | животот и телото | слободите и правата на човекот и граѓанинот | Честа и угледот | половата слобода и половиот морал | имотот | Општата сигурност на луѓето и имотот | Безбедност на јавниот сообраќај | Правниот сообраќај | Јавниот ред | Останати кривични дела |
| ВКУПНО | 348 | 43 | 2 | 1 | 13 | 198 | 2 | 28 | 1 | 42 | 18 |
| Живее со родителите | 334 | 42 | 2 | 1 | 13 | 187 | 1 | 28 | 1 | 42 | 17 |
| Со двајца родители | 293 | 38 | 1 | - | 10 | 160 | 1 | 27 | 1 | 40 | 15 |
| Со таткото-мајката е почината | 5 | 1 | - | - | - | 2 | - | - | - | 2 | - |
| Со таткото – родителите се одвоени | 13 | 2 | 1 | - | 3 | 5 | - | 1 | - | - | 1 |
| Со мајката-таткото е починат | 6 | 1 | - | 1 | - | 4 | - | - | - | - | - |
| Со мајката-родителите се одвоени | 17 | - | - | - | - | 16 | - | - | - | - | 1 |
| Не живее со родители | 14 | 1 | - | - | - | 11 | 1 | - | - | - | 1 |
| Живее со брачен другар | 1 | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - |
| Живее со роднини | 1 | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | - |
| Живее со други лица | 3 | - | - | - | - | 3 | - | - | - | - | - |
| Живее со друго семејство | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Живее во социјална воспитна установа | 6 | 1 | - | - | - | 5 | - | - | - | - | - |
| Живее сам | 3 | - | - | - | - | 1 | 1 | - | - | - | 1 |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 11:** Број на осудени деца поделени според семејните услови во кои живеат

Податоците добиени од Државен завод за статистика во делот на осудени деца според семејните услови и групите на кривични дела ни ја отсликуваат следната состојба: од вкупно 348 осудени деца, 334 од нив живеат со родителите, односно 293 од нив живеат со двајцата родители, 5 живеат со таткото, а мајката е почината, 6 живеат со мајката а таткото е починат. Во случаите кога родителите се одвоени 13 деца живеат со таткото, а 17 од нив со мајката. 14 малолетни лица од вкупниот број воопшто не живеат со родителите. 6 живеат во социјално - воспитна установа, по 3 од децата живеат со други лица и живеат сами, а по едно дете живее со брачен другар и роднини. Најголем е бројот на деца кои што живеат со двајцата родители и имаат сторено кривично дело и при тоа се осудени за истото. Бројот на истите е 239. Дури 160 кривични дела против имотот имаат сторено деца кои што живеат со двајцата родители. Од тука пак, 38 деца сториле кривични дела против животот и телото, 40 против јавниот ред. Во принцип, без разлика на тоа во која категорија на семејни услови живеат децата, односно со кого живеат, најголем е бројот на сторени кривични дела против имотот. Најмал број на сторени кривични дела има кај децата кои живеат сами и со други лица, односно со брачен другар или роднини. Нема ниту еден случај каде што се појавува осудено дете кое што живее со друго семејство.

**Табела 12:** Осудени деца според групите на кривични дела и школската подготовка

| | | Училиште што сега го посетуваат | | | | Одделение - клас | | | | | | Не посетува училиште |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | Основно | Средно | Више-високо | Непоз-нато | 1-4 одд | 5-8 одд | 1 и 2 клас средно | 3 и 4 клас средно | Виша висока школа | Непоз-нато | |
| ВКУПНО | 348 | 30 | 158 | - | 13 | - | 30 | 73 | 85 | - | 13 | 147 |
| Кривични дела против животот и телото | 43 | 9 | 18 | - | 2 | - | 9 | 8 | 10 | - | 2 | 14 |
| Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 2 | - | 2 | - | - | - | - | - | 2 | - | - | - |
| Кривични дела против честа и угледот | 1 | - | 1 | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - |
| Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 13 | 1 | 5 | - | 1 | - | 1 | 2 | 3 | - | 1 | 6 |
| Кривични дела против здравјето на луѓето | 7 | 1 | 5 | - | - | - | 1 | 1 | 4 | - | - | 1 |
| Кривични дела против имотот | 198 | 16 | 67 | - | 9 | - | 16 | 33 | 34 | - | 9 | 106 |
| Кривични дела против јавните финансии, платен промет и стопанство | 5 | - | 2 | - | - | - | - | - | 2 | - | - | 3 |
| Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот | 2 | - | 2 | - | - | - | - | 1 | 1 | - | - | - |
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 28 | 2 | 16 | - | - | - | 2 | 6 | 10 | - | - | 10 |
| Кривични дела против службена должност | 2 | 1 | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - | 1 |
| Кривични дела против правосудството | 3 | - | 2 | - | 1 | - | - | 1 | 1 | - | 1 | - |
| Кривични дела против правниот сообраќај | 1 | - | 1 | - | - | - | - | 1 | - | - | - | - |
| Кривични дела против јавниот ред | 42 | - | 37 | - | - | - | - | 19 | 18 | - | - | 5 |
| Кривични дела против човечноста и меѓународното право | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 12:** Осудени деца кои сториле кривично дело и нивната школска подготовка

Според податоците од Државен завод за статистика во табелата 12 прикажани ни се бројот на осудени деца според групите на кривични дела и школската подготовка. Од оваа табела јасно се гледа поврзаноста помеѓу образованието и осуденоста за некое кривично дело. Од добиените податоци можеме да заклучиме дека речиси и да нема никакво големо отстапување во бројот на осудени деца и тоа кај децата кои посетуваат средно училиште и кај децата кои воопшто не посетуваат училиште. Таа бројка е 158 спрема 147 и од тука можеме да заклучиме дека образованието речиси и да нема никаква поврзаност со извршувањето на кривичните дела. Не постои ниту едно дете кое што посетува основно образование од 1 - 4 одделение кое што има сторено некое кривично дело, а за разлика од нив бројот на деца кои што се осудени за сторено кривично дело, а сеуште посетуваат основно образование од 5 - 8 одделение, бројот на истите е дури 30.

**Табела 13:** Осудени деца според занимањето на таткото-мајката и семејната состојба

| | ВКУПНО | Сите | Со родителите | Со таткото-мајката е почината | Со таткото-родителите се одвоени | Со мајката-таткото е починат | Со мајката-родителите се одвоени | Сите | Живее со други лица | | | | | Живее сам |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | Со брачен другар | Со роднини | Со други лица | Во др. семејство | Во воспитно-казнена установа | |
| ВКУПНО | 348 | 334 | 293 | 5 | 13 | 6 | 17 | 14 | 1 | 1 | 3 | - | 6 | 3 |
| Занимање на таткото | | | | | | | | | | | | | | |
| Дирекори | 6 | 6 | 6 | 5 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Стручњаци и научници | 5 | 5 | 5 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Техничари и сродни занимања | 14 | 14 | 12 | - | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Работници во услужни дејности и продавачи | 6 | 6 | 6 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Стручни земјоделски работници | 12 | 12 | 11 | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Занимања за неиндустриски работници | 47 | 47 | 46 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Ракувачи на машини | 7 | 7 | 6 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Елементарни занимања | 60 | 60 | 58 | 1 | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Невработени | 42 | 42 | 33 | - | 3 | - | 3 | - | - | - | - | - | - | - |
| Пензионери | 2 | 2 | 2 | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Непознато | 147 | 133 | 108 | - | 5 | 6 | 14 | 14 | 1 | 1 | 3 | - | 6 | 3 |
| Занимање намајката на детето | | | | | | | | | | | | | | |
| Директори | 1 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Стручњаци и научници | 3 | 3 | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Техничари и сродни занимања | 9 | 9 | 9 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Работници во услужни дејности и продавачи | 6 | 6 | 3 | - | - | 1 | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| Стручни земјоделски работници | 6 | 6 | 6 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Занимања за неиндустртиски работници | 11 | 11 | 10 | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Елементарни занимања | 13 | 13 | 11 | - | - | - | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| Невработени | 55 | 54 | 40 | - | 4 | 1 | 9 | 1 | 1 | - | - | - | - | - |
| Домаќинки | 99 | 99 | 98 | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Непознато | 145 | 132 | 112 | 5 | 9 | 2 | 4 | 13 | - | 1 | 3 | - | 6 | 3 |

*Извор*: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 13.1:** Број на осудени деца според занимањето на таткото и семејната состојба




**Графикон 13.2:** Број на осудени деца според занимањето на мајката и семејната состојба

Според податоците од Државен завод за статистика, табелата 13 ни дава реален приказ за бројот и поврзаноста помеѓу осудените деца и занимањето на таткото / мајката и семејната состојба. Од податоците кои што ги поседуваме, а добиени од ДЗС, јасно се гледа дека најголем број од децата кои што сториле кривично дело и притоа се осудени за истото, се деца кои што живеат со двајцата родители. Па така од вкупно 348 осудени деца, дури 293 од нив живеат со двајцата родители. Убедливо најголем е бројот на деца сторители на кривични дела каде што занимањето на мајката / таткото на детето е непознато. Според бројноста следуваат осудени деца каде таткото е во категоријата елементарни занимања, а мајката е домаќинка. Најмал број на осудени деца за направени кривични дела имаме во категориите каде занимањето на мајката и таткото се директори, стручњаци и научници и пензионери. Регистрирани се само 3 деца сторители на кривични дела кои што живеат сами, 6 кои што живеат во воспитно - казнена установа, 3 кои што живеат со други лица и по 1 дете кое што живее со брачен другар или роднини.

**Табела 14:** Осудени деца според статус на родителите при раѓањето, семејната состојба и кривично дело

| | | КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО | Животот и телото | Слободите и правата на човекот и граѓанинот | Честа и угледот | Половата слобода и половиот морал | имотот | Општата сигурност на луѓето и имотот | Безбедноста на јавниот сообраќај | Правниот сообраќај | Јавниот ред | Останати кривични дела |
| ВКУПНО | 348 | 43 | 2 | 1 | 13 | 198 | 2 | 28 | 1 | 42 | 18 |
| Живее со родителите | 334 | 42 | 2 | 1 | 13 | 187 | 1 | 28 | 1 | 42 | 17 |
| Не живее со родителите | 14 | 1 | - | - | - | 11 | 1 | - | - | - | 1 |
| Брачно | 274 | 40 | 2 | 1 | 10 | 144 | 1 | 22 | 1 | 40 | 13 |
| Живее со родителите | 266 | 39 | 2 | 1 | 10 | 137 | 1 | 22 | 1 | 40 | 13 |
| Не живее со родителите | 8 | 1 | - | - | - | 7 | - | - | - | - | - |
| Вонбрачно | 12 | - | - | - | 2 | 10 | - | - | - | - | - |
| Живее со родителите | 12 | - | - | - | 2 | 10 | - | - | - | - | - |
| Непознато | 62 | 3 | - | - | 1 | 44 | 1 | 6 | - | 2 | 5 |
| Живее со родителите | 56 | 3 | - | - | 1 | 40 | - | 6 | - | 2 | 4 |
| Не живее со родителите | 6 | - | - | - | - | 4 | 1 | - | - | - | 1 |

Извор: Државен завод за статистика 2015




**Графикон 14:** Број на осудени деца според статус на родителите пре раѓањето

Според податоците добиени од Државен завод за статистика, табелата 14 ни дава приказ за бројот на осудени деца според статусот на родителите при раѓањето. Од вкупно 348 осудени деца, со родителите живеат 334, а без нив 14 деца. Регистрирани се вкупно 274 деца на кои што родителите им се во брак, а од нив 266 живеат со родителите, а 8 не живеат со нив. Во втората категорија, од регистрирани 12 осудени деца, сите 12 живеат со родителите и при тоа овие родители живеат вонбрачно. За 62 осудени деца од вкупниот регистриран број, непознат е статусот на родителите со кои што децата живеат. Најголем број од осудените деца кои што припаѓаат во оваа категорија каде што е непознат брачниот статус на родителите на децата, истите живеат со нив, а само мал број од нив односно 6 не живеат со нив.

# ЗАКЛУЧОК

Социјалната заштита сама по себе е област која што бара едно постојано прилагодување, како на потребите на корисниците, така и кон самите реални можности на системот и на државата да ги остварува овие политики. Системот на социјана заштита во Република Македонија и покрај неговото реформирање во изминатиот период, се соочува со одредени пречки и слабости кои се одразуваат врз самиот квалитет на заштитата.

Капацитетите за креирање на политиката во доменот социјалната заштита во Република Македонија се значително зајакнати споредено со периодот непосредно по осамостојувањето на нашата држава. Реформските процеси кои се одвиваа интензивирано во изминатите години, се апсолутен показател на напредокот во овој домен. Но, сепак, сеуште постои потребата од унапредување на капацитетите за креирање на политиката со цел ефикасно, ефективно, одржливо и транспарентно планирање.

Учеството на релевантните актери во креирањето на политиката дополнително треба да се зајакнува. Очигледно е дека планирањето на мерките и на промените недоволно е засновано на претходни истражувања, евалуации и анализи, па од тука не се инвестира доволно во примарни истражувања кои што би претходеле, би снабдувале со податоци за реалните потреби на граѓаните и би претставувале основ за креирањето на самата социјална политика.

Од аспект пак на имплементација на политиките, клучниот недостаток кој повеќе години наназад го привлекува вниманието на практичарите, а со самото тоа и на креаторите на политиката и бил предмет на повеќе дебати, се лоцира токму во поставеноста на системот кој продуцира доминантна работа на професионалните служби, пред се на Центрите за социјална работа, а тоа е остварување на правата на парична помош од социјална заштита и занемарување на социјалните услуги.

Во самата практика се забележува поклопување и недостаток на одредени услуги кои треба да ги дава Центарот за социјална работа до што доаѓа и поради парцијалниот пристап во идентификување на потребите на корисниците, но истовремено и поради нејасна поделба на улогите и одговорностите и отсуство на меѓусистемска соработка со останатите релевантни институции и служби и непланскиот пристап во понудата на услугите. На сериозноста на проблемите со кои се соочуваат Центрите за социјална работа укажува и слабата кадровска и техничка екипираност, несоодветното управување со човековите ресурси, како и несистематската и недоволната континуирана едукација.

Што се однесува пак до институционалната заштита во Република Македонија, утврдена е потребата за подобрување на квалитететот на услугите, унапредување на стручната работа со корисниците на услугите и зајакнување на мрежата на установи, особено со фокус на алтернативните облици на заштита. Самото подобрување на

квалитетот на услугите во установите, хуманизација на условите за живот и трансформација на постоечките и воспоставување на нови современи облици на институционална заштита со значително помал капацитет отколку постоечките масовни институции, се клучните предизвици во овој домен.

За разлика пак од институционалната заштита, на вонинституционалната заштита е посветено многу поголемо внимание по самиот процес на реформирање на системот. Воведени се огромен број на форми на услуги за дневно и привремено згрижување за повеќе категории на корисници. Во праксата, фокусот е ставен пред се на формите кои ги таргетираат децата и лицата со инвалидност, за сметка на возрасните и старите лица. Обемот на постоечките услуги за овие категории на граѓани е недоволен, поради што останува потребата за натамошно развивање и збогатување на вонинституционалните услуги со нови форми.

Во рамките на постоечкиот систем за деца без родителска грижа и деца во ризик од губење на родителска грижа, не постојат задоволителен број на услуги и по форма и по содржина. Ваквите услуги се претежно ограничени на сместување во јавни институции или во згрижувачки семејства, со за жал незначителни активности на полето на социјалната превенција и работа со семејствата во ризик на спречување на одвојување на децата од биолошките родители, односно биолошките семејства. Иако во последните години значително е подобрена законската регулатива во однос на заштитата на децата под ризик (деца на улица, деца жртви на семејно насилство, деца - жртви на трговија со деца, деца - жртви на сексуално насилство, деца сторители на кривични дела, деца на самохрани родители), во практичната имплементација недостигаат човечки и институционални капацитети за поголем опфат за семејствата под ризик во самиот систем на социјална заштита.

Голем дел од потребите на децата без родителска грижа, не се задоволени. Кај децата во ризик од губење на родителска грижа има значително пониско ниво на задоволеност на сите потреби: биолошки, социјални и психолошки, додека кај децата без родители и родителска грижа треба повеќе да се работи на задоволување на психолошките потреби. Потешкотии во остварувањето на правата на децата од различни области, се забележани и заради тоа што децата сеуште не се третираат како субјекти со посебни права, обврски и интереси. Токму во таа насока потребни се поголеми активности од сите субјекти за почитување на основните принципи за недискриминација, за најдобриот интерес на децата, како и партиципација на децата во донесувањето на одлуките.

Исто така, постои и недоволна и неадекватна поврзаност и соработка меѓу системот на социјалната заштита и образовниот и здравствениот систем.

Згрижувањето на деца изложени на социјален ризик, во згрижувачко семејство е една од формите на заштита во делот на вонинституционалната заштита. Поголем број од децата кои се сместуваат во згрижувачки семејства се деца со посебни потреби. Ова најмногу е резултат на промовирањето на згрижувањето во семејство во процесот на

деинституционализација на децата со посебни потреби кои, најчесто од разни причини, не можат да се вратат во своите биолошки семејства.

Децата кои се наоѓаат под социјален ризик можат да бидат згрижени во: згрижувачки семејства, мал групен дом, кај роднини, во дневни центри или во некоја од установите од социјалната заштита.

Системот на згрижување на децата во згрижувачки семејства во Поранешна Југословенска Република Македонија беше формиран во шеесеттите години, како дел од системот за социјална заштита. Згрижувањето на децата изложени на социјален ризик во згрижувачки семејства е тема која што, со поддршка на УНИЦЕФ, паралелно со процесот на деинституционализација, е предмет на интензивна промоција уште од 1998 година.

Одземањето на родителското право како основна причина за спреченост на мајката/таткото за извршување на родителското право, се јавува во мал број на случаи. Значително е поголем бројот на деца кои што се во ситуација на ризик од губење на родителската грижа. Иако за ова не постои официјална база на податоци, изразено високата стапка на сиромаштија и невработеност предизвикуваат и за жал продлабочуваат низа на социјални проблеми во семејството, како што се: алкохолизам, наркоманија, проституција, семејно насилство, малолетнички бракови и слично. Сето ова води кон образовна исклученост, односно ниски образовни достигнувања токму кај оваа категорија на деца.

Згрижувањето на дете во згрижувачко семејство подразбира времено решение на згрижување во ситуации кога биолошкото семејство неможе да се грижи за своето дете. Очекуваниот резултат од згрижувањето е дека детето ќе се врати во своето биолошко семејство, кога ќе се нормализираат условите за тоа. Повеќето деца влегуваат во системот на згрижување поради проблемите што ги доживуваат со својот родител или родители, а кои се очекува да бидат решени. Кога проблемите во домот резултираат со злоупотреба или занемарување на детето, интервенираат службите задолжени за заштита на децата и детето привремено го сместуваат во безбедна средина.

Згрижувањето на децата во згрижувачки семејства, кои имаат цел да бидат од времен карактер, зависи од тоа дали и кога биолошките родители на децата во социјален ризик, ќе го подобрат својот капацитет за да се грижат за своите деца.

Сместувањето на помалите деца во згрижувачки семејства обично е поврзано со постоењето на комплексни проблеми како во домот, така и во самото семејство.

Со цел да се привлечат и заинтересираат нови семејства да се вклучат во системот на згрижување, потребно е промовирањето на згрижувањето да се унапреди преку кампањи како на локално така и на национално ниво.

Изборот на згрижувачките семејства е важна компонента за успех на самото згрижување. Потребно е континуирано да се пласираат и дистрибуираат општи информации за формите на вонинституционалното згрижување на децата во социјален

ризик. Потребно е да се изготват прирачници и упатства за згрижување, наменети за згрижувачките семејства и други информативни материјали за пошироката јавност. Сето ова може да се прави преку отворени повици или специјализирани програми за регрутирање за разни видови на сместување.

Потребни се редовни кампањи на национално и локално ниво за да се привлече јавното мислење и да се привлечат потенцијалните згрижувачки семејства. Потребно е да се организираат и локални кампањи за промовирање на ваквиот тип на згрижување на децата кои се наоѓаат под некои од социјалните ризици.

Земено во целина, квалитетот на вонинституционалната заштита и формите кои произлегуваат од неа е на високо ниво. Децата се добро прилагодени, добро прифатени и соодветно згрижени во топла и соодветна средина. Но, сепак постојат и одредени аспекти на згрижувањето кои треба дополнително да се унапредуваат. Иако е очигледно дека децата се добро згрижени во згрижувачките семејства и дека се задоволуваат нивните основни потреби, потребни се активности за подобрување на социјализацијата, како и културниот живот. Мал е бројот на згрижени деца со една од овие вонинституционални форми кои имаат пристап до дневните центри каде би се социјализирале со други деца, како и пристап до културни и забавни настани во локалната заедница. Потребно е да се интензивира и професионалната работа со децата додека се сместени во една од формите на вонинституционалната заштита.

# ПРЕПОРАКИ

Отстранувањето на детето од домот и сместувањето на истото во згрижувачко семејство, било времено или трајно, изгледа дека не се користи како последна мерка откако сите други обиди за детето да се грижат неговите биолошки родители се покажале како недоволни или несоодветни. Од тука можеме да заклучиме дека потребно е да се воведат Програми за зачувување во семејството, за да се овозможат социјални услуги за семејствата кои имаат деца во ризик од занемарување, злоупотреба или кои имаат бунтовно и деликвентно однесување. Овие програми треба да се фокусираат на тоа да го отстранат ризикот за детето, наместо да го отстранат детето од семејството, односно од домот. Отстранувањето на детето од своето биолошко семејство за времено или постојано сместување во згрижувачко семејство не се користи како последна опција откако како недоволни и несоодветни ќе се покажат сите облици за грижа на детето од страна на неговите биолошки родители.

Исклучително внимание треба да се посвети на развојот и унапредувањето на превенцијата и социјалните услуги. Самата социјална превенција, која што до сега не беше оспорувана и чија важност за спречување на појавите на социјалните проблеми отсекогаш била признавана од страна на креаторите на политиката во Република Македонија, сеуште неможеме да кажеме дека е доволно развиена. Очигледно е дека залагањата за социјалната превенција сеуште се само на ниво на наративни заложби, додека конкретни форми и облици преку кои би се реализирала сеуште се недоволно застапени во практиката.

Земајќи ја во предвид ваквата состојба, а со цел да се одговори на постоечките потреби, потребно е да се предложат решенија за надминување на постоечките идентификувани недостатоци во системот на социјалната заштита во нашата земја.

Проблемите за заштита на децата, жртви на семејно насилство, потребно е да се решаваат со координирани мерки и активности утврдени во повеќе области и се со цел ефектите да бидат во интерес на заштитата на децата.

Решавањето на проблемот со децата на улица претставува огромен предизвик за сите институции и органи кои што работат на полето на заштита на правата на децата.

Од голема важност е превземањето на мерките кон родителот кој го злоупотребува вршењето на родителското право или грубо го занемарува вршењето на родителските должности, со наведување на детето на питачење, користење за питачење, присилување на работа и слично.

Евиденциите на Меѓуопштинските центри за социјална работа укажуваат дека е потребна поголема институционална соработка од една страна, но и поголема соработка и волја на родителите со соодветните надлежни институции. Станува збор за родители кои што се без образование или со многу ниско образование.

Имајќи го во предвид инклузивното образование и огромното значење на истото за децата со аутизам, се налага да се превземат мерки за обезбедување на просторни услови за работа со децата и мерки за соодветно прилагодување на наставниот материјал, согласно потребите на децата со аутизам. Потребно е да создадат инклузивни тимови и во таа насока да се вработат дефектолози кои што ќе работат со децата секојдневно, односно ќе ги водат низ воспитно-образовниот процес. Потребата од континуирани обуки за наставниот кадар во основните училишта за работа со деца со аутистичен спектар на нарушување, согласно потребите на децата, за ефективно и пред се ефикасно образование.

Од огромна важност е да се потенцира дека потребно е да се подигне нивото на вклученост на родителите при изработката на индивидуалните образовни планови, но и при реализирање на содржините за децата со аутизам.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Albert J. Reiss, *Understanding and prevemting Violence*, National Academy of Sciences, USA 1993.

Ammerman R.T., Hersen M.: *Case Studies in family violence*, Secound Edition, Kluwer Academic and Plenum Publishers, New York, 2000.

Ammerman R.T., Hersen M.: *Children at risk: An Evaluating of Factors contributing to eglect*, Child Abuse and Plenum Press, New York, 1990.

Ангелески, Методија: *Проституцијата во Македонија*, Студентски збор, Скопје, 1987.

Austrian Development Cooperation: *На Патот Кон ЕУ: Придонесот на граѓанското општество во креирањето на политиката за социјално вклучување на Република Македонија*, Некст Принт, Скопје.

Basic J., Jankovic J. (urednici), *Rizicni i zastitni cimbenici u razvoju poremecaja u ponasanju djece i mladezi*, Kratis, Zagreb, 2001.

Богоевска, Н., Борнарова, С. (2013) *Анализа на социјалната состојба на децата кои ја загубиле или се изложени на ризик од губење на родителската грижа во град Скопје*, Уницеф, Скопје.

Борнарова, С. (2008) *Извештај од евалуација згрижување во друго семејство*, Скопје, Филозофски Факултет.

Борнарова, С. (2012) *Социјална работа со семејство*, Скопје:Филозофски Факултет.

Видановиќ И. (1996) *Поединец и породица*, Народна библиотека Србије, Београд.

Димитријоска, С. (2009) *Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела, Скопје*, Филозофски Факултет.

Димитријоска, С. (2001) *Интервентни форми во социјална работа со деца под ризик*, Улични деца/деца на улица, Филозофски Факултет, Skopje

Димитријоска С., Доневска М., и др. (2004) *Емпириска анализа на проблемите на децата во ризик и евалуација на постоечки заштитни фактори*, Уницеф, Скопје.

Доневска М. (1999) *Теоретски основи на социјална работа*, Филозофски факултет, Скопје.

Доневска М. (2006) *Социјална работа во локална заедница*, Филозофски факултет, Скопје.

Доневска, М. (2010), *Извештај од истражувањето за утврдување на причините за нередовно посетување на основното образование кај децата Роми*, Скопје: Институт Отворено Општество Македонија.

*European Convention of Human Rights*, Council of Europe, 1950.

*European Convention of Childen's Rights*, Council of Europe, 1996.

Zvonarevic, Mladen: *Socijalna psihologija*, Beograd, 1972.

*Здружение за заштита на правата на детето - Скопје*, Центар за детска правда, Правата на детето и малолетничка правда, Скопје, 2002.

*Информација за работата на центрите за жртви на семејно насилство и центрите за социјална работа на проблематиката на семејно насилство*, Скопје, ЈУ Завод за социјални дејности, 2005.

Jankovic, Ivan – Pesic, Vesna: *Drustvene devijacije: Kritika socijalne patologije, Visa skola za socijalne radnike*, Beograd, 1981.

Јовановиќ, Амалија (1998). *Родноста и планирањето на семејството во Република Македонија*, Метаморфоза, Скопје

Marinkovic-Pejovic, D.: *Mesto i uloga porodice u suzbijanju orestupnistva kod maloletnika*, Narodna milicija, Beograd 1958/5, str. 3-11.

Матилов, Наум (2002). *Социологија на бракот и семејство* (2002). Институт за социолошки и полотичко-правни остражувања, Скопје.

Mladenovic, dr Marko (1973). *Drustvena zastita porodice i dece*, Beograd, Rad.

Панева, М. (2012) *Заштита на децата во Република Македонија*, Скопје.

Петре Георгиевски, *Методологија на истражувањет на општествени појави*, Скопје, Март 1998.

Петрова Д., *Семејно Насилство во Македонија*, Скопје, ЈУ Завод за социјални дејности, 2006.

*Превенција на проституцијата*, Годишник на факултетот за безбедност и општествена замозаштита, Скопје, 1985, стр. 193-210.

*Проституцијата и нејзината поврзаност со другите социјално-патолошки појави*, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Скопје, 1994/2 стр. 388-396.

Ружин, Нано (2004). *Социјална политика*, Скопје.

Савовска М., Гелевска М., Велковска С., *Водич за постапување на професионалните структури при заштита од семејно насилство*, Здружение на граѓани Акција Здруженска, Скопје, 2008.

Спировиќ-Трпеновска, Љиљана (1997). *Семејно право*, Студентски збор, Скопје

Стојановска Р., *Се повеќе жртви на сексуално насилство*, Време (дневен весник) 1 Јули, 2006.

Сулејманов, Зоран: *Пенологија*, Второ дополето и изменето издание, Графохартија, Скопје, 1999.

Сулејманов, Зоран: *Малолетникот сторител на кривичното дело убиство*, Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 1987, стр. 199-215.

Трајковски, Димитрија (1998). *Семејството во системот на социјална заштита*, Менора, Скопје,

Трајковски Димитрија/Сланинка-Динева, Мирјана (2003). *Детска заштита во Република Македонија*. Светлост-Графика, Скопје.

Тозија Ф., Ѓорѓев Д., Чичилиева С., *Извештај за насилство и здравје во Македонија и водич за превенција*, Министерство за здравство на Република Македонија, Скопје, 2006.

UNICEF: *Institutional Assessment of the Responsiveness of Service providers to Violence against Childen in Macedonia*, Skopje, 2005.

Хаџи Василев, Миле (1990). *Семејно право*, Студентски збор, Скопје.

Чонева Љ., *Семејно насилство врз детето*, Скопје, Годишник на институтот за социолошки и политички-правни истрашувања.

**Национално законодавство**

Закон за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 148/2013).

Закон за семејнство (Службен весник на РМ, бр. 153/2014).

Закон за заштита на децата (Службен весник на РМ, бр. 23/2013).

Закон за основно образование (Службен весник на РМ, бр. 98/2015)

Закон за средно образование (Службен весник на РМ, бр. 24/2013)

Закон за правда за децата (Службен весник на РМ, бр. 148/2013)

Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр. 5/2002)

Закон за здруженијата и граѓанските фондации (Службен весник на РМ, бр. 52/2010)

Крицичен законик на РМ (Службен весник на РМ, бр. 142/2012)

Компаративен предмет на Законодавството во Република Македонија и Конвенцијата за правата на детето, 2010 Скопје.

Влада на Република македонија, Министерство за труд и социјална политика, (2010), Национална програма за развој на социјалната заштита 2011-2021, Скопје: Влада на Република Македонија

Национална стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита во Република Македонија (2008-2018).

Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2014 година.

**Интернет страници**

www.unicef.com

www.pravo.gov.mk

www.mtsp.gov.mk

www.idividi.mk

www.sos.org.mk

www.moi.gov.mk

http://www.pravdiko.mk/komparativen-pregled-na-zakonodavstvoto-vo-rm-i-konventsijata-za-pravata-na-deteto/

http://www.childrensembassy.org.mk/konvencija-za-pravata-na-decata.nspx

http://www.osce.org/mk/skopje/110440

http://oneworldsee.org/node/1642